**Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје**

Филозофски факултет

Институт за археологија

Магистерски труд:

# ДЕБОЈ

Животот во Лихнид во античко време преку некрополата

Ментор:

Доц. д-р Марјан Јованов

Кандидат:

Перо Арџанлиев

Бр. на индекс: 2320

Скопје, 2013година

## Содржина:


**Вовед** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

**Историски и геополитички прилики во антиката во Лихнидскиот регион** . . . . . . 7

**Некрополата Дебој** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

**1.** Местоположба и простирање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19

**2.** Опис на откриените гробови-Каталог. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23

**3.** Начин на погребување, гробни конструкции и погребни обичаи . . . . . . . . . . . . . 90

**Гробни прилози (типологија, аналогии и хронологија)** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 98

**1.** Керамика. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 98

**2.** Бронзени садови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 117

**3.** Накит. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 121

**4.** Оружје. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 129

**5.** Монети. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 133

**6.** Теракота. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 146

**Завршни согледувања** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 148

**Извори** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 155

**I. Скратеници** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 156

**II. Библиографија** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 157

**Табли** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 163

# Вовед

Во Студијата за животот во Лихнид во античко време преку некрополата, подложен на проучување ќе биде подвижниот археолошки материјал откриен со заштитните систематски археолошки истражувања вршени на просторот од античката некропола која се наоѓа кај месноста "Дебој", во периодот меѓу 1978 и 1980 година, раководени од археологот Владо Маленко.*

Хронолошки трудот го опфаќа периодот од средината на IV век до крајот на I век од старата ера што се поклопува со во науката прифатениот хеленистички период. Преку прегледот на историско-геополитичките услови упатувам подетално на просторот и на условите во кој се јавува материјалната култура која ќе биде предмет на истражување. Античкиот град Лихнид заради својата идеална местоположба, покрај бреговите на богатото со риба Лихнидско езеро, како и поради фактот што покрај него поминува една од најзначајните антички комуникации т.н. Кандависки пат, од дамнина претставувал идеален простор кој човекот во различни периоди го избирал како свое место за живеење. Оттаму во овој регион се забележува еден долг континуитет на човековото битисување кој преку археолошките податоци можеме да го следиме и до одреден степен да го реконструираме. Со својата местоположба меѓу трите моќни етникуми Илирскиот, Епирскиот и Македонскиот, регионот директно зависел од меѓусебните односи на нивните кралства. Во овој долг континуитет во различни периоди се забележуваат падови но и успони диригирани токму од тие геополитички услови во регионот.Тоа најубаво се гледа во хеленистичкиот период кога во Лихнид и областите околу него, со зацврстувањето на централната македонска власт по освојувањата на овие области од страна на Филип II, се забележува една благосостојба која може да се констатира и преку богатите наоди откриени во античката некропола кои ќе бидат предмет на истражувања во овој труд.

Во рамките на студијата каталошки ќе бидат презентирани сите гробни целини откриени со заштитните археолошки истражувања вршени на просторот од античката некропола која се наоѓа кај месноста "Дебој", кои хронолошки припаѓаат на периодот од средината на IV век до крајот на I век од старата ера.

Претставувањето на гробовите ќе се состои од краток опис, дополнет со фотографии и цртежи од самите гробови како и од наодите кои се откриени во нив.

---

*Тука сакам да ја искажам мојата искрена благодарност до колегата Владо Маленко за несебичното отстапување на овој исклучителен археолошки материјал

Посебно ќе се осврнеме на гробните конструкции, ритуалот на погребување, погребните обичаи кои ќе ги споредиме со некрополите од соседните области кои припаѓаат на истиот период, со цел да се направи една целосна слика за животот во антиката во овие области.

Движниот археолошки материал ќе биде претставен, преку типолошко групирање, подложен на стилска анализа и хронолошка обработка на керамичките садови, накитот, бронзените садови, монетите, оружјето и теракотите. Воедно ова ќе биде и прво претставување на целосниот археолошки материјал од оваа некропола пред научната и пошироката јавност.

Целта но овој труд е преку претставувањето на погребните обичаи, ритуалот на погребување и со обработката на материјалот да дадеме слика за егзистирањето и степенот на развиентост на локалната култура, развојот и правците на одвивање на трговијата, на негувањето на култовите, да ја претставиме економската моќ на локалното население, а преку директниот импорт да укажеме на продорот на материјалната и духовната култура и културните текови од центрите од егејско-медитеранскиот простор. Со тоа ќе го илустрираме животот кој се одвивал во хеленистичкото раздобје во Лихнид и неговата непосредна околина.

*    *
*

Со оглед на тоа што се работи за исклучително богат регион со археолошки остатоци, истиот е предмет на истражување повеќе од еден век.Објавени се голем број научни трудови со кои се опфатени различни аспекти од човековото живеење на овој простор како: етничкото потекло на носителите на културата, начинот на погребување, уметничката вредност на наодите, нивното потекло, и др.

Како за почеток на истражувањето на старините т.е. археолошките остатоци во Лихнидскиот регион треба да се земе бележењето на античките споменици од страна на учениот охриѓанец Маргарит Димица уште во XIX век. Од тоа произлегле двете негови капитални дела: Αρχαια γεογραφια τηζ Μακεδονιαζ II, Ατηναι,1874 и Η Μακεδονια εν λιτοιζ φτεγγομενοιζ δωξομενοιζ, Ατηναι,1986.

Нешто подоцна свој допринос дал и Н.Кондаков кој со својата археолошка мисија во 1900 година регистрирал некои епиграфски и други релјефни камени споменици.[1]

Иако не припаѓа на хеленистичкото раздобје туку нешто порано т.е. од архајскиот период, најзначајно откритие во околината на градот Лихнид, со кое се сврте вниманието на целокупната археолошка и поширока светска јавност кон овој регион, се богатите т.н. Кнежевски гробови, случајно откриени во близина на селото Требениште. Со делото на Б. Филов и К.Шкропил посветено токму на овие исклучително богати гробови, Лихнидскиот регион, како археолошки и културно значаен стана мошне интересен за истражување.[2]

На понатамошното истражување на богатите архајски гробови но и на останатите споменици од хеленистичкиот и од другите подоцнежни периоди во регионот се придружува и Н.Вулич и тоа во периодот од 1930-1948 година.[3]

Во средината на XX век со ископувањата кои ги вршел во самиот Лихнид како и во неговата непосредна околина: Требенишко кале, Требенишката некропола, хеленистичката некропола Црвејнца, Речица и др. и со објавувањето на дел од резултатите од овие ископувања големо влијание во отпочнувањето на формирањето на сликата за животот во антиката во лихнидскиот регион има В.Лахтов.[4]

Како најдобар познавач на приликите во хеленистичкиот период на територијата на Р. Македонија особено за Охридскиот регион акад. Вера Битракова-Грозданова со огромниот број трудови, во кои ги обработува степенот на развиентост на локалната култура, развојот и правците на одвивање на трговијата, негувањето на култовите, античката патна мрежа во регионот, монетоковањето, изработката на накитот, керамичка продукција, ги опфаќа повеќето аспекти од животот во антиката.[5]

---

[1]Кондаков Н.П.,Македония, Археологическое путешествие, Санктпетербургь 1909.

[2] Filov,D.B.-Schorpil,K.,Die archaise Nekropole von Trebenischte am Ochrida-see,Berlin und Leipzig 1927.

[3]Вулич,Н., Један нов гроб код Требеништа, *Гласник скопског научног друштва, књига*XI,*Одељење друштвених наука 5, Скопље* 1932; Нови гробови код Требеништа, *Споменик С.К.А.* LXXVI, други разред 59, Београд 1933; Антички споменици наше земље, Споменик LXXI-1931, LXXV-1934..

[4]Лахтов,В.,Нови истражувања на некрополата "Требениште" 1953-1954, Лихнид , Годишен зборник на Народниот музеј во Охрид, кн. I, Охрид 1957;Проблем требенишке културе, Охрид 1965;НовинатписивоОхридиохридско, ЖАВИ,1956.

[5]Битракова Грозданова В.,Споменици одхеленистичкиот период од Македонија, Скопје 1987; Prodora helenizma u ohridski region, Materijali XXVI, Peć 1978;Три епиграфски прилози од Охрид, ЖА XX, 1970;За ковницата на Лихнид, ЖА XXIII, 1973;Еден наод од античкиот театар во Охрид, ЗАМ VI-VII, Skopje 1975;Антички култни споменици во охридскиот регион, ЖА XXXI, 1981; Ископувањата на античката некропола во Делогожда 1979, МАА 6, 1982; Ranoantička naselja ohridsko-prespanske regije, HISTRIA ANTIQUA, Vol.11, Pula 2003;Охридско-преспанскиот регион во раната антика , ЖА 50 , Скопје 2000; Материјалните докази и миграциите во охридско-преспанскиот регион во антиката, ЖА.45 , Скопје 1995;La céramique de la nécropole de Crvejnca-Ohrid, AΘHENA 2004; За карактеристиките на

Во последната деценија со обемните систематски археолошки истражувања кои се одвиваат на акрополата на антички Лихнид како и на населбата од хеленистичко време која се протега на јужната падина од акрополата кај месноста „Плаошник”, под раководство на Паско Кузман се доаѓа до богат археолошки материал кој дополнително ќе го расветли античкото минато на Лихнид. Тука посебно место заземаат истражувањата вршени на лок. „Горна Порта” каде со откривањето на богатите архајски и хеленистички погребувања повторно се сврте вниманието на светската археолошка и поширока јавност кон овој исклучително значаен регион.[6]

Со бројните археолошки теренски истражувања кои ги раководел на повеќе пункта во Лихнид но и во неговата околина археологот Владо Маленко постојано ја збогатува археолошката архива со нови артефакти со кои се доаѓа до нови сознанија за животот кој се одвивал во антиката во регионот. Токму од едни такви систематско заштитни истражувања вршени кај месноста „Дебој”, каде се истражуваше античката градска некропола, произлегува и целокупниот материјал кој ќе биде обработен и презентиран во оваа студија. [7]

Со презентирањето на резултатите и на наодите од археолошките ископувања кои се предмет на истражување во оваа студија, ќе се обидем да дадам допринос во реконструирањето на животот во антиката во Лихнид и во неговата непосредна околина.

---

хеленистичката керамика во регионот на Охрид и преспа, Зборник Археологија бр. 1, Скопје 1995;Религија и уметност во антиката во Македонија, Скопје 1999.

[6]Кузман П.,Три Чељусти и Вртуљка, Охрид 1985; Старомакедонски симболи на археолошки предмети од Самуиловата тврдина во Охрид, Folia Archaeologica Balkanica, Скопје 2006; Le masque funéraire en or d`Ohrid dans les contexte des trouvailles identiques du cercle culturel de Trebenište, Homage to Milutin Garasanin, Belgrade 2006; OhridSub specie aeternitatis, Ohrid- Skopje 2011

[7]Маленко В.,Две статуети на Изида од Охрид, МАА, Прилеп 1976; Нови сондажни и систематски археолошки истражувања на локалитетите Сува Чешма, Три Чељусти и Вртуљка во пдножјето на село Горенци,МАА 1, Прилеп 1975; Нови антички наоди во Охрид и Охридско,ЖА XXVIII,Скопје 1978.

## ИсторискииигеополитичкиприликивоантикатавоЛихнидскиотрегион

Лихнидскиот регион со својата местоположба на тромеѓето меѓу трите моќни етнички супстрати Македонскиот, Епирскиот и Илирскиот уште во античко време претставувал своевидна енигма. Затоа од античките историчари и географи до нас стигнуваат спротиставени мислења за границите, етничката припадност на племињата, како и за положбата на урбаните центри. Тука ќе направиме еден преглед на тоа како античките автори го доживувале овој регион, а потоа со помош на археолошката граѓа ќе се обидеме да извлечеме наше видување за состојбите во антиката во регионот.

Како најстаро население кое живеело во овој регион се спомнуваат Енхелејците. Кон крајот на VI век Хекатеј ги спомнува Енхелејците како соседи на Хаонците.[8] Подоцнежните спомнувања на ова племе се поврзани со легендата за Кадмо и Хармонија. Станува збор за Феничанецот Кадмо, основачот на Теба, кој со својата жена Хармонија откако биле протерани од Теба побегнале кај Енхелејците каде формирале своја династија. Познатата легенда за доаѓањето на Кадмејците кај Енхелеите го опфаќа и подигањето на градот Лихнид. Токму во толкувањето на легендата имаме спротивставено мислење кај античките извори за етничкото потекло на племето, бидејќи според едни Кадмо пребегал кај Илирите кои се викаат Енхелеи,[9] додека според други извори Енхелеите јасно се одвоени од Илирите. Херодот спомнувајќи го пророштвото за тоа дека Персијанците, кога ќе дојдат во Грција ќе го ограбат храмот во Делфи и по грабежот сите ќе загинат, тој вели дека ова пророштво колку што му било познато се однесувало на Илирите и на војската на Енхелејците.[10] Кај Аполодор имаме уште појасно раздвојување на овие два етноса, тој вели дека Кадмејците стигнале кај Енхелејците кои биле во војна со Илирите.[11] Оваа збунетост на античките автори треба да ја оправдаме со специфичната местоположба на Енхелеите, кои како што споменавме се протегале помеѓу моќните етнички супстрати Македонскиот, Епирскиот и Илирскиот, како и со повеќекратната смена на власта на овој простор низ подоцнежниот период.

Лоцирањето на Енхелеите се поврзува со една поширока територија, во заднината на Аполонија и Епидамнос на запад, околу устието на Дрилон на север, на југ како што видовме според Хекатеј се граничат со Хаонците. Името кое го има племето Enchelei доаѓа од enchelys што значи јагула и на некој начин го поврзува

---

[8] Hecat. Apud. Steph. Byz.
[9] Paus. IX, 5, 3.
[10] Herod. IX,43.
[11] Apoll., III, 5, 4.

племето за областа околу богатото со јагули Лихнидско езеро. Полибиј спомнува населба Enhelanai близу Охридското езеро,[12] што ако се свати како еден реминисцент на името на племето што некогаш егзистирало тука, дополнително потврдува дека територијата на Енхелеите е тесно поврзана со областа околу Охридското езеро (карта 1). Потоа тие исчезнуваат од историската сцена и повеќе не се спомнуваат. За нивното постоење освен пишаните извори и легендите немаме друга потврда.




**Карта 1: Територијата на Енхелеите во VI в.п.н.е според античките извори**

Во подоцнежните историски извори територијата на Енхелеите се поврзува со Дасаретите. Дасаретија е пространа област која се протега од составот на реките Осум со Девол на запад до соседните горномакедонски области Линкестида и Орестида на исток. На југ се граничи со Епирските племиња, додека на север се граничи со Партините и Пенестите (карта 2). Ако се разгледа територијалното простирање на Енхелеите и Дасаретите може да се заклучи дека се работи за една, во најголема мера, иста област која најпрво се поврзува со Енхелеите, а потоа со Дасаретите. Од таму може да се каже дека доаѓа поистоветувањето на овие две племиња кое ни го пренесуваат дел од античките

[12]Pol. V, 108.

извори на кои се надоврзуваат и современите истражувачи.[13] Но има и такви кои не го прифаќаат.[14]




**Карта 2: Територијата на Дасаретите во III в.п.н.е според античките извори**

За разлика од Енхелеите кои ги среќаваме само во пишаните извори, за Дасаретите имаме потврда и преку епиграфските споменици откриени во Охридскиот регион кои потекнуваат од раноцарскиот период,[15] а најсилна потврда за нивното егзистирање е монетата кована од ова племе.[16]

Пред да почнеме со разгледувањето на големиот број сведоштва за Дасаретите, предлагам да ги разгледаме геополитичките и историските услови во околните региони кои индиректно можат да ни помогнат да го реконструираме периодот од престанокот на споменувањето на Енхелеите, до појавата на Дасаретите.

---

[13]Ф.Папазоглу спомнува дека Страбон во некоја подоцнежна глоса, ги изедначува Сасаретите со Енхелеите. Според неа Сасаретите со Енхелеите можат да се поврзат само ако Сасаретите се изедначат со Дасаретите. Ф. Папазоглу Монографија Охрид,72.

[14] N.G.L. Hammond, Epirus, 466.

[15]В.Лахтов, Нови натписи во Охрид и охридско, ЖА VI,1956; Н.Вулич, Антички споменици наше земље, Споменик LXXI-1931,LXXV-1934.

[16]Се работи за уникатни монети, неодамна откриени на лок. "Плаошник". Откриени се 2 примерока, од кои еден во секторот кој го истражував. Ваква монета открив и при обработката на материјалот од некрополата "Дебој". Истата подетално ќе биде обработена во поглавјето каде ќе бидат претставени гробните наоди.

Тоа всушност претставува раздобјето кога Илирските племиња се организираат во една политичка заедница која во период од скоро два века преку односите со македонската држава ќе ја креираат политичката слика во јужноилирските и горномакедонските области. Првите податоци за политичкото единство на Илирите се однесуваат за периодот од крајот од V век, во времето на пелопонеската војна во чија заднина Тукидид известува за сојузниците на завојуваните страни. Во ова време кога расте моќта на Илирите, Македонија уште не била обединета. Горномакедонските области организирани во посебни кралства истрајно ја бранат својата независност од македонската династија на Аргеадите. Отпорот на овие независни кралства против централизирањето во едно моќно кралство, им одел во прилог на Илирите. Тие претставувале еден вид тампон зона која ги држела Македонците на безбедно растојание од илирските територии. Првата вест од политичката историја на Илирите го потврдува тоа, и е во врска со војната која Линкестите ја воделе со македонскиот крал Пердика II во 423 година. Пердика II во сојуз со спартанецот Брасида со голема војска се пробиле во Линкестида и според договорот требало Илирите да им дојдат на помош. Но Илирите на место да им помогнат преминуваат на страна на линкестидскиот крал Арабај. Во битката Брасида едвај се извлекол од варварскиот обрач, додека Пердиковата војска тргнала во бегство.[17] Здружените Линкести и Илири им нанеле тешки загуби на Македонците. Промената на таборот, што се случува во последен момент, од страна на Илирите најверојатно бил мотивиран од нивната желба да избегнат заедничка граница со кралството на Аргеадите кое во тој период е во подем.

И во првите децении на IV век, Илирите претставуваат вистинска опасност за македонското кралство. Обединети во политички сојуз биле толку сериозна закана што во еден период околу 394/3 год.п.н.е. под нивен притисок кралот Аминта III бил присилен да го напушти престолот и извесно време да се засолни во Тесалија. Потоа откако со тесалска помош се вратил на престолот морал да им плаќа данок на Илирите за да го поштедат неговото кралство од напади.[18] И неговиот син Александар II бил принуден да плаќа данок на Илирите за да го зачува мирот,[19] додека друг македонски крал Пердика III загинува во битка со нив.[20] Со овие настани сакаме да ја прикажеме моќта која во тој момент ја имале обединетите илирските племиња, со цел да ги доловиме политичките неприлики со кои била засегната Лихнидската област која се наоѓа во средиштето на овие случувања.

---

[17]Thuk. IV. 124-128.
[18]Diod. XIV,92, 3-4.
[19]Justin., VII, 5. 1.
[20]Diod., XVI, 2, 4.

Работите се менуваат со доаѓањето на власт на Филип II кој успеал да го зајакне македонското кралство на сите полиња. Кога тој ја презема власта во 359 година Македонското кралство било во доста незавидна положба. Откако ги отстранил разните опасности кои се надвиснале од другите страни, Филип II се решава на поход против Илирите со цел да го неутрализира долгогодишниот притисок што го вршеле врз македонското кралство. Овој поход против Илирите кои биле предводени од Бардилис, е значаен за Лихнидската област. Неговиот исход трајно ќе ги промени геополитичките односи во овој пограничен регион. При известувањето за битката Диодор прв пат го спомнува името на илирскиот војсководец. Историските извори даваат оскудни информации за овој владател, но ако се земе фактот дека Бардилис бил во поодмината возраст, би можело да му се препишат успесите од 393 година кога ги принудил Аргеадите да му плаќаат данок, и поразот кој им го нанел на Молошаните во 385 година помогнат од Дионисиј од Сиракуза.[21] Некои истражувачи водени од помислата дека Дасаретите се првиот илирски етнос во соседство на Орестите, го сметаат Бардилис за Дасарет.[22]

Во научната јавност нема усогласеност за етничката припадност на Дасаретите. Во прилог на ова треба да се додаде и фактот дека на некрополите во охридскиот регион во периодот на владеење на Бардилис се забележува одреден хиатус во кој изостануваат погребувањата со богати наоди. Појава која не е логична за центарот на државата на еден таков успешен и долгогодишен владар каков што бил Бардилис. Заради сето ова не може да се прифати толкувањето дека Бардилис бил Дасарет.

Пред почетокот на битката Бардилис понудил запирање на непријателствата врз основа на status quoт.е. секој да ги зачува своите територии, но Филип побарал Илирите да се повлечат од сите македонски градови. Откако пропаднале преговорите дошло до битка во која и двете страни влегле со речиси еднакви сили. Борбата била неодлучна до самиот крај, имало многу жртви на двете страни но победата им припаднала на Македонците.[23] Исходот на битката има значајно влијание на понатамошните илирско-македонските односи, а воедно и става крај на илирската доминација во овие погранични области. По оваа битка Линкестида е присоединета кон Македонското кралство, а Илирите како поразени морале да се повлечат од македонските области источно од Лихнидското езеро со што македонско-илирската

[21]П. Кабан, За Илирите од Бардилис до Гентиј, Скопје,1996,74-80.
[22] Ibid., Стр. 38.
[23]Diod.,, XVI, 4, 2-7.

граница се преместува на запад каде трајно ќе остане како политичка и етничка граница помеѓу овие два соседа.[24] По ова познати се уште две војувања на Филип II со Илирите. Во 356 година против Граб[25] и во 345/4година против Плеурија-Плеурат.[26] И во двата случаи Илирите се поразени и морале да ја признаат македонската власт. Она што е значајно за Лихнидската област е тоа дека по поразот на Бардилис во 359 година оваа област влегува во состав на македонското кралство.

Во време на владеењето на Александар III, поточно во 335 година, историските извори известуваат за уште една војна со Илирите. Имено додека Александар се наоѓал на север во војна со Трибалите, извесен Клит кој се смета за син на Бардилис, се побунил против македонската власт и се утврдил во Пелион кој бил најдобро утврдениот град во земјата. Му се придружил Глаукија кралот на Таулантите. Александар веста за неговото одметнување го затекнала во Пајонија враќајќи се од Трибалскиот поход. Со молскавична брзина движејќи се по долината на Еригон, Александар дошол до Пелион, каде ги поразил Илирите на чело со Клит.[27] Изворите не говорат за понатамошните последици. Но индиректно можеме да заклучиме дека Илирите влегле во составот на моќното македонско кралство. Во војската што Александар ја повел во Азија одделно од наемниците се спомнуваат Одризите, Трибалите и Илирите.[28] По Александровата смрт во 323 година при распределбата на царството помеѓу неговите генерали, на Антипатар му е доделена на владение областа во која покрај Македонија и Хеленските области, влегуваат и Илирите, Трибалите, Агријаните и дел од Епир.[29] Сето ова јасно покажува за присоединувањето на дел од Илирија кон македонското кралство по 335 година.

За подоцнежните случувања во Лихнидската област немаме сведоштва во пишаните извори. Тоа не им пречи на одредени истражувачи во оваа област да ја бараат престлнината на илирските кралеви.[30] Без да се поткрепи ова тврдење со одредени факти областа се става и во составот на илирското кралство на Глаукија.[31] Него го знаеме како крал на Таулантите од претходно опишаната битка меѓу Александар III Македонски и Клит каде Глаукија се јавува како Клитов сојузник. За неговите дејствија

[24]Diod., XVI, 8 ,1.
[25]Diod. VI, 22, 3.
[26]Diod., XVI, 69, 7.
[27]Arrian.,Anab., I, 5-6.
[28]Diod. XVII, 17.
[29]Ф.Папазоглу, Монографија Охрид,83.
[30]Ibid.87.
[31] Ibid.,83.

не знаеме ништо се до 317 година, кога го прима кај себе Пирос, синот на Ајакид. По ова година се спомнува како илирски крал, а не таулантски. Со заштитувањето на Пирос, Глаукија има за цел да ги зацврсти врските со Епир против македонското кралство. Подоцна пишаните извори ни даваат информации за борбите меѓу Глаукија и Касандар кој се одвивал на бреговите на Јадранот со цел освојување на значајните коркирски колонии Аполонија и Дирахион со што би се наметнала власта на ова значајно и стратешко место.[32] Доколку се анализираат овие случувања може да се заклучи дека продорите на македонскиот крал Касандар најверојатно се одвивале токму преку Дасаретската област која во тој период била под негова власт. Центарот на илирската држава под водството на Глаукија која како Таулантски крал познат од претходно логички е да се наоѓа на територијата на Таулантите далеку од Охридскиот регион. Згора на тоа меѓу неговото кралство и овој регион се наоѓаат териториите кои ги освојува Касандар со неговиот поход. Со ова јасно се отфрла предлогот дека Дасаретската област во овој период е во состав на Илирското каралство на Глаукија.

И на другите илирски кралеви кои се спомнуваат по смртта на Глаукија, се мисли на Бардилис, Монуниј и Митилиј, им се припишува владеењето со илирската држава во чиј состав влегува и Лихнидската област без да се обезбедат цврсти докази.[33]Како најголем доказ за ваквото тврдење се зема шлемот кој е откриен на бреговите на Охридското езеро, кој денес се наоѓа во музеј во Берлин.[34] На овој шлем има натпис со името на Монуниј. Овој шлем е случаен наод без познат археолошки контекст и не е познато неговото потекло или начинот на кој стигнал во Охридскиот регион. Затоа сметам дека е несериозно да се користи како доказ за да се одреди припадноста на овој регион кон Илирите. Ако на ова се додаде фактот дека и Монуниј и Митилиј коваат свои монети со претстави идентични како оние од монетните изданија на Дирахион, можеме да заклучиме дека центарот на нивните кралства се наоѓа во задницата на овој значаен центар. Таа територија пак се поклопува со територијата на Таулантите за која логично беше да се прифати како центар на Глауковото кралство. Не знаеме дали овие три илирски крала се во крвно сродство но според претходно изложеното може да се заклучи дека сите владееле со една , во најголема мера, иста територија.

Меѓутоа освен тоа што јадрото на нивното кралство се поместува на северозапад на бреговите од Јадранското море во задницата на Аполонија и Дирахион и археолошките

---

[32]Diod. XIX, 67; 70, 7; 78, 1; 89.
[33]Ф.Папазоглу, Монографија Охрид,84.
[34]Ф.Папазоглу, Un témoignage inapreçu sur Monounios l`Illyrien, Жива Антика 21, 1971, стр.177-184.

наоди, особено монетите и нивната циркулација, од Лихнидската некропола кои подоцна ќе бидат подетално обработени укажуваат на тоа дека Лихнидската област останува под македонска власт независно од тоа кој од дијадосите или епигоните управува со Македонското кралство.

Во наредните години античките извори не известуваат за оваа погранична област. Можна причина за тоа е владеењето на македонскиот крал Антигон Гонат (277-240/39) кога настапува еден период на консолидација на македонското кралство. Долгогодишната управа на овој успешен владетел и овозможува на Македонија да ги обнови економските врски и да ја развие трговијата и по копно и по море.[35] Ова се потврдува и со богатите гробови откриени на Лихнидската античка некропола кои со помош на монетите откриени во нив точно ги датираме во периодот од неговото владеење. Со ова се потврдува претходната забелешка дека Лихнидската област за време на овој период кога немаме информации од пишаните извори, не е под илирска власт, како што прикажуваат одредени истражувачи, туку дека е во составот на македонското кралство.

Со почетокот на Римското продирање на Балканот кон крајот на III и почетокот на II век п.н.е., античките автори повторно покажуваат интерес за оваа област. Воените продори на Римската војска поминуваат низ Лихнидската област, а најверојатно и многу воени судири меѓу Римјаните, Македонците и Илирите се случиле токму во овој регион. Во рамките на известувањата за овие продори и битки за прв пат се споменуваат Десаретите и нивната област Дасаретија, исто така и градот Лихнид.

По првата илирска војна со договорот кој го диктираат Римјаните како победници во 228 год. е создадена зона под Римски протекторат долж Јадранскиот брег со градовите Аполонија и Епидамнос. Во составот на зоната влегуваат и племињата на Партините и Атинтаните. Овие настани го привлекуваат вниманието на македонскиот крал кон северозападните области од својата држава бидејќи со продирањето на римските војски во Илирија се загрозувало и македонското кралство. Во насока на тоа во 220/19 Филип V и Скердилаида склучуваат договор за ненапаѓање. Меѓутоа во 217 година Скердилаида го прекршува договорот и се обидува да се ослободи од зависноста од Македонија под изговор дека Филип не му ја платил ветената награда. Како што известува Полибиј, Скердилаида најпрво навлегол во Пелагонија каде го ограбил градот Писаион, во Дасаретија, со закани и уцени ги придобил градовите Антипатрија, Крисондион и Гертус, а крстосувал и во соседните македонски области. Кога за овие дејствија разбрал Филип

[35] F.W. Walbank, Macedonia and Greece,CAH,vol.VII part. 1.

веднаш се упатил во овие области и успеал споменатите градови да ги поврати, а освен тоа ги освоил Креонион и Героус во Дасаретија, Енхеланаи, Керакс, Сатион и Бои во областа околу Лихнидското езеро, Бантија кај Килкините и Оргесос кај Писантините.[36] Заради ова известување за освојувањата на македонскиот крал каде се споменува Дасаретија оделно од областа околу Лихнидското езеро, Ф.Папазоглу смета дека се работи за посебна област Лихнитида која била управувана од Скердилаида.[37] Ако подобро се анализира изворот ќе забележиме дека сите градови кои ги освоил Филип се поврзани со обастите на племињата (Дасарети, Килкини, Писантини) додека за градовите Енхеланаи, Керакс, Сатион и Бои, Полибиј вели дека се наоѓаат во областа на Лихнидското езеро најверојатно сакајќи географски попрецизно да ги лоцира. Во прилог на тврдењето дека Лихнитида како област не постои и дека не се исклучува од Дасаретската област заедно со градот Лихнид е и фактот дека во ниту еден извор немаме спомнување на оваа област како Лихнитидска, а ист е случајот и во досега откриените епиграфски споменици. Освен тоа Ливиј спомнува дека во 209 година додека Филип војувал на Пелопонез против антимакедонското движење, добил вест дека извесен Ероп го зазел Лихнид, откако го потплатил командантот на посадата и тврдината, и дека освоил и некои дасаретски села.[38]

Доколку постоеше област Лихнитида нормално ќе беше по освојувањето на Лихнид, Ероп да заземеше некои Лихнитидски села наместо Дасаретски како што известува изворот. Нема информации за исходот од оваа побуна, но од подоцнежните настани може да се заклучи дека Лихнид и Дасаретија остануваат под македонска власт.

И во втората римско-македонска војна (200-197 год.) Дасаретската област се наоѓа во средиштето на настаните. Војната започнува со Римското навлегување во Дасаретија. Како што опширно известува Ливиј, конзулот Сулпикиус Галаба се залогорува кај устието на реката Апсус (Семени) и го праќа легатот Л. Апустиј да пустоши по Дасаретија. Л. Апустиј најпрво ги освојува градовите Корагум, Геруниос и Оргесус и доаѓа до Антипатрија (Берат) кој бидејќи бил добро утврден одбил да се предаде. Затоа откако тој сосила го освоил, го разрушил градот и го убил возрасното население. Потоа ги освојува градовите Кордио и Книдус и со голем плен се враќа во базата.[39] Со успешниот поход биле заплашени водачите на другите племиња, и затоа Плеурат, синот на Скердилаида и Дарданот Батон ги понудиле своите услуги на конзулот. [40]

[36]Pol. V, 108.
[37]Ф.Папазоглу, Монографија Охрид,91.
[38]Liv. XXVIII, 32.
[39]Liv. XXXI, 27.
[40]Liv. XXXI, 28.

Сакајќи да укаже дека во 199 година Лихнид потпаѓа под римска власт Ф. Папазоглу неоправдано го поистоветува последниот град што го освоил Апустиј, Книдус со Лихнидус врз основа на сличноста на имињата без да обезбеди некои цврсти докази.[41] Ако се земе предвид дека за овој поход не известува Ливиј,[42] тогаш ова тврдење нема смисла бидејќи истиот извор како што ќе видиме подолу во неколку наврати го спомнува Лихнид со своето цело име и не е за очекување дека овде направил грешка.

Во летото во 200 година конзулот повторно презема нови продори во Дасаретија. Откако зазема некои населени места се залогорува кај Линк од каде ги праќа своите војници да го соберат житото од дасаретските амбари. Бидејќи римскиот конзул и македонскиот крал не ја знаеле позицијата на својот противник пратиле извидничките одреди, кои по долго талкање низ Дасаретија наишле едни на други, по што дошло до борба. Според Ливиј ова битка имала поразителен ефект врз Македонците. Кога ги виделе телата на загинатите соборци, осакатени од римските мечеви, бран на ужас ги зафаќа македонските војници бидејќи дотогаш такво нешто немале сретнато војувајќи со своите соседи.[43] На кое место се одвивала ова битка не е јасно но во изворите се споменува дека натамошните операции на Сулпикиус се одвиваат во Деуриоп, Линкестида, потоа низ Еордаја. Оттаму преку Елимеја и Орестида се вратил во Дасаретија, каде го освојува градот Пелион.[44] Се мисли дека судирот се случил меѓу Битола и Лерин[45] или во областа околу Лихнидското езеро.[46] Кое од овие тврдења и да го прифатиме може да зклучме дека Дасаретската област како што видовме од изворите не била поштедена од овие дејствија. Напротив претрпела најголеми штети, нешто што се потврдува и со археолошката граѓа.

На средбата во Локрида, доцната есен во 198 година, Квинкциј Фламинин, кој ја презел командата во Македонската војна, во условите поставени при објавување на војната,од македонскиот крал побарал да го врати се она што го освоил во Илирија по мирот од Фојника.[47] По овој мировен договор дел од Дасаретија и Лихнид останале под македонска власт. Според тоа можеме да заклучиме дека барањата кои ги доставил римскиот војсководец се однесуваат за земјите во внатрешноста на Илирија, областите кои

[41]Ф.Папазоглу, Монографија Охрид,94.
[42]Liv. XXXI, 27.
[43]Liv. XXXI, 33-34.
[44]Liv. XXXI, 35.
[45]Н.Вулич, Ратовање Филипа V, 25.
[46]Ф.Папазоглу, Монографија Охрид,93.
[47] Pol.XVIII, 1, 14; Liv.XXXII, 33, 3.

Филип најверојатно во меѓувреме повторно ги освојува, а не на Дасаретија и на областа околу Лихнидското езеро како што мислат некои истражувачи.[48]

По римската победа кај Киноскефале во 197 година, мировниот договор предвидувал Лихнид и Партините да му се отстапат на римскиот сојузник, илирскиот крал Плеурат.[49] Токму овој податок претставува најзначаен факт кој оди во прилог на тврдењето дека Лихнид и областа околу него цело време е под македонска власт за време на воените операции кои се одвивале во овие области се до овој мировен договор. За разлика од Лихнид кој му е доделен на Плеурат, Дасаретија односно нејзиниот јужен дел веројатно по примерот на горномакедонската област Орестида, организирана е како независна заедница под римски протекторат.[50]

За тоа што се случувало во ова област по мировниот договор од Киноскефале (197 год.) немаме известувања кај изворите се до третата римско-македонска војна(171-168). Во 171 година преторот Гнеј Сицинијги префрлил легиите на илирскиот брег, се влогорил во близина на Аполонија и оттаму ги пратил офицерите да ги заземат тврдините во Илирија и Дасаретија. Овие самите барале од Римјаните да ги заштитат од македонските напади. Во 170 година конзулот Аул Хостилиј го праќа Апиј Клаудиј со уште 4000 војници во Илирија. Овој патем собира уште 8000 војници од сојузниците и крстосувајќи низ целата област се влогорува кај Лихнид Дасаретски.[51] Ова е првото спомнување на Лихнид како Дасаретски град, нешто што подоцна во епиграфските споменици во повеќе наврати се среќава. Можеме да заклучиме дека по смртта на илирскиот крал Плеурат која настанала меѓу 189-181г.п.н.е., Лихнид најверојатно повторно се припоил со Дасаретија нешто што го потврдува изворот кој во 171 година истиот го нарекува Дасаретски.

Во ова раздобје кога Лихнид преминал во независната територија на Дасаретите па се до неговото конечно потпаѓање под Римска власт според Ф.Папазоглу треба да го лоцираме монетоковањето на познатата бронзената монета со името на градот,[52] за што потполно се согласувам. Тоа во најголема мера се поклопува со досегашното датирање на ова монетоковање (187-171). Но според Реглинг, кој прв ја обработува ова монета, за ова датирање ја посочува претставата на македонскиот штит на аверсот од монетата. Заради иконографијата која е идентична со тетроболите ковани од македонските

---

[48]Ф.Папазоглу, op.cit., 94.
[49] Pol.XVIII, 47, 12; Liv.XXXIII, 34, 11.
[50]Ф.Папазоглу, op.cit.,, 94.
[51] Liv.XLIII, 9, 7.
[52]Ф.Папазоглу, op.cit., 95.

кралеви Филип V и Персеј меѓу 186-168 година смета дека Лихнид во овој период е под македонска власт. Но според Ливиј во 171 година како што видовме Лихнид се нарекува Дасаретски и згора на тоа бара помош од Римјаните против македонските напади. Со ова се отфрла тврдењето дека Лихнид во овој период е под македонска власт, како и фактот дека со декретот на Филип градот добил дозвола автотномно да кова свои монети. Познато е дека и други градови и кралеви за кои со сигурност знаеме дека нивната етничка припадност не е македонска го користат македонскиот тип на штит како претстава на своите монети. Тоа најверојатно е мотивирано заради полесна трговска размена меѓу соседните територии.

Во натамошното известување на Ливиј за третата македонско-римска војна можеме да забележиме дека Лихнид со неговата околина претставуваат главна база за воените римски гарнизони. Тој на едно место вели дека војската на Апиус Клаудиус кај Лихнид кога би била доволно силна, тој би можел од таа страна да го одвлече македонскиот крал.[53] Истото може да се забележи и на друго место каде се наведува одлуката на сенатот со која преторот Луциј Анициј треба да го наследи Апиј Клаудиј во провинцијата Илирик кај Лихнид.[54]

Во натамошниот тек на војната во 168 година Илирскиот крал Гентиј преминува на страна на Персеј. Преторот Луциј Амициј реагира брзо и со 20000 илјадната војска најпрво го совладал Гентиј, а подоцна истата година кај Пидна го победува и Персеј со што се става крај на постоењето на илирската и македонската држава. По победата различно се постапувало со одредени градови и племиња во новоосвоените области. Римјаните прокламирале слобода, едни градови плаќале половина од данокот, кој го имале претходно кај кралот, додека други биле ослободени. Дасаретија и градот Лихнид најверојатно припаѓаат на ослободените области и градови заради нивната лојалност кон Римјаните уште пред крајот на војната.[55]

Во 148 година Македонија е претворена во провинција во чиј состав влегуваат и Дасаретија со Лихнид како главен центар. Како што известува Плиниј тие го задржале својот статус на слободна заедница и ги обележува како "libera gens".[56]

Со потпаѓањето под римска власт, за Лихнид известувања од античките извори нема. Се што се знае за него во овој период е преку епиграфските и археолошките наоди. Вакавата незаинтересираност од античките автори треба да се објасни со фактот

---

[53] Liv.XLIV, 20,5.
[54] Liv.XLIV, 21,4.
[55]Ф.Папазоглу, op.cit., 97.
[56] Plin. IV,3.

дека во римско време Лихнид станал еден од многуте градови во империјата, кои далеку од границите бранети од римските легии, живееле во мир.

## Некрополата Дебој

### Местоположба и простирање

Во далечната 1978 година сосема случајно е откриена античката некропола на градот Лихнид. Заради потребите на месното население, се започнало со изградба на основното училиште “Св. Климент Охридски”. Како локација за таа намена избрано е пониското североисточно зарамнето брдо од утврдениот дел од градот т.е. месноста “Дебој” по која и локалитетот го добил своето име. Со започнувањето на градежните работи на овој простор се наишло на археолошки остатоци при што била привремено стопирана изградбата на училиштето со цел да се извршат заштитни археолошки истражувања на локалитетот. Во овие заштитни археолошки истражувања бил вклучен стручен тим од Народниот Музеј и Заводот за заштита на спомениците од културата од Охрид, раководен од археологот Владо Маленко. Истражувањата се вршени во неколку наврати во периодот меѓу 1978-1980 година. Во тој период откриени биле трикорабна ранохристијанска црква со подни мозаици и некропола со околу 190 гробови во хронолошки распон од македонско-хелинистичкиот период до средниот век.

Освен на ова зарамнето плато за кое се смета дека претставува дел од античката Лихнидска некропола гробови од македонско- хеленистичкиот период при вршење на заштитни или систематски археолошки истражувања се откриени на повеќе пункта. Со помош на овие сознанија можеме да ја одредиме распостранетоста на античката некропола.

Во 1971 и во 1976 година при урбанизација на старата чаршија вршени се заштитни археолошки ископувања во пределот на источното подножје на реонот Месокастро, комплекс Стара чаршија, каде се откриени археолошки остатоци од повеќе периоди меѓу кои за нас најинтересни се гробовите од хеленистичкиот период. Овие гробови според гробната конструкција, начинот на погребување, а особено според археолошкиот материјал со кој и хронолошки се одредуваат во III-II в.п.н.е.[57] се идентични со гробовите кои се предмет на проучување во овој труд.

---

[57]В.Маленко,Нови антички наоди во Охрид и Охридско,ЖА XXVIII,Скопје 1978.

Во периодот од 2002 година до денес спорадично се вршат археолошки ископувања на западната падина од месноста Дебој, поточно во пределот на седлестиот дел кој се наоѓа помеѓу двата зарамнети рида и тоа поголемиот југозападен рид на кого е распостранета античката населба и помалиот североисточен рид на кој се протега античката некропола. На овој простор е откриена богата некропола со вкупно 147 гробови со хоризонти на погребувања од доцноархајскиот период и хеленистичкиот период. Истражувањата ги вршеше стручен тим од Заводот за заштита на спомениците од културата и Музеј од Охрид, раководен од археологот Паско Кузман.[58]Во гробовите се откриени голем број керамички садови, бронзени садови, богат златен накит, оружје и други наоди кои говорат за богатството со кое располагале жителите на Лихнид. Она што е значајно за нас е тоа дека и овие гробови од хеленистичкиот период исто како гробовите од комплексот Стара чаршија се идентични со гробовите од некрополата Дебој како по гробната конструкција и начинот на погребување така и по сличноста на богатиот фонд од гробни наоди.

Погребувања од овој тип се откриени и во рамките на систематските истражувања на акрополата на антички Лихнид. Во пределот на северната половина на самата цитадела од Самуиловата тврдина, надвор од откриениот хеленистички бедем, во североисточниот дел се наиде на погребувања од хеленистички период. [59]

Сите овие нови сознанија добиени од археолошките ископувања вршени во пределот на стариот дел од градот познат како "Варош" ни овозможуваат да ја одредиме распространетоста на некрополата во однос на населбата и обратно. Како што спомнавме на поголемиот зарамнет рид кој се наоѓа на југозападната страна и на неговите јужни рамни тераси се протега хеленистичката населба. Тоа се потврди и со обемните систематски истражувања на лок.„Плаошник"(Сл.1).[60]

Античката некропола започнува надвор од хеленистичкиот бедем во неговата североисточна страна. Таа го следи благиот пад на теренот кон исток, се протега и на седлестиот дел меѓу двата рида каде најверојатно се наоѓа централниот дел на некрополата. Потоа продолжува на запад кон помалиот зарамнет рид т.е месноста Дебој каде се откриени гробовите кои се тема на истражување во овој труд. Но некроплата

[58] P. Kuzman,Le masque funéraire en or d'Ohrid dans le context des trouvailles identiques du cercle culturel de Trebeništa,Homage to Milutin Garašanin, Belgrade 2006

[59]Гробните целини и наодите откриени во нив не се публикувани.

[60]Резултатите и од овие истражувања сеуште не се објавени. Но нив како и сознанијата за гробовите откриени на просторот од цитаделата ги добивав како член на тимот кој ги вршеше ископувањата.

продолжува и на источната падина од овој рид и тоа во нејзиниот северен дел каде во комплексот Стара чаршија се откриени погребувања од хеленистичкиот период ( План 1).



**Сл.1:Авионска снимка на стариотделнаОхрид„Варош"(од југозапад)**




**План 1: Стариот дел на градот "Варош"**

Се работи за едно поголемо пространство заради кое се наметнуваат и прашањата: Дали станува збор за една иста некропола или се работи за повеќе помали? и Дали Лихнид имал толкав број на жители кои низ еден одреден временски период би можеле да се погребуваат на една толку голема некропола? Според она што може да се заклучи од археолошките податоци сите гробови откриени на овие локации имаат исти гробни конструкции, ист погребен ритуал и начин на погребување. Згора на тоа и гробните прилози се идентични и ги ставаат овие погребувања во една иста хронолошка рамка. Според конфигурацијата на теренот сите овие локации природно се надоврзуваат и дополнуваат и не се откриени други архитектонски остатоци или други наоди помеѓу нив со што физички би ги оделиле. Згора на тоа климатските услови на овој дел на кој претпоставувам дека се протега некрополата не се поволни за населбинско живеење. Овој дел се протега на североисточната осојна страна каде и сончевите саати во текот на денот се помалку, за разлика од јужните тераси на поголемиот југозападен рид каде се откриени остатоците од хеленистичката населба. Нешто што и денес се потврдува особено во зимскиот период. Сето ова укажува на тоа дека овој предел во хеленистичкиот период бил идеален за поставување на градската некропола.

За одговор на тоа дали Лихнид имал голем број жители за да има толкава некропола, ќе го искористиме фактот што во Лихнид е откриен антички театар за кој се претпоставува дека имал капацитет за 5000 гледачи. Ако градот имал таков јавен објект со толкав капацитет, за очекување е бројот на жители да е барем три пати поголем. Со тоа се доаѓа до заклучок дека е возможно антички Лихнид да има голема некропола која целосно ќе ги задоволи неговите потреби.[61] Тоа со натамошните истражувања би требало да се потврди. Но за жал и во иднина нема да сме во можност да истражуваме на целиот простор на ова некропола бидејќи на истиот се наоѓаат приватни куќи кои и ден денес се користат од локалното население.

Со сите овие податоци можеме да заклучиме дека некрополата на антички Лихнид се распространува на една поголема површина со што уште повеќе го потврдува значењето кое го имал овој центар на Дасаретската област во антиката.

---

[61]Да дојдам до ваков заклучок ми помогна и искуството кое го добив како член на екипата која истражуваше една друга античка некропола на лок.„Исар-Марвинци",која воедно е и најдобро истражената некропола во регионов.Таму увидов дека е можно овие некрополи да се протегаат на поголеми пространства. Овде сакам да му се заблагодарам на раководителот Златко Видески кој ми овозможи да истажувам на овој локалитет.

## Опис на откриените гробовии гробни наоди-Каталог*

**Гроб бр. 1**

**Конструкција** - Фрагментирано е сочуван со димензии 0,90 x 0,60 м,ориентација СИ-ЈЗ;

**Остеолошки наоди** - сочувани се ситни фрагменти од коски (карлица и долни екстремитети);

**Археолошки наоди** - во пределот на нозете се открија: два унгвентариума,еден керамички сад,една чаша и четири ашици.

**Гроб бр. 2 (Т.I ,сл.1-2)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама меѓу природната стена оивичена со два-три реда камења кои се ѕидани во сувоѕид во висина т.е длабочина од три до четири реда камења, димензиите на јамата се:надворешни 3,20 x 1,70 м и внатрешни 2,45 x 0,75 м, длабочината изнесува 0,45 м, ориентација СИ-ЈЗ;

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет врз чија основа може да се каже дека лежи на грб во правец СИ - ЈЗсо поглед кон ЈЗ, димензиите на скелетот се 1,60 x 0,40 м;

**Археолошки наоди** - во пределот на нозете се откри амфора со топчеста форма, цилиндричен врат и две мали рачки**(Т.I ,сл.1)**, со керамичка чаша како капак**(Т.I ,сл.2)**.

**Гроб бр. 3 (Т. I ,сл.3-5)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама оивичена со два-три реда камења кои се ѕидани во сувоѕид во висина т.е длабочина од три до четири реда камења, димензиите на јамата се:надворешни 3,20 x 1,70 м и внатрешни 2,50 x 1 м, длабочината изнесува 0,75 м;

**Остеолошки наоди** - На самата стена која воедно е и дно на гробот се забележуваат фрагменти од човечки коски од долните и горните екстремитети, на основа на кои не е можно да се констатира протегањето на скелетот;

**Археолошки наоди** –амфора**(Т. I ,сл.5)**, бронзена монета под него и два железни предмета, непосредно крај ЈИ ѕид. Во овој дел откриени се и еден кантарос**(Т. I ,сл.4)** и мал керамички сад со една рачка**(Т. I ,сл.3)**.

---

*Во каталогот се претставени само гробовите и наодите откриени во истите, за кои дојдовме до информација од теренските истражувања.

**Гроб бр. 4 (Т.II ,сл.1)**

**Конструкција - /**

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди -** биконичен кантарос **(Т.II ,сл.1)**

**Гроб бр. 5 (Т.II ,сл.2-5)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда камења и тоа еден на ЈЗ иСЗ, а по 2 реда на ЈИ и СИ. Димензиите на јамата се: надворешни 2,30 x1,20 м , внатрешни 1,80x0,65 м, длабочината изнесува 0,40 м, а на некои места и до 0,60 м, ориентација СИ-ЈЗ;

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелетот и тоа черепот, фрагменти од карлицата, долни и горни екстремитети. Левата потколеница е многу изместена и се наоѓа понастрана од карлицата. Потколениците се поместени и се групирани на просторот кој всушност им припаѓа на просторот на бутните коски. Должината на скелетот заедно со групацијата изнесува 1,35м;

**Археолошки наоди** - амфора-над левото рамо; златна обетка со бадемасти црвени рубини-во пределот на градите; на просторот под градите се откри бронзен предмет**(Т.II ,сл.3)**; чаша со сивкаста фактура во ЈЗ дел од гробот**(Т.II ,сл.2)**; СЗ од неа се наиде на унгвентариум**(Т.II ,сл.5)** и теракотна фигурина која е свртена со лицето надолу**(Т.II ,сл.4)**.

**Гроб бр. 6 (Т. III)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со два реда камења во хоризонтала и три до четири реда во вертикала. Јамата е со димензии: надворешни 2,10 x 1,10 м, а внатрешни 1,50 x 0,55 м. Длабочината изнесува 0,60-0,70 м, ориентација ЈИ-СЗ;

**Остеолошки наоди** - остатоци од детски покојник кој е во првите години од животот,черепот е скршен,свиен на десната страна, рацете се испружени,а нозете се паралелно поставени. Сочуваната должина на скелетот е 1 м. Покојникот лежи во правец СЗ-ЈИ со поглед према ЈИ.

**Археолошки наоди** - во источниот дел од черепот и градниот кош на растојание од 0,25 м, се открија фрагменти од керамички сад**(Т.III ,сл.2)**. Во СИ и ЈЗ агол под нозете поставени се по два сада**(Т.III ,сл.1,3 и4)**.

**Гроб бр. 7 (Т.III)**

**Конструкција - /**

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди** - Оинохое и кантарос **(Т.III ,сл.5 и 6)**

**Гроб бр. 8 (Т.IV)**

**Конструкција - /**

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди** - керамичка кана **(Т.IV ,сл.1)**

**Гроб бр. 10 (Т.IV)**

**Конструкција - /**

**Остеолошки наоди** –машки покојник на возраст до 45 години.

**Археолошки наоди** –атички тип на кантрос**(Т.IV ,сл.2)**

**Гроб бр. 11 (Т.IV)**

**Конструкција** - правоаголна јама со вравец СИ-ЈЗ оивичена со еден до два реда камења во хоризонтала и три до четири во вертикала. Надворешните димензии изнесуваат 2,85 x 1,20 м, а внатрешни 2,10x0,75 м;

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелетот и тоа горни и долни екстремитети,карлица,рбет и череп. Покојникот е поставен на грб со паралелно испружени нозе и свиени раце кај лактите и свиена глава налевата страна. Скелетот е со ориентација запад-исток со поглед према исток и сочуваната должина изнесува 1,60м;

**Археолошки наоди** - бронзена фибула-во висина на левата града; амфора –во ЈИ агол,во устието на садот е поставена чаша; во СИ агол откриена е уште една амфора**(Т.IV,сл.3)** во чие устие пак е поставен топчест кантарос**(Т.IV ,сл.4)**; непосредно до овие два сада од западната страна има еден фрагмент од железно копје.

**Гроб бр. 12**

**Конструкција** - На 0,30 м ЈЗ од гробот 9 всушностред од камења кој е граница меѓу гробовите 9-12 и на 0,60 м ЈИ од гробот 11 се протега гробот 12. Оостатоци од гробната архитектура има само од ЈИ и СИ страна,ориентација СИ-ЈЗ;

**Остеолошки наоди** - остатоци од покојникот и тоа черепот, градниот кош, бутните коски и десната рака. Лежи на грб со испружени нозе и десна рака поставена на страна и свиена во лакотот. Черепот е скршен од притисокот на земјата, а сочуваната должина изнесува 1,45 x 0,45 м- ширина на раменици;

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 13 (Т.V)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со два реда хоризонтално поставени камења и три до четири реда вертикално поставени камења. Димензиите изнесуваат:надворешни 2,30x1,30 и внатрешни1,85 x0,75 м, длабочината изнесува 0,55 м. Ориентација И-З со поглед према запад со девијација СИ-ЈЗ;

**Остеолошки наоди**–Детски покојник на возраст од 12-15 години со сочувани остатоци од скелетот и тоа: фрагменти од черепот и долните екстремитети. Сочуваната должина изнесува 1,35 м;

**Археолошки наоди** - два унгвентариума на 0,30м СИ од черепот, додека во СЗ агол амфора**(Т.V ,сл.1)** и јужно од неа уште еден топчест сад**(Т.V,сл.2)**.

**Гроб бр. 14 (Т. ,сл.)**

**Конструкција** - правоаголна јамаоивичена со 1-2 реда хоризонтално поставени реда на камења, а 2-3 вертикално. Ориентиран е СИ-ЈЗ. Димензиите на јамата се: 1,90 x 1,00м-надворешни и 1,50x0,60 м-внатрешни, а длабочината изнесува 0,55м;

**Остеолошки наоди** - Во самиот ЈИ агол на нивото на подот на гробот - фрагменти од черепот;

**Археолошки наоди** - на 0,60 м од ЈЗ ѕид на гробот- два сада и тоа оинохое**(Т.V ,сл.6)** и кантарос со две рачки на ниска нога**(Т.V ,сл.3)**. Во гробот се откриени уште еден кантарос **(Т.V ,сл.4)** и фрагменти од бронзен сад **(Т.V ,сл.5)**.

**Гроб бр. 15**

**Конструкција** - правоаголна јама со хоризонтално поставени 1-2 реда камења и верикално 3 до 4 реда. Ориентиран е исток-запад.Неговиот СЗ агол е уништен при ископувањето на гробот 5. Покрај сите наведени елементи можно е да се добие димензијата на гробот која изнесува: 2,80 x 1,30 м надворешна и 2,00 x 0,90 м внатрешна, длабочината изнесува 0,70 м;

**Остеолошки наоди** - остатоциод покојникот и тоа:фрагмент од десна надлактица, десна нога и лева потколеница. На основа од ова може да се каже дека покојникот лежел на грб со паралелно испружени нозе и испружена десна рака. Димензии на сочуваниот дел 1,40 м;

**Археолошки наоди** - железно копје-покрај десната рака, железен бодеж-од десна страна покрај карлицата према бутната коска.

**Гроб бр. 16 (Т. VI)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред хоризонтално и два до три реда вертикално поставени камења. Дебелината на ѕидовите од гробната конструкција се движи меѓу 25-30 см. Димензиите на гробот изнесуваат: 2,35 х 1,20 м надворешна и 2,10 х 0,65 м внатрешна , а длабочината на јамата е меѓу 0,50-0,65м.

**Остеолошки наоди** - На самото дно од гробната јама се наиде на човечки остатоци и тоа долните екстремитети и фрагменти од черепот. Вкупната должина од главата до крајот на нозете изнесува 1,30м. На основа на сочуваните остатоци може да се заклучи дека покојникот лежи на грб со паралелно испружени нозе и дека е ориентиран исток-запад со поглед кон запад.

**Археолошки наоди** - бронзена монета-во висина на десната карлица, оинохое-во СЗ агол **(Т.VI ,сл.2)**и кантарос во ЈЗ агол**(Т.VI ,сл.1)**.

**Гроб бр. 17 (Т.VI)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со два реда камења вохоризонтала и три до четири реда во вертикала. Димензиите на откриениот дел изнесуваат 1,35 х 1,15 м надворешни.а 1,20 х 0,60 внатрешни. Длабочината изнесува 0,65 м;

**Остеолошки наоди**–Со расчистувањето на внатрешниот дел од овој гроб на крајниот СЗ дел-групација на човечки коски и тоа претежно остатоци од долни и горни екстремитети. Се работи за возрасен покојник на кој врз основа на овие остатоци не може точно да му се одреди староста и полот.

**Археолошки наоди** - и во самиот ЈЗ агол Арибалос од стаклена паста,а во СЗ бронзена монета доста кородирана и унгвентариум..

**Гроб бр. 19**

**Конструкција - /**

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди** - оинохое **(Т.VI ,сл.4)**

**Гроб бр. 20 (Т.VI)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда вертикално поставени камења и ориентирана е СИ-ЈЗ, ЈЗ дел од гробот е оштетен за време вкопувањето на јама на тој простор,така што недостасува ЈЗ дел од гробната архитектура до висина на главата и левото рамо.На основа крајните камења може да се констатира дека надворешните димензии нагробот изнесуваат 3 ,00 x 1,10 м,а внатрешните 2,30 x 0,70 м;

**Остеолошки наоди** - Коските се релативно добро сочувани и вкупната должина изнесува 1,40 м без главата.Покојникот лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце покрај телото,ориентиран е ЈЗ-СИ со поглед према СИ;

**Археолошки наоди** -1 железен меч со врвот према ЈЗ, од десната страна на просторот помеѓу ЈИ ѕид и покојникот во висина од половината на десната бутна коска до крајот на главата; на самиот врв од мечот лежат две копја кои со корозијата се прилепени едно до друго до самиот меч.;под нозете на покојникот на СИ страна покрај левата нога- стапалото се откри чаша со сифкаста фактура; во СИ агол амфора со цилиндричен врат и две рачки **(Т.VI ,сл.5)**во ЈЗ агол три бронзени сада и тоа :лебес,чинија и помал бронзен сад во вид на чаша.

**Гроб бр. 21(Т. VII-VIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда камен кој на источната страна е делумно поставуван,бидејќи тука ѕид претставува карпата.Ориентиран е С-Ј. Надворешните димензии изнесуваат 3,10 x 1,30м,а внатрешните2,20 x 0,70 , длабочината изнесува 0,85 м;

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет кој е фрагментарно сочуван и тоа делови од череп,бутни коски и потколеници.Вкупната должина на скелетот е 1,45 м.Лежи на грб со споени колении.Ориентиран е Ј-С со поглед према С со девијација према ЈИ-СЗ;

**Археолошки наоди** - унгвентариум црнофирнизиран на горната половина-покрај десна потколеница**(Т.VIII ,сл.2)**;покрај левата потколеница,поточно према СЗ агол се открија следните наоди: бронзен сад и бронзен бокал**(Т.VII ,сл.2 и 3)**,еден врз друг,згмечени и лошо сочувани,доста кородирани.Нагоре наведениот простор во самиот СЗ агол се откри ојнохое и пехар или кантарос**(Т.VIII ,сл.1)** во самиот отвор како капак на ојнохоето;меѓу овие два сада и бронзените садови се откри мало ојнохое и бронзен плочест медаљон**(Т.VII ,сл.1)**.

**Гроб бр. 22 (Т.VIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда камења вертикално поставени и неправилно распоредени. Надворешнитедимензии изнесуваат2,30 х 1,40 м, а длабочината изнесува0,35 -0,40 м, ориентација И-З;

**Остеолошки наоди** - Над нивото од гробот во ЈИ агол се откри половина од череп,во СИ агол ситни фрагменти од човечки коски доста растресени,а во СЗ агол фрагменти од долни екстремитети - бутни коски и подколеница.;

**Археолошки наоди** - Во СИ агол - железно ноже,над него унгвентариум**(Т.VIII ,сл.4)**,а над него железно копје; во средината на гробот покрај северниот ѕид - амфора на која како капак е поставена чаша**(Т.VIII ,сл.5 и 7)**,од источната страна на садот уште една чаша; во самиот ЈЗ агол - амфора; помеѓу амфората во СЗ агол и групација на садови во средина на гробот - уште еден унгвентариум**(Т.VIII ,сл.6)**.

**Гроб бр. 25 (Т.IX)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 редасо поголеми и помаликамења за која неможеме да дадеме точни димензии бидејќи во СЗ агол е уништена при вкопувањето на јама на овој простор како и во СИ дел од подколениците надолу исто од вкопана јама.Сочуваните димензии изнесуваат 1,85 х 1,15 м надворешни, 1,60 х 0,60 м внатрешни;

**Остеолошки наоди** - остатоци од черепот како и горните екстремитети и бутните коски. Покојникот лежи на грб со паралелно поставени нозе и глава свиена настрана.Должината на сочуваниот дел изнесува 1,15 м; Скелетот е ориентиран СЗ-ЈИ со поглед према ЈИ.

**Археолошки наоди** - бронзена фибула во висина на левото рамо; од десната страна покрај коските во ЈИ ѕид од гробот на просторот од градниот кош до бутната коска два керамички сада во чии отвори како капаци поставени се по една чаша и СИ од садовите друга чаша превртена надолу.Помеѓу садовите и ЈИ ѕид од гробот поточно под самата ЈИ ивица од садовите - копје со врвот према ЈЗ**(Т.IX ,сл.1-3)**.

**Гроб бр. 26 (Т.IX)**

**Конструкција** - поголема правоаголна јама оивичена со два реда камења во хоризонтала и 3-4 реда во вертикала.Димензиите изнесуваат 2,80 х 1,60 м надворешна и 2,40 х 1,10 м внатрешна, а длабочината 0,60 - 0,75 м;

**Остеолошки наоди** - открија остатоци само од долните екстремитети и тоа во самата средина од гробот бутните коски и делови од потколеницата на основа кои може да се заклучу дека покојникот лежи на грб со доста раширени нозе,а главата се наоѓала на источната страна,што значи дека скелетот е ориентиран И-З со поглед према З.Должина на сочуваните коски изнесува 0,60 м;

**Археолошки наоди** - во ЈЗ агол неколку фрагменти од керамички сад, во СЗ агол два унгвентариума, унгвентариум и чаша на 0,45 м западно од западниот ѕид на гробната конструкција**(Т.IX ,сл.4-6)**.

**Гроб бр. 27 (Т.IX)**

**Конструкција** - Гробната конструкција била од вертикално поставени камења и камења поставени на самиот скелет.Оваа конструкција е фрагментарно сочувана;

**Остеолошки наоди** - Откриен е само черепот,десното рамо и десната рака и продолжува према СИ под мозаичните површини во северната половина на средишниот кораб.Се откри детски скелет. Ориентиран е СИ-ЈЗ гледа према СИ,лежи на грб со свртена глава на левата страна,свиен рбет во S со испружени нозе и раце покрај телото. Димензиите на скелетот се 0,70 х 0,27 м. Коските се фрагментарно сочувани. Бутната коска изнесува 14,5 см; Детски покојник на возраст од околу 18 месеци.

**Археолошки наоди** - стаклена балсамара во пределот на карлицата, три јагнешки ашици под карлицата,покрај левата бутна коска-меѓу нозете.

**Гроб бр. 28 (Т. X)**

**Конструкција** - правоаголна вкопана јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала. Ориентација ЈЗ - СИ.Надворешните димензии изнесуваат 1,70 х 1,00 м, а внатрешните 1,10 х 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - нема

**Археолошки наоди** - кана **(Т. X ,сл.1)**

**Гроб бр. 31 (Т. ,сл.)**

**Конструкција** -правоаголна соѕидана конструкција од 1-2 реда камења во хоризонтала и 2-3 реда во висина.Димензиите се: надворешни 1,55 х 0,45 м,внатрешни 1,05 х 053 м, длабочината изнесува 0,38 - 0,50 м.Ориентација С-Ј;

**Остеолошки наоди** - Гробот е детски. Сочувани се сосема малку коски и тоа од долните екстремитети .На основа сочуваните остатоци може да се констатира дека е ориентиран С-Ј гледа према Ј;

**Археолошки наоди** - На 0,35 м јужно од северниот ѕид во средината се откри теракотна фигурина.

**Гроб бр. 32 (Т. X)**

**Конструкција**- правоаголна јама,оивичена со 1-2 реда камења во хоризонтала и 3-4 реда во вертикала.Димензии: надворешни 2,50 х 1,20 м, внатрешни 2,10 х 0,70 м, длабочината изнесува од 0,45 - 0,60 м. Ориентација СИ-ЈЗ.

**Остеолошки наоди** - Во внатрешниот дел од правоаголната гробна конструкција на неколку места се открија расфрлани човечки коски. Според антрополошката анализа се работи за двојно погребување. Погребани се возрасен покојник на кој не може да му се одреди староста и полот и дете на возраст од околу 2 години.

**Археолошки наоди** - На самиот ЈЗ дел покрај ѕидот има два сада - амфора со две рачки и чаша. При расчистувањето покрај черепот во средина на гробот се открија мониси од ѓердан и остатоци од бронза кои се многу кородирани. Всушност претставува обетка, калотеста во приврзокот,а алката од плетена тенка бронзена жица.

**Гроб бр. 33 (Т.XI)**

**Конструкција** -правоаголна јама ископана во земјата,во правец СИ-ЈЗ.Оивичена е со 1-2 реда во хоризонтала и 2-4 реда вертикала покрупни и средни камења. Димензии: надворешни 2,70 х 1,40 м, внатрешни 2,30 х 0,80 м, длабочината изнесува 0,80 м на ЈИ страна и 0,40 на СЗ.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван,недостасуваат само подлактиците.Лежи на грб со свиена глава према десното рамо со испружени раце покрај телото и паралелно поставени нозе.На просторот покрај десната потколеница се откри групација на човечки коски и тоа само од долните екстремитети.Се работи за

двојно погребување.Помладиот покојник е маж на возраст од 25-35 години, додека за групацијата на човечки коски нема елементи за одредување на старост и пол.

**Археолошки наоди** - Под нозете во СИ агол се откри амфора и кантарос како капак кои стојат исправено **(Т.XI ,сл.2 и 5).** Над нив се протега друга амфора со скифос како капак**(Т.X I ,сл.3 и 6).** Во самиот ЈИ агол од висина на долната подколеница се открија три железни копја и задни делови од копја**(Т.X,сл 2-3 и Т.XI ,сл.1,4 и 7)**.Под самата амфора која стои исправено се протега друго копје**(Т.XI ,сл.8)**. Врвовите се према СИ.

**Гроб бр. 34 (Т.XII)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и два реда во вертикала,се протега во правец И-З.Димензии: надворешни 2,00 x 1,00 м, внатрешни 1,50 x 0,55 м ,висина0,45 м.

**Остеолошки наоди** - нема

**Археолошки наоди** - На 0,40 м од источен ѕид се откри унгвентариум со бела фактура во правец И-З и топчест кантарос **(Т.XII ,сл.2)**.

**Гроб бр. 35 (Т.XII)**

**Конструкција**-правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и два реда во вертикала. Димензии: надворешни 2,40 x 1,10 м, внатрешни 1,90 x 0,55 м, висина 0,50 м. Ориентација И-З.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван.Сочувани се остатоци од черепот,бутните коски,прстите и дел од подлактиците.Од сочуваните остатоци се констатира дека покојникот лежи на грб со паралелно испружени нозе и преклопени раце над карлицата.Ориентиран е И-З со поглед према И. Се работи за возрасен машки покојник.

**Археолошки наоди** - над главата до З ѕид се откри керамички сад ифрагменти од друг сад.

**Гроб бр. 36**

**Конструкција** - Се протега на самиот ЈИ ѕид од гробот 32 ,непосредно ЈИ од гробот 37 и западно од гробот 34;СЗ од гробот 33.Лежи над сите гробови и тоа на природна стена лискун преку која се протегаат сите горе наведени гробови.

**Остеолошки наоди** - Нагоре опишаниот простор,на простор 0,65 x 0,30 м во правец ЈИ-СЗ се открија три фрагменти од скелет од долните екстремитети и фрагменти од череп.
**Археолошки наоди** - Покрај коските се открија фрагментарно сочувани-теракотна фигурина и керамички мал сад со црвена фактура.

**Гроб бр. 37 (Т.XII)**
**Конструкција**- правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала,а 2-3 реда во вертикала.Од Северна страна во СЗ агол граничи со гробот 40, а во СИ агол со гробот 41.Овие гробови го имаат деформирано - оштетено С ѕид од гробот. Димензии: надворешни 2,40 x 1,05 м, внатрешни 1,10 x 0,70 м и висина 0,60 м. Ориентација СИ - ЈЗ.
**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце покрај телото и свиена глава премалевата страна.Ориентиран е СИ-ЈЗ гледа према ЈЗ. Женски покојник на возраст од над 45 години.
**Археолошки наоди** - во ЈЗ агол покрај - под левата нога два керамички сада - ојнохое и кантарос со црвена фактура(**Т.XII ,сл.3** ).

**Гроб бр. 38 (Т.XII)**
**Конструкција** - растурен coѕидан гроб кој има доста монументален фундамент чии димензии изнесуваат 2,50 x 1,25 x 0,95 м.Ориентиран е И-З.На неговата ЈЗ страна сочувани се остатоци од ѕидовите наг робот чија ширина изнесува 0,35 м, а висина 0,15 м.Ѕидан е од камен и варов малтер,а многу ретко има фрагменти од тули.Фундаментот е грубо ѕидан и тоа во правоаголна дупка нафрлени се камења, ретко фрагменти тули и варов малтер.
**Остеолошки наоди** - нема
**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 39 (Т.XIII)**
**Конструкција** - правоаголна јама ориентирана СИ-ЈЗ, оивичена со 1-2 реда во хоризонтално и 2-3 реда вертикално поставени камења.Димензии: надворешни 3,00 x 1,30 м, внатрешни 2,40 x 0,80 м, висина од 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,лежел на грб,ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон СИ.Сочувани се остатоци од долните и горните екстремитети и фрагменти од черепот.

**Археолошки наоди** - На просторот од главата -паница(**Т.XIII ,сл.1**).Во СИ агол керамички сад и кантарос како капак(**Т.XIII ,сл.2**). Во ЈИ агол железно копје , 8 апшци источно од керамичкиот сад.

**Гроб бр. 40 (Т.XIII)**

**Конструкција** -правоаголна јама со ориентација СИ-ЈЗ,оивичена со еедн рад камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала.Димензии: надворешни 2,00 x 0,85 м, внатрешни 1,40 x 0,60 м, висина 0,47 м.

**Остеолошки наоди** - мал број остатоци од човечки коски и тоа на СИ дел остатоци од черепот,а на ЈЗ страна од екстремитетите, на основа кои може да се каже дека е ориентиранСИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ.

**Археолошки наоди** - мал керамички сад со една рачка во ЈЗ агол(**Т.XIII,сл.3**).

**Гроб бр. 41 (Т.XIII)**

**Конструкција** -правоаголна гробна јама со ориентација СИ-ЈЗ,оивичена со еедн рад камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала. Димензии: надворешни 2,00 x 0,85 м, внатрешни 1,40 x 0,60 м, висина 0,47 м.

**Остеолошки наоди** - мал број остатоци од човечки коски и тоа на СИ дел остатоци од черепот,а на ЈЗ страна од екстремитетите, на основа кои може да се каже дека е ориентиранСИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ. Според антрополошките податоци се работи за двојно погребување. Погребани се женски возрасен покојник и дете на возраст од 15 години.

**Археолошки наоди** - во ЈЗ агол амфора со чаша како капак и унгвентариум(**Т.XIII,сл.4 - 6**).

**Гроб бр. 42 (Т.XIV)**

**Конструкција** -детски гроб покриен со поголем плочест камен.Се протега на простор 0,90 x 0,35 м во правец И-З.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван.Се работи за дете на возраст од 1 година.

**Археолошки наоди** - керамички сад со една рачка(**Т.XIV ,сл.1**)

**Гроб бр. 43 (Т.XIV)**

**Конструкција** -правоаголна јама во правец И-З,оивичена со 1-2 реда камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала. Димензии:надворешни 2,45 x 1,10 м,внатрешни 2,00 x 0,70 м,висина од 0,40 -0,55 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван.Ја нема левата потколеннца и оштетен е на черепот.Лежи на грб со испружени раце покрај телото и паралелно споени нозе кај колениците.Должината на скелетот изнесува1,60 м;Ориентиран е И-З гледа према исток;Машки покојник на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** - во ЈИ агол од гробната конструкција поставена била амфора и чашана неа како капак**(Т.XIV ,сл.2 и 3)**, покрај левата и десната рака од лактото нагоре и надолу се открија две железни копја, покрај черепот од левата страна се откри тулец од копје.

**Гроб бр. 44 (Т. XIV)**

**Конструкција** -правоаголна јама со еден ред камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала покрупни камења. Димензиите се: надворешни 2,80 x 1,20 м, внатрешни 2,30 x 0,85 м, висина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - остатоци на човечки коски и тоа долните екстремитети,фрагменти од горните,карлицата,черепот како и рбетот.Димензии на скелетот се 1,65 x 0,50 м.Во самиот ЈИ агол од висината на коленото,па према СИ се откри групација на коски од долните екстремитети и фрагменти од череп. Се работи за двојно погребување. Помладиот покојник е маж на возраст од 35-45 години, додека за групацијата на човечки коски нема елементи за одредување на старост и пол.

**Археолошки наоди** - Во самиот СИ агол - два сада - амфора и ојнохое и фрагменти од кантарос кој најверојатно бил како капак на амфората,но оштетен при поставување на гробот 47.Покрај десното рамо,во самиот ЈЗ агол - две железни копја.Под и во групацијата на коски во ЈИ агол - железно копје.

**Гроб бр. 45 (Т.XIV)**

**Конструкција** -Се протега на самиот северен дел од З ѕид од гробот 41.

**Остеолошки наоди** - Всушност тој претставува неколку фрагменти од човечки коски од долните екстремитети и черепот кои се протегаа на простор 0,60 x 0,40 м во правец С-Ј со девијација према ЈИ-СЗ.Коските од потколениците лежат паралелно insituво правец С-Ј.

**Археолошки наоди** - мал керамички сад со една рачка**(Т.XIV, сл.4)**.

**Гроб бр. 46 (Т.XV)**

**Конструкција -/**

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди** - оинохое **(Т.XV ,сл.1 и 2)**

**Гроб бр. 47 (Т.XV)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со два реда камења во хоризонтала и три во вертикала.Гробната конструкција е оштетена -уништена и тоа СИ и СЗ ѕид.Димензии: надворешни 2,40 х 1,00 , внатрешни 1,85 х 0,65 м.висина0,45 **м.**

**Остеолошки наоди** - остатоци од човечки коски и тоа групирани и нафрлени на самиот ЈЗ крај и тоа претежно од екстремитетите.На 0,15 м СИ од нив паралелно поставени се две потколеници кои се фрагментарно сочувани.На основа нив може да се каже дека скелетот бил поставен во правец СИ-ЈЗ гледа кон ЈЗ.

**Археолошки наоди** - амфора **(Т.XV ,сл.3)** и калапена чаша пластично декорирана како капак во самиот ЈЗ агол од гробот.Под групацијата нафрлени коски -керамичен фрагмент -дно од чаша **(Т.XV ,сл.4)**.

**Гроб бр. 48 (Т. XV)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и еден ред вертикално поставени камења.Димензии на сочуваниот дел: надворешни 2,30 х 1,00 м, внатрешни 2,10 х 0,65 м, висина 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - Коските на покојникот се релативно добро сочувани.Тој лежи на грб со паралелно поставени нозе,свиена глава на левата страна и свиена лева рака со која држи керамички сад.Ориентиран е СИ-ЈЗ гледа кон СИ. Машки покојник со возраст од над 45години.

**Археолошки наоди** - керамички сад

**Гроб бр. 49 (Т. XV)**

**Конструкција** -Се протега на 0,60 м источно од гробот 48 и 0,50 над ѕидот како и на 1,80 мСЗ од гробот 60.

**Остеолошки наоди** - череп над кого е поставен камен.Се се протега на простор 0,30 х 0,30 м.Черепот е свртен со лицето надолу. Се работи за дете на возрастод 4-6 години.

**Археолошки наоди** - мал керамички сад со една рачка и стаклена балсамара

**Гроб бр. 50 (Т.XVI)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама над нивото од хоризонтот камења од комплексот хеленистички и римски гробови. Јамата е покриена со пет тегули во правец И-З со мала девијација ЈИ-СЗ и на источниот дел со хоризонтално поставени тегули,фрагменти од тегули и ќерамиди.Западната тегула е оштетена - недостасува 1/3.Димензии: должина 2,10 м ,ширина 0,75 м.Сите тегули во средината се пукнати и пропаднати.Димензиите на правоаголната јама се 1,80 м х 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - На 0,60 м од нивото на поставените тегули - човечки скелет ориентиран З-И гледа према исток. Скелетот е фрагментарно сочуван,долг е 1,50 м. Лежи на грб со паралелно испружени раце. Машки покојник со возраст од над 45години.

**Археолошки наоди** - бронзен прстен алкана просторот од нозете покрај десната бутна коска - до коленото**(Т.XVI ,сл.1)**.

**Гроб бр. 51 (Т. XVI,сл.)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда камења вохоризонтала и 3-4 реда вовертикала.Ориентиран е СИ-ЈЗ.Димензии: надворешни 2,50 х 1,10 м, внатрешни 2,10 х 0,70 м, длабочината изнесува 0,50 м;

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван,ориентиран е СИ-ЈЗ гледа према ЈЗ.Лежи на грб со испружени раце покрај телото,паралелно поставени нозе и свиен череп према градите. Сочуваната должина е 1,35 м; Женски покојник на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** - Бронзена монета,во десна рака ; Амфора во СИ агол и кантарос како капак**(Т.XVI ,сл.2 и 4)**, унгвентариум СИ до амфората**(Т.XVI ,сл.3)**.

**Гроб бр. 52 (Т.XVI)**

**Конструкција** - Се протега источно од гробот 51-непосредно од источниот ѕид. Се работи за вкопана јама во природна варова стена, бутна коска 27,5 см,потколеница 14 см;

**Остеолошки наоди** -. Ориентацијата е И-З со мала девијација према ЈИ-СЗ гледа према исток.Лежи на грб со поставени раце на карлицата и испружени нозе,споени кај колениците. Сочуваната должина е 0,86 м; Се работи за дете на возраст од 3-4 години.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 53 (T.XVII)**

**Конструкција** -правоаголна конструкција од еден ред камења во хоризонтала и четири реда во вертикала,во правец СИ-ЈЗ. СЗ агол е оштетен.Од ЈЗ страна е природната варовникова стена.Димензии: надворешни 1,70 x 0,85 м , внатрешни 1,25 x 0,45 м,длабочината изнесува 0,55 м;

**Остеолошки наоди** - фрагменти од черепот и тоа во СЗ агол, според што може да се одреди и ориентацијата СИ-ЈЗ со поглед према СИ; Дете на возраст од околу 3 години.

**Археолошки наоди** – во СИ агол - керамички сад со една рачка

**Гроб бр. 54 (T.XVII)**

**Конструкција** - правоаголна јамаоивичена со еден ред камења во хоризонтала и два во вертикала,во правец ЈИ-СЗ.Гробната конструкција на СЗ дел е оштетена и уништена.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван и тоа черепот,бутните коски и делови од потколениците.Должината на сочуванот дел 1,35 м, ориентиран е ЈИ-СЗ со поглед према СЗ. Женски покојник на возраст од 15-21 година.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 55**

**Конструкција** правоаголна јама аво правец СИ-ЈЗ,оивичена доста грубо со 3-4 реда камења во вертикала и нафрлени камења на целиот простор од правоаголната јама. Гробната конструкција има претрпено оштетување на горните делови при подоцнежните погребувања. Димензии: надворешни 3,00 x 1,20 м, внатрешни 2,15 x 0,70 м, длабочина 0,60 м;

**Остеолошки наоди** - фрагментарно сочувани човечки коски и тоа черепот,долните и горните екстремитети. Покојникот лежи на грб со паралелно испружени нозе и свиена лева рака на стомакот.Ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ; Женски покојник на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** – Амфора и кантарос како капак(**T.XVII ,сл.2 и 3**),во самиот СЗ агол, на просторот од главата две златни обетки со лавја глава кои се деформирани од притисокот на земјата, под градите унгвентариум(**T.XVII ,сл.4**).

**Гроб бр. 56 (Т.XVII)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала.Конструкцијата е фрагментарно сочувана, оштетена е на ЈИ страна.Димензии: надворешни 1,40 x 0,90, внатрешни 0,95 x 0,50 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - Сочувани се сосема малку остатоци од скелетот и тоа траги од долните екстремитети и черепот,на основа кои се констатира дека е погребано дете со ориентација СИ-ЈЗ гледа кон ЈЗ.

**Археолошки наоди** - НаЈЗ дел покрај ѕидот во СЗ агол - мал керамичкисад со една рачка,садот има црвена фактура**(Т.XVII ,сл. 5)** и мала амфора**(Т.XVII ,сл.6)**.

**Гроб бр. 57 (Т. XVIII)**

**Конструкција** -правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала.СИ агол од гробната конструкција е оштетен. Димензии: надворешни 2,00 x 0,80 м, внатрешни 1,65 x 0,55 м, длабочина 0,38 м.

**Остеолошки наоди** - неколку фрагменти од скелетот и тоа горниот дел од черепот во СЗ агол и двете потколеници покрај ЈИ ѕид,спрема ЈИ дел од гробот.На основа сочуваните фрагменти од човечки коски може да се каже дека ориентацијата е ЈЗ-СИ,гледа прама СИ. Детски покојник на возраст од 8-10 години.

**Археолошки наоди** - Во самиот СИ агол - ојнохое и кантарос како капак**(Т.XVIII ,сл.1 и 2)**.

**Гроб бр. 58 (Т.XVIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена се два реда камења во хоризонтала и 3-4 реда во вертикала.Димензии: надворешни 2,70 x 1,20 м, внатрешни 2,15 x 0,70 м, длабочина 0,65 м.Ориентиран е СИ-ЈЗ;

**Остеолошки наоди** - остатоци од човечки коски и тоа: групација на коски(долни екстремитети и фрагменти од черепот) во крајниот ЈЗ дел,а по целата должина од ЈИ страна се открија остатоци од скелет кој е релативно добро сочуван. Покојникот лежи на грб со испружени раце покрај телото, недостасуваат потколениците,а испружените нозе малку се споени кај колениците. Ориентиран е СИ-ЈЗ со поглед према ЈЗ; Се работи за двојно погребување. Помладиот покојник е жена на возраст од над 45 години, додека за групацијата на човечки коски се работи за дете на возраст од 8-10 години.

**Археолошки наоди** - Бронзена монета во десната рака, амфора во самиот ЈЗ агол(**Т.XVIII ,сл. 5**), во средишниот простор - керамички фрагменти од поголем сад со црвена фактура. При креваењето на садот - амфората која е исполнета со земја,се откри бронзен прстен(**Т.XVIII ,сл.3**).

**Гроб бр. 59 (Т.XIX)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и два до три реда во вертикала.Димензии: надворешни 2,50 х 1,30 м, внатрешни 2,30 х 0,80 м, длабочина 0,70 м;

**Остеолошки наоди** - сочувани се долните екстремитети и черепот.Коските се деформирани,карлицата е споена,десната нога стои право,а левата е свиена во коленото према надвор. Должината на сочуваниотскелет е 1,70 м.Ориентиран е ЈЗ-СИ,гледа према СИ; Машки покојник со возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** - Под нозете во СИ агол - амфора со кантарос какокапак(**Т.XIX,сл.1 и 3**),аод половината на левата потколеница према СИ агол-железно копје.Остатоциод железно копје има и покрај левоторамо на скелетот.

**Гроб бр. 60 (Т.XIX)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред хоризонтално поставени камења и 1-2 реда вертикално.Ориентиран е СИ - ЈЗ со мала девијација према С-Ј. Димензии: надворешни 1,75 х 0,85 м, внатрешни 1,45 х 0,50 м ,длабочина 0,30 м.

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелетот и тоа черепот,бутните коски,левата подлактица и фрагменти од потколениците. Покојникот лежи на грб со свиена глава према левото рамо,со испружени нозе,но малку издеформирани бутни коски,десната карлица лежи повисоко од левата,со поставени раце над карлицата. Ориентација СИ-ЈЗ со поглед кон ЈЗ. Дете на возраст од 6-8 години.

**Археолошки наоди** - од двете страни на черепот во висина на ушите - бронзени обетки кои се многу кородирани(**Т.XIX,сл.6**), на левата рака бронзен прстен(**Т.XIX,сл.8**), на левото рамо бронзена омега игла (**Т.XIX,сл.4 и 7**), над десното рамо - синџир од бронзени алки и железен предмет со нејасна претстава(**Т.XIX,сл.5**),а во ЈИ агол од крајот на левата бутна коска керамички сад со една рачка,калапена чаша со пластична декорација како капак(**Т.XIX,сл.9**) и во самиот ЈИ агол унгвентариум.

**Гроб бр. 61 (Т. XX)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда покрупен камен во вертикала и хоризонтала, ориентирана СИ-ЈЗ. Димензии: надворешни 3,00 x 1,45 м, внатрешни 2,30 x 0,90 м, длабочина 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Долж самата должина од гробот - доста добро сочуван скелет. Ориентиран е ЈЗ-СИ гледа кон СИ .Лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце покрај телото, сочуваната должина изнесува 1,60 м. ВоСЗ агол од висината на карлицата - групација на човечки коски и тоа долните екстремитети и остатоци од череп. Се работи за двојно погребување. Помладиот покојник е маж на возраст од околу 21 година, додека за групацијата на човечки коски нема елементи за одредување на старост и пол.

**Археолошки наоди** - Бронзена монета во десната рака; бронзена монета во висина на десното рамо;Железен меч и копје (прилепени), од висина на главата до коленото од десната страна; чаша во СИ агол(**Т.XX,сл.1**); амфора и кантарос како капак во ЈИ агол(**Т.XX,сл.2 и 4**); керамички сад со една рачка во пределот на стомакот. Бронзен сад во вид на грне(**Т.XX,сл. 3**),над левиот лакт. Железно копје,во самата гулација од коски.

**Гроб бр. 62 (Т.XX)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и два реда во вертикала.Ориентиран е СИ-ЈЗ.СИ агол од гробната конструкција е оштетен при поставување на јама.

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет од кој черепот е свиен на десното рамо,а нозете се споени кај колениците.Скелетот е ориентиран СИ-ЈЗ гледа према СИ.Станува збор за машки покојник на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** - Во самиот ЈИ агол -амфора и чаша како капак, а во ЈЗ агол покрај самиот ЈИ ѕид од висината на десната подлактица две железни копја едно над друго.

**Гроб бр. 63 (Т. XX)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец И-З без конструкција и со димензии 0,90 x 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Скелет со должина 0,78 . Лежи на грб со рацете покрај телото и свиени кај лактите,паралелно поставени нозе и свиена глава према градите. Дете на возраст од околу 18 месеци.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 64 (T.XXI)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама без конструкција во правец СИ-ЈЗ со димензии 1,05 x 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Скелет со димензии: 0,80 x 0,21 м - скелетот лежи на грб со испружени припиени раце до телото и испружени нозе.Главата е свиена према градниот кош.Ориентиран е СИ-ЈЗ, гледа према СИ. Дете на возраст од 2-3 години.

**Археолошки наоди** - На просторот помеѓу колениците и под нив - 17 јагнешки ашици. Некои од ашиците се перфорирани.

**Гроб бр. 65**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец И-З без гробна конструкција со димензии 0,95 x 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - детски скелет долг 0,70 м, лежи на грб со раце поставени покрај телото- свиени кај лактите и испружени нозе, со свиена десна нога кај коленото. Дете на возраст од 1 година.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 66 (T. XXI)**

**Конструкција** - Од СЗ и ЈИ страна вертикално поставени беа два поголеми камења.

**Остеолошки наоди** - остатоци на коски од бебе и тоа черепот и екстремитетите во западниот дел од гробната јама; Се работи за новороденче.

**Археолошки наоди** - во СИ агол -растурен црнофирнизиран скифос**(T.XXI,сл.2)** и унгвентариум**(T.XXI,сл.1)**.На просторот помеѓу коските и керамиката - бронзена монета и бронзен предмет со нејасна припадност.

**Гроб бр. 67 (T.XXI)**

**Конструкција** - керамички сад (урна) исполнет со гареж,оивичен со вертикално поставени плочести камења, над кои околу копјето и камењата имаше доста горетина.Пречникот на оваа кружна конструкција изнесува 0,45 м надворешен,0,25 м внатрешен,висина 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - нема

**Археолошки наоди** - од јужната страна - свиено железно копје кое го прати кругот од камења. **(Т.XXI,сл. 3)**Во просторот околу камењата - фрагменти од друг сад - паница во средината перфорирана.

**Гроб бр. 68 (Т. XXII)**

**Конструкција** - кружна конструкција од вертикално поставени средни камења се пречник:надворешен 0,52 м,внатрешен 0,30 м.Во средината постои фрагментарно сочуван сад со црвена фактура (урна):

**Остеолошки наоди** - фрагментарно сочувани горени човечки коски; Дете во првите години од животот.

**Археолошки наоди** - сад (урна),а во него и ситни фрагменти од железо доста кородирано.

**Гроб бр. 69 (Т. XXII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец С-Ј со мала девијација ЈИ-СЗ,оивичена со еден ред хоризонтално и два реда вертикално поставени поситни и средни камења.Димензии: надворешни 2,80 х 1,00 м, внатрешни 2,10 х 0,65 м, длабочична 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - фрагменти на човечки коски и тоа само од долните екстремитети и тие дијагонално поставени од СЗ агол према ЈИ една по една.Во СИ агол - остатоци од черепот.Ориентацијата е С-Ј (СЗ-ЈИ) гледа кон Ј (ЈИ). Сочуваната должина изнесува 1,70 м;

**Археолошки наоди** - бронзена листовидна фибула со две игли која е доста кородирана,восамиот ЈЗ агол -амфора и кантарос до него од северна страна, во средината - калотест бронзен предмет најверојатно петлица со привезок од внатрешната страна.

**Гроб бр. 70 (Т.XXII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ оивичена со еден ред камења во хоризонтала,3-5 реда поголеми и средни камења во вертикала. На СИ и СЗ дел од ѕидовите се оштетени 1-2 реда.Димензии: надворешни 2,60 х 1,50 м, внатрешни 2,00 х 0,90 м, длабочина 0,80 м.

**Остеолошки наоди** - релативно добро сочуван скелет кој е ориентиран СИ-ЈЗ гледа кон ЈЗ.Лежи на грб со раширени раце-свиени во лактите и расчекорени нозе свиени во колениците. Сочуваната должина на скелетот е 1,30 м.

**Археолошки наоди** - во СЗ агол амфора и кантарос со црвена фактура - груб,како капак(**Т.XXII,сл. 1 и 2**), а од источна страна до садот кантарос - киликс црнофирнизиран и орнаментиран со друга боја. Во висина на градниот кош до рамото од левата страна покрај самиот ЈИ ѕид - две копја - подолго и пократко.

**Гроб бр. 71 (Т.XXII)**

**Конструкција** -правоаголна гробна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала.Ориентиран е СИ-ЈЗ.Димензии: надворешни 2,50 х 1,20 м, внатрешни 2,00 х 0,60 м, длабочина 0,60 м.Гробот 28 е вкопан во ЈЗ дел од овој гроб.

**Остеолошки наоди** - фрагментарно сочуван скелет ориентиран ЈЗ - СИ,гледа кон СИ. Се работи за возрасен машки покојник.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 72 (Т. XXIII)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама со правец И-З со девијација према ЈИ-СЗ.Оивичена е со еден ред во хоризонтала, 2-3 реда во вертикала покрупни и средни камења.Димензии: надворешни 2,30 х 1,30 м, внатрешни 1,10 х 0,85, длабочина 0,30-0,60 м.Гробната конструкција е оштетена од гробовите 6 и 94.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,долните екстремитети се паралелно поставени, се забележуваат фрагменти од карлицата и горните екстермитети и од черепот.Ориентиран е И-З,гледа кон исток.

**Археолошки наоди** - Од десната страна во висина на коленото - кантарос(**Т.XXIII,сл.1).**

**Гроб бр. 73 (Т.XXIII)**

**Конструкција-** правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и три во вертикала.Целиот простор беше исполнет со нафрлани камења.Димензии: надворешни 2,90 х 1,40 м , внатрешни 2,30 х 0,70 м.висина 0,70 м.Гробот е ориентиран И-З со мала девијација према ЈИ-СЗ.

**Остеолошки наоди** - Покрај Ј страна - фрагменти од скелет и тоа череп,дел од карлица и долните екстремитети. Сочуваната должина на скелетот е 1,60 м. Покојникот лежи на

грб со свиена глава према градите и споени нозете кај колениците. Женски покојник на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** - На 6 см од черепот во правец на вилицата златна обетка со лавја протома(**Т.XXIII,сл.2**); под вилицата и во должина од 20 см на градите од десната страна златно синџирче и два привезоци глави од коза; на просторот од десната рака бронзена монета доста кородирана; во ЈЗ агол од гробот керамички сад и до него према СЗ унгвентариум на горниот дел фирнизиран(**Т.XXIII,сл. 3**).

**Гроб бр. 74 (Т.XXIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред вертикално поставени камења.Димензии: надворешни 1,45 х 0,60 м , внатрешни 1,20 х 0,45 м, длабочина 0,23 м.Ориентиран е СИ-ЈЗ со поголема девијација

**Остеолошки наоди** - остатоци од детски покојник и тоа од черепот и траги од долните екстремитети на основа кои може да се констатира дека скелетот е поставен СИ-ЈЗ со поглед према ЈЗ.

**Археолошки наоди** - два сада и тоа на ЈЗ дел под нозете и тоа према СЗ агол мал сад со една рачка(**Т.XXIII,сл.4**) и према ЈЗ мала керамичка паница - патера.

**Гроб бр. 75 (Т. XXIV)**

**Конструкција** - правоаголна јама со ориентација С-Ј,со девијацијаСИ-ЈЗ, оивичена со еден ред хоризонтално и 2-3 реда вертикално поставени плочести камењаГробната архитектура е оштетена во СИ и ЈИ страна ,ЈИ ѕид е оштетен при поставувањето на гробот 105 кој со својот СЗ агол навлегува во гробот и го има оштетено скелетот во пределот на карлицата, десната бутна коска и десната потколеница.Димензии: надворешни 2,30 х 1,10 м, внатрешни 2,00 х 0,80 м, длабочина 0,55 м.Ориентиран е С-Ј(СИ-ЈЗ),гледа кон С (СИ).

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,лежи на грб со паралелно попставени нозе и свиена глава на левото рамо.

**Археолошки наоди** - Гробни прилози нема - С и СИ дел е уништен,каде најверојатно биле поставени.

**Гроб бр. 76 (Т. XXIV)**

**Конструкција** - гробната архитектура и скелетот се фрагментарно сочувани како последица на подоцнежното поставување на гробот 48,кој со неговата СЗ страна лежи

на ЈЗ дел од гробот 76.Претставува правоаголна јама оивичена со еден ред хоризонтално поставени камења и 2-3 реда вертикално.Сочувани димензии: надворешни 2,10 х 1,00 м, внатрешни 1,85 х 0,65 м. х 0,45 м кај рамениците.

**Остеолошки наоди** - остатоци од долните и горните екстремитети и карлицата.Должина на сочуваните остатоци изнесува 1,50 м. Покојникот лежи на грб со испружени раце покрај телото и паралелно поставени нозе.Ориентиран е ЈЗ-СИ,гледа према СИ. Се работи за возрасен машки покојник.

**Археолошки наоди** - Во самиот СИ агол амфора со кантарос како капак**(Т.XXIV,сл.1 и 2)**; во самиот ЈИ агол покрај ЈИ ѕид железно копје; десно од карлицата и во средина на стомакот и градите железни предмети со нејасна припадност.

**Гроб бр. 77 (Т.XXIV)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и два реда во вертикала. Камењата се вертикално поставени.Ориентиран е И-З. Димензии: надворешни 1,60 х 0,75 м, внатрешни 1,30 х 0,45 м, длабочина 0,30 м.

**Остеолошки наоди** - мали траги од човечки коски со нејасна припадност и тоа остатоци од черепот во западна страна и долните екстремитети на источната.Коските припаѓаат на детски гроб.

**Археолошки наоди** - Во самиот ЈИ агол - три сада и тоа : керамички сад со една рачка и кантарос како капак и унгвентариум во самиот агол.

**Гроб бр. 78 (Т.XXIV)**

**Конструкција** - Правоаголна гробна конструкција од наредени камења и тоа 1-2 реда во хоризонтала и 2-3 реда вовертикала,вкопана во природна стена - варовник од ЈИ и СИ страна.Во СЗ агол е оштетена.Димензии на правоаголна дупка се: надворешни 2,40 х 1,40 м, внатрешни 2,10 х 0,80 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет од кој се сочувани долните екстремитети и черепот и фрагменти од десната рака,карлицата и рбетот. Сочуваната должина изнесува 1,48 м. Покојникот лежи на грб со испружени раце покрај телото и споени коленици.Ориентиран е ЈЗ-СИ.На самиот СИ агол - групација на коски,череп и екстремитетите. Се работи за двојно погребување. Помладиот покојник е возрасен маж, додека за групацијата на човечки коски нема елементи за одредување на старост и пол.

**Археолошки наоди** - Во СИ агол - амфора и скифос како капак**(Т.XXIII,сл. 3)**.За одбележување е дека и на овој гроб во самиот СЗ ѕид се открија фрагменти од керамички сад.

**Гроб бр. 79**

**Конструкција** - Фрагментарно сочуван,оштетен е при поставувањето на јамите.Се протега непосредно СИ од гробот 80 и Ј од гробот 84,од 0,15 до 0,30 м под нивото од гробот 45 на неговиот СЗ дел. Спрема сочуваните остатоците од архитектуратаможе да се заклучи дека гробот е ориентиран СИ-ЈЗ.

**Остеолошки наоди** - Сочувани се само остатоци од фрагменти на човечки коски - долните екстремитети. Се работи за возрасен покојник на кој не може да му се одреди полот.

**Археолошки наоди** - керамички сад со една рачка**(Т.XXV,сл. 3)**

**Гроб бр. 80 (Т. XXV)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама ориентирана И-З со девијација према СИ-ЈЗ,оивичена со еден ред камења во хоризонтала и 4 реда во вертикала.Димензии: надворешни 2,80 х 1,30 м, внатрешни 2,30 х 0,90 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** -Скелетот е фрагментарно сочуван и тоа долните екстремитети,карлицата и черепот.Ориентиран е З - И,гледа кон исток. Сочуваната должина изнесува1,67 м.Се работи за возрасен машки покојник.

**Археолошки наоди** - амфора во пределот под нозете**(Т.XXV,сл.1)**,кантарос во ЈИ агол**(Т.XXV,сл.2)**,железно копје од коленото надолу до самиот Ј ѕид,железен предмет со нејасна припадност до копјето и железен фрагмент на просторот до десното рамо

**Гроб бр. 81 (Т.XXV)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец ЈИ-СЗ,оивичена со еден вертикално поставени камења.Гробната архитектура е фрагментарно сочувана-оштетена е при вкопување на подоцнежните погребувања. Димензии: надворешни 2,00 х0,85, внатрешни 1,75 х 0,60 м, длабочина 0,30 м.

**Остеолошки наоди** - На крајниорт СЗ дел - череп,а другите делови се оштетени при подоцнежните веќе наведени погребувања. Скелетот е ориентиран СЗ - ЈИ,гледа кон ЈИ. Дете на возраст од 4 години.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 82 (T.XXV)**

**Конструкција** - правоаголна јама ориентирана СИ-ЈЗ,оивичена со еден ред камења во хоризонтала и вертикала.Гробната архитектура е оштетена при подоцнежните интервенции т.е. погребувања.Димензии: надворешни 2,00 x 1,00 м, внатрешни 1,60 x 0,60 м, длабочина 0,30 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,недостасуваат черепот,рамениците и левата рака.Долг е од нозете до рамото 1,20 м.Ориентиран е СИ - ЈЗ,гледа кон СИ. Машки покојник на возраст од околу 15 години.

**Археолошки наоди** - под десната рака железно копје, а под левата рака кантарос.

**Гроб бр. 83 (T.XXV)**

**Конструкција** -правоаголна јама оивичена со еден ред камења во хоризонтала и два реда во вертикала со ориентација И-З.Претрпел оштетување при поставувањето на гроботl4.Димензии: надворешни 2,00 x 1,10 м. внатрешни 1,60 x 0,60 м, длабочина 0,35 м.

**Остеолошки наоди** - Освен некои ситни траги од човечки коски, други коски нема. Според гробните прилози,ориентиран е со мала девијација З-И,гледа кон исток.

**Археолошки наоди** - Во ЈИ агол - амфора и кантарос како капак**(T.XXV,сл.4 и 5)**.

**Гроб бр. 84 (T. XXVI)**

**Конструкција** - правоаголна јама со правец И-З,оивичена со еден ред хоризонтално и 3-4 реда вертикално и хоризонтално поставени плочести камења.Гробната конструкција е доста оштетена.Сочуван е источниот дел и дел од ЈЗ агол. Димензии: надворешни 2,00 x 0,90 м, внатрешни 1,45 x 0,65 м, длабочина 0,35 м.

**Остеолошки наоди** - Човечки коски нема.Можно е да е погребано дете или бебе кое според распоредот на гробните прилози во сите досега откриени гробови,ориентирано било И-З,гледа кон исток.

**Археолошки наоди** - Во СИ агол - керамичко садче со една рачка**(T.XXVI,сл.1)**.

**Гроб бр. 85 (Т.XXVI)**

**Конструкција** - Се протега непосредно до самиот С ѕид од северниот кораб,за 0,80 м во правец на источен ѕид од северна пастофорија. Претставува детско гробче оивичено местимично со вертикално поставени камења.Долг е 0,90 м,а широк 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван. Ориентиран е З-И гледа према И.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 86 (Т. XXVI)**

**Конструкција** - Детски гроб од тегули.Долг е 0,95 м.На подлогата има цела тегула и 1/2 покриен со една тегула од страните.а горе и по источната и западната страна со фрагменти од тегули.

**Остеолошки наоди** - фрагментирано сочуван скелет со свиена глава према левото рамо и раце поставени на стомакот.Ориентиран е З-И,гледа кон исток.Дете на возраст од 18 месеци до 2 години.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 87**

**Конструкција** - Детски гроб со тегули и се протега на самиот ЈИ агол од гробот 38. Ориентиран е И-З,гледа кон И.Димензии: долг е 0,90 м, аширок 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - Се работи за двојно погребување. Погребани се две деца од кои едното на возраст до 3 години, а другото на возраст до 1 година.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 88 (Т.XXVI)**

**Конструкција** - Ориентиран е З-И. На основата има две тегули на места оивичени со вертикално поставени средни камења, а странично и гореe покриен со тегули. Се протега помеѓу гробот 89 и фундаментот од гробот 36.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,долг е 1,05 м.Ориентиран е З-И,гледа кон исток. Се работи за дете на возраст од 4-6 години.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 89 (Т. XXVI)**

**Конструкција** - Претставува детски гроб и се протега до самиот СИ агол од С пастофорија.

**Остеолошки наоди** - черепот и бутните коски како и фрагменти од потколениците.Димензии : долго е 0,80 м, бутната коска 17 см.На главатавертикално е поставена една тула со димензии 42 x 30 x 4 см.Ориентиране ЈЗ -.СИгледа кон СИ. Дете на возраст до 3 години.

**Археолошки наоди -** нема.

**Гроб бр. 90**

**Конструкција** - Гроб од тегули кои се протегаат на самата средина од гробот 69,на 0,75 м над него.Ориентиран е И-З.Долг е 0,90 м,а широк 0,40 м.Во основата е една тегула со димензии 0,70 x 0,40 м на еден дел, а 0,33 м на друг и на источната страна тула со димензии 30 x 21,5 x 3 см.Тулата е иста како подовите од базиликата.Страничо се поставени по една тегула,а покриен е со фрагменти од тегули.

**Остеолошки наоди -** ситни остатоци од бебешки коски на основа кои не беше можно да се одреди ориентацијата.На основа другите откриени гробови од овој комплекс може да се претпостави дека е ориентацијата е З-И со поглед према исток.

**Археолошки наоди** -нема.

**Гроб бр. 91 (Т. XXVII)**

**Конструкција** - Претставува детски гроб од тегули. Долг е една тегула 0,65 м.

**Остеолошки наоди -** фрагменти од детски коски на основа кои се констатира дека е ориентиран З-И,гледа кон И.Се работи за новороденче во првите месеци од животот.

**Археолошки наоди -** нема.

**Гроб бр. 93 (Т. XXVII)**

**Конструкција** - правоаголна јама со правец ЈИ-СЗ, оивичена со еден ред во хоризонтала и два реда во вертикала покрупни камења. Димензии: надворешни 2,70 x 1,30 м, внатрешни 2,10 x 0,70 м, длабочина 0,50 м.

**Остеолошки наоди -** остатоци од скелет и тоа фрагментарно сочуван - череп и долните екстремитети.Долг е 1,40 м, ориентиран ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ.Лежи на грб со паралелно поставени нозе. Станува збор за женски возрасен покојник.

**Археолошки наоди** - Од левата и десната страна на черепот во висина на ушите - по една златна обетка со лавји протом. Во десната рака бронзена монета**(Т.XXVII,сл.5)**.На левата рака бронзен прстен со масивна кружна глава и плосната алка**(Т.XXVII, сл.4)**. ВоЈЗ агол керамички сад со скифос како капак**(Т.XXVII,сл.1 и 2)**, паднат кантарос.Во средина на левата потколеница од надворешната страна -оловен амулет во вид на купа со бронзени посебни алки**(Т.XXVII,сл.3)**.

**Гроб бр. 94 (Т.XXVII)**

**Конструкција** - правоаголнајама во правец СИ-ЈЗ оивичена со еден ред во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала покрупни и средникамења.Гробната конструкција е оштетена во СИ дел при поставувањето на гроб 6.Димензии: надворешни 2,50 х 1,30 м, внатрешни 2,10 х 0,60 м, длабочина 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван и тоа черепот, карлицата и долните екстремитети.Коските се деформирани,подколениците лежат нормално,а бутните коски се споени кај десното колено.Должината е 1,50 м, ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ. Женски покојник на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** - две златни обетки со негроидни глави од паста која се растроши. Под нозете во ЈЗ агол - поголем керамички сад, а во СЗ агол бронзена паница и унгвентариум. - На 0,40 м од садот во ЈЗ агол - чаша која најверојатно припаѓала на помлад гроб кој продолжува према ЈЗ.

**Гроб бр. 95 (Т.XXVIII)**

**Конструкција** - поголема правоаголнагробна јама во правец И-З со мала девијација према ЈИ-СЗ, оивичена со 1-2 реда во хоризонтала и 4-5 реда во вертикала соѕидани крупни камења. Димензии надворешни 3,70 х 1,70 м, внатрешни 2,10 х 1,10 м, длабочина 1,30 м.

**Остеолошки наоди** - Покрај С ѕид - остатоци од човечки коски групирани во средината каде се откри горетина и два бронзени сада еден во друг.Спрема распоредот на коските и наодите,скелетот е ориентиран З-И,гледа кон И. Станува збор за маж на возраст од 15-21 година.

**Археолошки наоди** - покрај С ѕид два бронзени садови многу кородирани. амфората и кантаросот како капак во ЈИ агол, амфората е со две рачки и засечено дно.Под амфората во самиот ЈИ агол - железно копје.Во висина на десната рака бронзена

монета.Со расчистувањето на хоризонтот горетина и кревањето на остатоците од човечките коски од источна страна - мала здела-паница,чаша уштееден бронзен сад најверојатно ојнохое.Наодите се групирани на простор 0,50 x 0,35 м, во правец И-З.Во средината покрај Ј ѕид - железен бодеж.Околу групацијата бронзени и керамички садови - 13 ашици од овца - коза, горени -растурени низ целиот гроб.Наодите се поставени на хоризонт горетина -даски, а во правец И-З четири бронзени садови.Четирите садови беа распоредени: во средината паница,во неа лебес, на СИ агол двете керамички чинии, ЈИ агол бронзениот сад со висока рачка ојнохое?, во ЈИ агол бронзена чинија.

**Гроб бр. 96 (Т. XXIX)**

**Конструкција** - правоаголна неправилна јама. На источна страна поширока, а на западна потесна.Ориентирана е И-З,оивичена со еден ред камења во хоризонтала и три реда во вертикала со средни и помали камења.Димензии: надворешни 2,00 x И -1,00 ,З - 0,60 м, внатрешни 1 40 И -0,50. З - 0,40 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди -** На западниот дел - само фрагменти од череп и сосема нафрлени коски во средината.Ориентиран е З-И,гледа кон исток.

**Археолошки наоди** -Во пределот на ушето околу остатоците од черепот - фрагменти од бронзена жица многу кородирана-најверојатно припаѓа на обетка.Во самиот СИ агол -амфора и скифос како капак**(Т.XIX,сл.3)**. И два кантароса **(Т.XIX, сл.2 и 5).**

**Гроб бр. 97**

**Конструкција** - /

**Остеолошки наоди** - /

**Археолошки наоди** -амфора со кантарос како капак **(Т.XIX, сл.6 и 7)**.

**Гроб бр. 98 (Т. XXX)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СЗ-ЈИ, оивичена со еден ред хоризонтално и четири реда вертикално поставени камења.Димензии: надворешни 1,90 x 1,10 м, внатрешни 1,50 x 0,60 м, длабочина 0,70 м.

**Остеолошки наоди -** Скелетот е фрагментарно сочуван.Вкупната должина изнесува 0,90 м.Ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон СИ. Според антрополошките податоци се работи за двојно погребување. Погребани се две деца на возраст од 3-4 години.

**Археолошки наоди** -Во СИ агол - два керамички сада: унгвентариум и садче со една рачка.Под десната нога железен предмет

**Гроб бр. 99**

**Конструкција** - /

**Остеолошки наоди** - /

**Археолошки наоди** -два керамички сада **(Т.XXX,сл.1 и 2)**

**Гроб бр. 100 (Т.XXX)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама ,оивичена со еден ред во хоризонтала и три-четири реда во вертикала со камења.Ориентиран е исток-запад. Под коските и садовите се протега хоризонт на горетина. Под садовите и коските во правец исток запад се открија остатоци од дрвени даски на меѓусебно растојание од 0,30 м од кои најверојатно потекнува и гарежот.

**Остеолошки наоди** - Покрај северниот ѕид во средината се наиде на човечки коски како и под самата групација на садови во средишниот дел од гробот каде се открија черепот и остатоците од горните и долните екстремитети и карлицата. Станува збор за маж на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** - Под коските од западната страна - една бронзена монета.

Садовите се поставени север-југ. Се работи за два лебеса со по две дршки цели од бронза. Во поголемиот лебес- железно копје и уште два помали железни предмети како и доста гареж. Под помалиот сад од јужната страна - унгвентариум, кантарос и чаша, додека помеѓу двата бронзени лебеса поставено е железно копје со врвот нагоре. Југозападно од групацијата со садови во југозападниот агол од гробот има едно бронзено олпе**(Т.XXX,сл.4)** и керамички сад и кантарос. Источно од групацијата - унгвентариум и фрагменти од амфора и луцерна, додека од западната страна - една бронзена паница**(Т.XXX,сл.3)**.

**Гроб бр. 101 (Т.XXXI)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама ориентирана И-З, оивичена со еден ред во хоризонтала и три реда во вертикала помали и средни камења.Вкопана е во лисскун.Димензии: надворешни 2,60 x 1,10 м, внатрешни 2,15 x 0,60 м, длабочина 0,70 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван и тоа: делови од черепот и долните екстремитети.Вкупната должина на сочуваните остатоци е 1,40 м.Ориентиран е И-З,гледа кон З. Се работи за женски возрасен покојник.

**Археолошки наоди** -Во самиот ЈЗ агол два бронзени сада еден во еден и тоа кантарос и паница како капак**(Т.XXXI, сл.1)**.ВоСЗ агол керамички сад,фрагментарно сочуван. Во средината према нозете унгвентариум**(Т.XXXI, сл.2)**.

**Гроб бр. 102 (Т.XXXI)**

**Конструкција** - правоаголна јама оивичена со 1-2 реда камења во хоризонтала.Гробната архитектура е оштетена на ЈЗ и ЈИ страна.Димензии: надворешни 2,10 x 0,80 м, внатрешни 1,10 x 0,60 м, длабочина 0,30 м..

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,остатоци од черепот и долните екстремитети. Должината на сочуваните остатоци изнесува 1,30 м. Ориентиран е запад–исток гледа према исток. Станува збор за машки возрасен покојник.

**Археолошки наоди** -нема.

**Гроб бр. 103 (Т.XXXI)**

**Конструкција** - Мала правоаголна плитка гробна јама во правец ЈИ-СЗ,оивичена со вертикално поставени камења.Димензии: надворешни 1,00 x 0,45 м, внатрешни 0,60 x 0,20 м, длабочина 0,20 м. Најверојатно претставува бебешко гробче.

**Остеолошки наоди** - Во ЈИ агол се открија остатоци од череп. Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ.

**Археолошки наоди** -нема.

**Гроб бр. 104 (Т.XXXI)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец ЈЗ-СИ,оивичена со еден ред во вертикала и хоризонтала вертикално поставени камења.На СИ страна гробната конструкција е оштетена.Димензии: надворешни 2,00 x 1,10 м, внатрешни 1,60 x 0,70 м, длабочина 0,30 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван,само делови од долните екстремитети. Ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ.

**Археолошки наоди** - ВоЈЗ агол - амфора со кантарос како капак.Стрела во средината под нозете,падната према ЈЗ.

**Гроб бр. 105 (Т.XXXI)**

**Конструкција** - правоаголна вкопана јама во хоризонт лискун, со димензии: 2,00 x 0,70 x 0,25 м, покриена е со големи плочести и покрупни камења.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван. Лежи на грб со испружени споени нозе, паралелно испружени раце. Черепот е свиен према градниот кош. Долг е 1,50 м,.Ориентиран е И-З,гледа кон З. Се работи за двојно погребување. Жена на возраст од 25-35 години и дете на возраст од околу 18 месеци..

**Археолошки наоди** - Под нозете : во СЗ агол керамички сад со една рачка, во средината стаклена чаша орнаментирана; во ЈЗ агол фрагменти од керамички мал сад**(Т.XXXI,сл.3),** покрај левото стапало стаклено балсамарче. Под колената: од левата страна стаклено садче со две рачки и балсамарче; од десната страна стаклена чаша пластично декорирана; во средината меѓу колениците 2 вретена од коскени игли,коскен прстен шаран од стаклена паста.Во просторот од колковите и под нив од левата страна стаклено садче, орнаментирано балсамарче и плочест кружен предмет доста кородиран со R5,5 см.Од десната страна покрај бутната коска,паралелно поставени две балсамарии.Во средината на десната бутна коска од надворешната страна на простор од 10 x 14 см во правец С-Ј се открија остатоци од бронза: синџирче алка,плочест дел, куки и друго.Над десното рамо за 15 см се откри бронзен предмет со нејасна припадност.

**Гроб бр. 106(Т.XXXII)**

**Конструкција** - Се протега над гробовите114 и 113- помеѓу нив. Гробот е оштетен.

**Остеолошки наоди** - Се откри само черепот и горниот делод градниаг кош.Поставене во правец С-Ј,гледа кон С. Лежи нагрб сосвиена глава на левото рамоипрекрстени раце.Сочуван е во должина од 0,45 м. Дете на возраст од 6-8 години.

**Археолошки наоди** -Налевото рамо - керамички и стаклени фрагменти**(Т.XXXII,сл.1)**.Покрај десната надлактица тенки издупчени коскени предмети во разни геометриски форми.

**Гроб бр. 107 (Т.XXXII)**

**Конструкција** - Претставува детско гробче покриено со два фрагменти од тегули;

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван .Ориентиран З-И, гледа кон исток.На западниот дел е оштетен со вкопување на јама;

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 108 (Т.XXXII.)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена со еден ред хоризонтално и два реда вертикално поставени покрупни камења.Гробната конструкција е оштетена од подоцнежните погребувања.Димензии: надворешни 3,00 **x** 1,20 м, внатрешни 2,60 **x** 0,80 м, длабочина 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - фрагментарно сочуван скелет и тоа делови од горните екстремитети, карлицата и долните екстремитети.Вкупната должина насочуваните коски,без горниот дел од градниот кош и черепот,изнесува 1,50 м, бутна коска 40 см.Скелетот е ориентиран СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ.Лежи нагрб со испружени раце, десната нога е исправена, **а** левата е свиена во коленото према внатре.

**Археолошки наоди** -ВоЈЗ дел до самиот ѕид на 0,50 м - над нивото од скелетот - оинохое **(Т.XXXII,сл.3)**.На ниво од скелетот под садот - кантарос**(Т.XXXII,сл.2)**.На просторот од левото рамо унгвентариум. На просторот од десната рака бронзена монета.

**Гроб бр. 109**

**Конструкција** - Претставува детско гробче, оивичена правоаголна дупка со еден ред вертикално поставени камења во правец И-З.Гробната архитектура е фрагментарно сочувана.Димензиите на сочуваните остатоци од гробната архитектура се1.10**x** 0,70 м надворешни, 0,90 x 0,40 м внатрешни, длабочина 0,20 м.

**Остеолошки наоди** - Од скелетот се сочувани само неколку фрагменти од черепот на З страна што значи ориентиран е З-И,гледа кон исток

**Археолошки наоди** -На источна страна - фрагментарно сочувана амфора**(Т.XXXII,сл.5)**.

**Гроб бр. 110 (Т.XXXIII)**

**Конструкција** - На простор од 0,60 **x** 0,40 м во правец И-З се откри керамички сад (урна) на источна страна со два вертикално поставени камења од З страна. Под садот и камењата на простор од 0,30 м се протегаше хоризонт на горетина.

**Остеолошки наоди** - Во садот на места имаше горетина но траги од човечки коски немаше.

**Археолошки наоди** - нема

**Гроб бр. 111 (Т. XXXIII)**

**Конструкција** - Претствува круг од два реда вертикално поставени плочести камења и тоа надворешниот од поголеми со R- надворешен 0,70 м, внатрешен 0,45 и внатрешниот со R- надворешен 0,45 м, внатрешен 0,30 м, оивичен со поситни камења.

**Остеолошки наоди** - Во самиот круг и околу него на простор од 1,20 х 0,90 м во правец И-З се протега хоризонт на горетина и тоа: долен хоризонт од 8 см црвена земја и над него хоризонт од 10 см горетина со интензивно присуство на горени коски.

**Археолошки наоди** -Од северна страна надвор од кругот се откри железно копје.

**Гроб бр. 112**

**Конструкција** - На простор од 2,30 х 1,10 м се откри гомила на камења во правец СЗ-ЈИ. На овој простор со расчистување на нафрлените камења во средината се откри правоаголна дупка во правец СЗ-ЈИ, оивичена со 1-2 реда вертикално и хоризонтално поставени камења. Внатрешната димензија изнесува 1,80 х 0,55 м, адлабочината 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван, черепот и долните екстремитети.Долг е 1,45 м. Лежи на грб со паралелно поставени нозе.Ориентиран е СЗ-ЈИ,гледа кон СЗ.

**Археолошки наоди** - Во СЗ агол керамички сад и кантарос како капак**(Т.XXXIII,сл.3 и 4)**.На левото рамо бронзен предмет.На десната страна под рамото бронзен приврзок - амулет**(Т.XXXIII,сл.2)**.

**Гроб бр. 113 (Т. XXXIII)**

**Конструкција** -правоаголна јама со правец СЗ-ЈИ, оивичена со еден ред камења хоризонтално и два реда вертикално. Во крајниот дел е оштетен од подоцнежните погребувања. Димензии: надворешни 2,50 х 1,10 м, внатрешни 2,00 х 0,65 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - фрагменти од човечки коски во должина од 1,40 м и тоа черепот на ЈИ страна и во средината неправилно распоредени коски од долните екстремитети. Ориентиран е СЗ-ЈИ, гледа кон СЗ. Жена на возраст до 45 години.

**Археолошки наоди** - надолжно по средината нагробот во СЗ половина од групацијата коски - унгвентариум, на 0,40 м од него кантарос.

**Гроб бр. 114 (Т.XXXIV)**

**Конструкција** - правоаголна јама со правец СЗ - ЈИ, оивичена два реда во хоризонтала и вертикала поставени камења. Димензии: надворешни 2,40 x 1,20 м, внатрешни 1,90 x 0,85 м, длабочина 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван.Лежи на грб со свиена глава на левиот образ, со прекрстени раце на стомакот,паралелно поставени бутни коски, а подколениците поместени под притисокот на земјата и садовите. Покојникот епоставен на СИ страна од гробот,ориентиран е СЗ-ЈИ,гледа кон ЈИ.Вкупната сочувана должина изнесува 1,60 м. Станува збор за маж на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** -Во самиот ЈИ агол - амфора со чаша како капак во хоризонтална положба,биконичен сад со две рачки**(Т.XXXIV, сл.5)**, а под нив железен предмет**(Т.XXXIV,сл.3)**.Покрај СИ ѕид од левото рамо со дршката надолу се протега меч-бодеж 0,50 м.Под десната бутна коска бронзена фибула**(Т.XXXIV,сл.2)**,фрагментарно сочувана, а околу неа остатоци од череп.Под черепот бронзен елипсовиден предмет**(Т.XXXIV,сл.1)**.

**Гроб бр. 115 (Т.XXXIV)**

**Конструкција** - правоаголна јама со димензии 1,50 x 0,55 м. На сите агли се најде по еден железен клинец. Најверојатно постоел дрвен сандак.

**Остеолошки наоди** - Скелетот лежи на грб со преклопени раце ка стомакот и свиена десна нога во коленото поставена над левата која стои право.Скелетот е долг 1,10 м. Дете на возраст од околу 6 години.

**Археолошки наоди** -Над самите нозе на крајниот Ј дел над двата железни клинци во аглите - керамичка паница,а во неа три мали паници и керамичко садче **(Т.XXXIV,сл.6-10)**, а во една од подлабоките паници стаклена чаша.Паницата стоела хоризонтално но е лизната према ЈЗ ѕид од гробот.

**Гроб бр. 116 (Т. XXXV)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена со еден ред во хоризонтала и три реда во вертикала средни и паситни камења.

**Остеолошки наоди** -фрагментарно сочуван скелет: черепот,горни и долни екстремитети.Вкупната должина изнесува 1,50 м.Лежи на грб со раширени нозе. Се работи за возрасен машки покојник.

**Археолошки наоди** - Во пределот на десната потколеница од внатрешна страна-превртен керамички сад со грлото надолу.

**Гроб бр. 117 (Т.XXXV)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец СИ-ЈЗ покриена со хоризонт од средни и поситни камења. На ЈЗ дел гробната конструкција е оштетена од јамата и гробот 118 кои се протегаат на тој дел од гробот. Димензии: надворешни 2,90 x 1,40 м, внатрешни 2,20 x 0,90 м, длабочина 0,80 м.

**Остеолошки наоди** - Черепот е деформиран и лежи на левото рамо.Левата бутна коска и десната надлактица се поместени настрана.Вкупната должина изнесува 1,55 м. Ориентација ЈЗ-СИ, со поглед на СИ. Маж на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** -Во СИ агол -амфора и кантарос како капак(**Т.XXXV,сл.1**), во ЈИ агол на висината од десното колено -железно копје со врвот према СИ, на самото десно рамо фрагмент од железо, во средина на десната надлактица и градниот кош-фрагменти од теракотна фигурина од која има фрагменти и над десното рамо(**Т.XXXV,сл.2**).Во десната рака бронзена монета.

**Гроб бр. 118 (Т. XXXV)**

**Конструкција** - правоаголна јама покриена е со четири реда покривни тули со профилација од едната страна и три реда ќерамиди каде се спојуваат плочите. Се протега во правец И-З. Во ЈЗ агол е оштетен од подоцна поставена јама која се протега на овој дел. Јамата е длабока 1,70 м, широка 0,50 м, длабока 0,35 м. Во висина на карлицата од левата и десната страна поставени се по еден камен - вертикално поставен при покривот. Лежи над СЗ агол од гробот 117 за 0,40 м наднего.Околу скелетот - по оквирот на гробната правоаголна дупка, анајинтензивно на источната страна се открија железни глави со калотеста и печуркаста глава.Најверојатно припаѓаат на дрвениот сандак. Се открија и клинци на самото ниво од гробот со главите надолу поставени во СИ и ЈИ агол.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван.Лежел на грб со паралелно поставени нозе и раце покрај телото- десната под карлицата.Ориентиран е И-З,гледа кон З.Долг е

1,40 м.Долните делови од потколениците се скинати од јамата. Се работи за жена на возраст од 25-35 години.

**Археолошки наоди** -нема

**Гроб бр. 119 (Т.XXXV)**

**Конструкција** - Се откри само И дел - архитектурата од гробот 119. Останатиот дел од гробната конструкција,остаоците од скелетот како и гробните наоди се уништени при подоцнежните погребување на овој простор Претставува правоаголна јама оивичена со 2-3 реда во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала наредени поситни камења.Ѕидовите се широки 0,30 м, внатрешна ширина 0,55 м, длабочина 0,35 м.

**Остеолошки наоди** - нема;

**Археолошки наоди** -керамичко садче **(Т.XXXV, сл.3)**

**Гроб бр. 120 (Т.XXXVI)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СЗ-ЈИ, оивичена со еден ред хоризонтално и 4-5 реда вертикално поставени средни и поситни камења. Димензии: надворешни 2,50 x 1,00 м, внатрешни 2,20 x 0,70 м, длабочина 0,55 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван: черепот,бутните кокси,левата потколеница. Должината на сочуваните остатоци изнесува 1,40 м. Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ. Лежи на грб со паралелно испружени раце.

**Археолошки наоди** -Од левата и десната страна на черепот во висина на ушите - по една златна обетка.Во СЗ агол -амфора со две рачки**(Т.XXXVI, сл.2)** и керамичко садче со две рачки како капак**(Т.XXXVI, сл.1)**.Во висина на левата бутна коска- железно копје со врвот према СЗ**(Т.XXXVI, сл.3)**.

**Гроб бр. 121 (Т. XXXVI)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ оивичена со еден ред хоризонтално поставени камења и три реда покрупни камења во вертикала. На целиот простор од гробот во горниот дел беше покриен со еден ред камења и под тој ред на просторот од главата интензивно присуство на поситни камења, а на останатиот дел со земја. Димензии : надворешни 3,00 x 1,40 м, внатрешни 2,40 x 0,70 м, длабочина 0,80 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е релативно добро сочуван. Долг е 1,60 м. Лежел на грб со паралелно поставени нозе и раце испружени покрај телото.Черепот беше згмечен од наредените камења.Жена на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** -Во пределот на главата од левата и десната страна златни обетки-деформирани од притисокот на камењата.Најверојатно биле претставени лавји глави.Во СЗ агол - амфора и скифос како капак**(Т.XXXVI, сл.4)**.

**Гроб бр. 122 (Т.XXXVI)**

**Конструкција** - правоаголна јама помеѓу природната стена и здравата земја црвејнца, во правец СИ-ЈЗ. Оивичена е со еден ред хоризонтално и три реда вертикално поставени камења. Гробната јама беше исполнета и покриена со камења. Димензии: надворешни 1,80 х 1,30 м, внатрешна 1,20 х 0,85 м, длабочина 0,75 м.

**Остеолошки наоди** - Во средината на гробот на самото дно на простор од 0,40 х 0,40 м се откри групација на карбонизирани човечки коски.

**Археолошки наоди** -Во СИ агол керамички сад**(Т.XXXVI, сл.5)** и кантарос како капак.Покрај ЈИ ѕид во ЈИ агол железно копје или бодеж.

**Гроб бр. 123 (Т.XXXVII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец ЈИ-СЗ,оивичена со еден ред хоризонтално и 3-4 реда вертикално поставени камења. Во СЗ дел гробната конструкција е оштетена од гробот 114. Димензии: надворешни 2,30 х 1,30 м, внатрешна 2,00 х 0,75 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце поставени покрај телото.Главата е свиена на левата страна.Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ.Долг е 1,60 м.

**Археолошки наоди** -Во ЈЗ агол - амфора и кантарос како капак**(Т.XXXVII, сл.1 и 2)**.Од левата и десната страна на главата во висина на ушите се откри по една златна обетка со лавји глави.

**Гроб бр. 124 (Т. XXXVII)**

**Конструкција** - Се протега помеѓу гробовите 118 и 125, а ЈЗ од гробот 120- ЈЗ од јамата помеѓу него и 120 која го има пресечено градниот кош до бутните коски. Од

гробната конструкција на ЈЗ страна вертикално поставен е плочест камен и во висина на карлицата од левата страна.Висина 0,25 м.

**Остеолошки наоди** - Сочувани се само потколениците и левата бутна коска.Должината изнесува 0,75 м, потколеница 36 см.Ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ. Се работи за возрасен женски покојник.

**Археолошки наоди** -нема.

**Гроб бр.125 (Т.XXXVII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец И-З. Околу скелетот на самото дно се открија мноштво железни клинци со калотести глави кои лежат нагоре и надолу со врвовите.И во овој гроб има дрвен сандак,на клинците имаше остатоци од дрво.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван,лежи на грб со испружени споени нозе и раце покрај телото.Долната вилица лежи правилно, но черепот е поставен на десното рамо,првртен со вилицата нагоре.Скелетот е долг 1,40 ми лежи на камени плочи.

**Археолошки наоди** -На 10 см под десната нога - луцерна(**Т.XXXVII, сл.3** ).На десното рамо стаклена балсамара со висок врат.Под скелетотот - коскена игла (2 фрагменти).

**Гроб бр. 126 (Т. XXXVII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец И-З, покриен е со тегули. Долг е 2,10 м, а широк 0,45 м. Околу гробната јама се открија доста железни клинци со калотеста глава и остатоци од дрво како на нив така и на скелетот, а најверојатно потекнуваат од дрвениот сандак.По аглите клинците се поинтензивни.

**Остеолошки наоди** - На 0,10 м под тегулите - скелет којлежи на грб со свиена глава на левиот образ,испружени раце и паралелно оставени нозе.Скелетот е долг 1,65 м, а широк 0,35 м.Ориентиран е И-З,гледа кон И. Маж на возраст од 30-35 години.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 127 (Т.XXXVIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец И-З, покриен е со три тегула. Долг 2,00 м, широк 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - На 0,15 од тегулите - скелет кој лежи на грб со свиена глава на десна страна,черепот е деформиран, левата рака лежи на стомакот, а десната е испружена покрај телото.Нозете се паралелно испружени.Долг е 1,53 м.Ориентиран е

З-И,гледа кон И.По краевите на дупката се открија железни клинци со калотести глави.По аглите ги има поинтензивно. Жена на возраст до 23 години.

**Археолошки наоди** - од десната и левата страна на черепот - два булбуса**(Т.XXXVII, сл.4)**.

**Гроб бр. 128 (Т. XXXVIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама покриена со тегули, во правец И-З. СИ дел од тегулите го нема на кој простор се открија остатоци од скелетот. Јамата е долга 1,70 x 0,40 м. На западната страна - кај главата е поширока, а на И страна кај нозете е потесна.

**Остеолошки наоди** - На 5 до 20 см од тегулите -скелет кој лежи на грб,со прекрстени раце на стомакот и паралелно испружени нозе.Оруентиран е И-З,гледа кон И.Долг е 1,50 м. Маж на возраст до 45 години.

**Археолошки наоди** -Од левата страна во висина на главата - исправено поставен бублус, а северно од него друг унгвентариум хоризонтално поставен.

**Гроб бр. 129 (Т. XXXVIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама од И и З страна има по два вертикално поставени камења,а покриен е со две тегули со димензии: дебелина 3 см, должина 0,85 м, ширина: надворешна 33 см, внатрешна 31 см, калота 7,5 см. Јамата е долга 1,60 м,широка 0,45 м, длабока 0,30 м.

**Остеолошки наоди** - На 0,10 м, под тегулите - детски скелет кој е фрагментарно сочуван -черепот,градниот кош и горните екстремитети.Ориентиран е И-З,гледа кон И.Лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце поставени покрај телото.Долг е 0,95 м. Покрај гробот се открија доста железнн клинци со остатоци од дрво . Се работи за дете на возраст од 4-6 години.

**Археолошки наоди** -Од левата и десната страна на главата во висина на ушите - златни обетки во вид на алка.Над главата стаклен сад со една рачка.

**Гроб бр. 130 (Т.XXXVIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец ЈИ-СЗ,а од ЈИ и СЗ страна вертикално поставени камења. Дупката е долга 0,90 м, а широка 0,45 м, длабока е 0,25 м.

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет кој лежи на грб со раширени раце и нозе во облик на О. Долг е 0,70 м. Ориентиран е ЈИ-СЗ, гледа кон ЈИ. Се работи за детски покојник на возраст од околу 18 месеци.

**Археолошки наоди -** Од десната страна во висина на главата стаклена балсамара, во висина на десната потколеница коскен предмет перфориран на главата, најверојатно приврзок или амулет.Од левата страна на висина од главата па се до потколеницата се открија три стаклени балсамари.Покрај ивицата од гробната дупка се открија мноштво железни клинци од сандакот.

**Гроб бр. 131 (Т. XXXVIII)**

**Конструкција** - На простор од 1,40 x 0,90 м во правец И-З се протега гомила камења, вертикално поставени и неправилно нафрлани, а под и меѓу нив се протега горетина.

**Остеолошки наоди** - Во самата горетина се открија неколку многу ситни остатоци од распаднати коски.Најверојатно се работи за спалено детско гробче,како по наодите така и по гробната конструкција и коските.

**Археолошки наоди** -Меѓу горетината и камењата на северната страна во средината од оваа групација - керамичка чаша и унгвентариум.

**Гроб бр. 132 (Т. XXXVIII)**

**Конструкција** - Гробната конструкција е разрушена.

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет и тоа: черепот и фрагменти од екстремитетите.На самите коски од стомакот надолунафрлени се неколку камења.Долг е 0,80 м.Ориентиран е И-З,гледа кон И. Дете на возраст од околу 4 години.

**Археолошки наоди** -нема.

**Гроб бр. 133 (Т.XXXIX)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец И-З. На источната и западната страна вертикално се поставени средни камења. Јамата е долга 1,85 м, широка 0,55 м, длабока 0,45 м. Околу дупката и во аглите се открија доста железни клинци од дрвениот сандак.

**Остеолошки наоди -** Скелетот лежи на грб со испружена десна рака покрај телото а левата е свиена на стомакот.Нозете се паралелно поставени.Ориентиран е И-З со поглед према З. Сочувана должинаизнесува 1,55 м. Машки покојник со возраст до 23 години.

**Археолошки наоди** -десната рака - фрагментарно сочуван бронзен прстен дел од алка.

**Гроб бр. 134 (Т.XXXIX)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец ЈИ-СЗ. Долга е 2,00 м, широка 0,70 м, длабока 0,35 м. На СЗ дел на целиот простор покриена е со тегули по страните и тегули во средината, а на СИ дел по средината со фрагменти од ѓерамиди и тегули покрај кои се протегаат нозете од скелетот.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е добро сочуван.Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон ЈИ, лежи на грб.Со подигањето на страничните ѓерамиди и тегулите меѓу нив на СЗ дел каде се протега черепот и градниот кош се откри амфора и се констатира дека фризот фрагменти од тули и ќерамиди меѓу нозете продолжува кон СЗ и го покрива градниот кош и черепот.Од левата страна на градниот кош вертикално се поставени фрагменти од тегули.Скелетот е свиен со рамениците навнатре.Лежи на грб со десна рака испружена покрај телото, а лева поставена на стомакот.Нозете се паралелно поставени. Сочуваната должина изнесува 1,60 м. Станува збор за маж со возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** -Над десното рамо за 0,30 м над првиот хоризонт тегули се откри исправено поставена амфора со две рачки покриена со горе опишаната ќерамида**(Т.XXXIX, сл.1)**.

**Гроб бр. 135 (Т.XXXIX)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена со 2-3 реда во хоризонтала и 6-7 реда во вертикала, грубо наредени поситни белузлави камења. Димензии: надворешни 1,85 x 1,00 м, внатрешни 1,45 x 0,55 м, длабочина 0,55 м.

**Остеолошки наоди** - Во ЈЗ агол - дел од череп, а под ЈЗ агол - ѕидот од оваа гробна конструкција - фрагменти од череп поставен на левата страна - образ.Спрема даровите и фрагментите од черепот во внатрешниот дел од конструкцијата - скелетот е ориентиран СИ-ЈЗ. Се работи за двојно погребување. Едниот покојник е возрасна жена, додека другиот покојник е дете на возраст од околу 2 години.

**Археолошки наоди** - во СИ агол керамички сад со две рачки, а до него од ЈИ страна мал керамички сад со две рачки.СЗ од садот во самиот ѕид од камења и под него се открија човечки коски од долните екстремитети.

**Гроб бр. 136 (Т.XXXIX)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец ЈИ-СЗ, оивичена со 1-2 реда во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала поситни и средни камења. Димензии: надворешни 2,00 x 1,20 м, внатрешни 1,45 x 0,70 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди** –Станува збор за дете на возраст од околу 3 години.

**Археолошки наоди** - Во гробната јама на ЈЗ страна на неколку места има остатоци од горетина. На самиот СЗ дел покрај ѕидот во средината - керамички сад со тордирана рачка(**Т.XXXIX, сл.2**). На 0,57 м од ЈИ ѕид и 0,22 м од СИ - бронзена монета. Унгвентариум - на две места и тоа дел покрај самиот СЗ ѕид на 0,55 м од ЈИ и другата половина на 0,33 м од ЈИ и 0,26 м од СЗ. Во овој најверојатно детски гроб се открија и 9 теракоти(**Т.XL, сл. 1-9**). Тие се распоредени на СЗ страна на простор од 0,67 x 0,45 м во правец ЈИ-СЗ према СИ агол.Распоредени се две по две,легнати со исклучок на една која стои исправено во СИ агол. Според распоредот на даровите покојникот е поставен во правец ЈИ-СЗ, гледа кон ЈИ.

**Гроб бр. 137 (Т.XLI)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ .оивичена со два реда вохоризонтала и 5-6 реда во вертикала средни камења. Димензии:надворешни 2,60 x 1,30 м, внатрешни 2,00 x 0,70 м, длабочина 0,80 м.

**Остеолошки наоди** - остатоци од скелет - черепот,левата надлактица и нозете. Долг е 1,70 м. Ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон СИ.Лежи на грб со паралелно поставени раце. Се работи за машки покојник со возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** -Во висина на левото лакто - железно ноже.Во СИ агол керамички сад со широк венец и чаша со купасто дно како капак.Во самиот СИ агол под садовите железно копје со врвот према исток и бронзена фибула(**Т.XLI, сл.1**).Во ѕидовите се открија три обработени фрагменти од бигор.

**Гроб бр. 138 (TXLI)**

**Конструкција** - поголема правоаголна јама оивичена со 1-2 реда големи, средни и помали камења во хоризонтала и 7-8 реда во вертикала. Јамата беше исполнета со покрупни, средни и поситни камења на 0,70 м од нивото на подот. Димензии: надворешни 3,00 x 2,20 м, внатрешни 2,10 x 1,40 м, длабочина1,10 м.Ориентиран е СИ-ЈЗ.

**Остеолошки наоди** - во СИ половина - скелет фрагментирано сочуван – черепот, нозете и левата надлактица.Лежи на грб со свиена глава на левата страна,раце покрај телото и нозе споени кај стапалата.Долг е 1,55 м.Ориентиран е ЈЗ-СИ и гледа према СИ.

**Археолошки наоди** -Вовисина на левата рака - бронзена монета.Меѓу нозете и СИ агол керамички сад со рачка над венецот**(Т.XLI, сл.3)**.Во ЈИ агол амфора**(Т.XLI, сл.5)** и кантарос под него.На 0,45 м ЈЗ од десната потколеница покрај ѕидот железно копје.Напомена: Црнофирнизираното кантаросче**(Т.XLI, сл. 2)** и унгвентариумот **(Т.XLI, сл.4)** откриени под СЗ агол од гробот 136 и над ЈЗ агол од гробот 138 можно е да припаѓаат на гробот 136 ставени при копањето и ѕидањето на гробот 136.Овој гроб како што веќе кажавме е детски, а во досегашните откривања на оваа некропола се констатира дека мали садчиња претежно се наоѓаат во детски гробови.

**Гроб бр. 139 (Т.XLI)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена со 1-2 реда во хоризонтала и 3-4 реда во вертикала ситни камења. На СИ дел е оштетен од јамата поставена на ЈИ дел од гробот. Просторот - гробната јама во ЈЗ сочуван дел беше исполнет со нафрлени ситни камења. Димензии: надворешни 2,00 x 1,10 м, внатрешни 1,60 x 0,60 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - фрагментарно сочуван скелет од дете без потколеници кои се скинати од јамата заедно со гробните прилози на ЈИ страна.Лежи на грб со паралелно испружни раце и нозе,главата е свиена на десната страна.Ориенитиран е СИ-ЈЗ,гледа кон СИ.Долг е 0,75 м.

**Археолошки наоди** -Од десната страна во висина на коската бронзена монета.Во висина на десната подлактица железен предмет.

**Гроб бр. 140 (Т.XLII)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец СИ-ЈЗ,оивичена со грубо наредени ситни камења во висина од 1,10 м, а просторот од јамата исполнет со ситни и средни камења. Можно е и правоаголната јама да е исполнета со гомила нафрлени камења после извршеното погребување. Овој гроб се наоѓа на најголема длабочина од досега откриените. Димензии: надворешни 3,00 x 1,70 м, внатрешни 2,30 x 1,00 м, длабочина 1,10 м.

**Остеолошки наоди** - Во средианта на гробот - скелет кој лежи на грб со свиена глава на левата страна, раце испружени покрај телото и споени нозе. Долг е 1,55 м. Ориентиран е СИ-ЈЗ гледа кон ЈЗ.

**Археолошки наоди** -Околу вратот -ѓердан од тенка златна жица и мониста од стаклена паста.На долниот дел каде се копчите,лавји глави хералдично поставени.Од левата и десната страна од черепот во висина на ушите по една златна обетка со глава од стаклена паста со претстава на глава од волк**(Т.XLII, сл.1)**.Покрај левиот образ - купест оловен привезок - амулет.Покрај десната надлактица бел пршлен од камен.Во просторот од десната рака бронзена монета.Во ЈЗ агол амфора со кантарос како капак **(Т.XLII, сл.2 и 5)** и СИ до нив црнофирнизиран унгвентариум**(Т.XLII, сл.6)** и фрагменти од помал сад-унгвентариум**(Т.XLII, сл.3)**.Помеѓу нив - уште два унгвентариуми еден до друг легнати**(Т.XLII, сл.4 и 7)**.Во ЈЗ агол - оловен четвртаст - плоснат и перфориран оловен предмет во вид на привезок - амулет.

**Гроб бр. 141 (Т. XLIII)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец И-З, оивичена и исполнета со покрупни камења. Над самите скелети хоризонт на поситни камења во висина 5-6 реда, а хоризонтално 1-2 реда. Димензии: надворешни 3,10 х 1,90 м, внатрешни 2,20 х 1,40 м, длабочина 1,20 м.

**Остеолошки наоди** - Под хоризонтот камења се остатоци од човечки коски и тоа во средината на гробната јама и покрај С ѕид.Коските се фрагментарно сочувани.Коските во средината заедно сочерепот претставуваат една целина.Покојникот лежи на грб со испружени раце покрај телото и раширени нозе.Долг е 1,45 м.Черепот е деформиран-скршен од камењата.Долж ЈИ ѕид и под камењата се протегаат човечки коски на исто ниво и паралелно со горе опишаниот скелет во средината.

**Археолошки наоди** -Над долниот хоризонт поситни камења на 0,20 м- од нивото на скелетите во ЈИ агол - златен масивен прстен. Околу вратот - златен масивен ѓердан од златна подебела жица и килибар наизменично поставени**(Т.XLIII, сл.3)**.На долниот дел хералдично поставени по една бикова глава на кои е копчата.Под черепот - златна обетка со лиен амор-ерос.Во средината на гробот од Ј страна во висина на каменот - керамички топчест сад-црнофирнизиран и обоен со растителна орнаментика**(Т.XLIII, сл.2)**.Во ЈЗ агол унгвентариум црнофирнизиран и орнаментиран на горната површина со врежување**(Т.XLIII, сл.5)**.ВоСЗ агол на простор од 0,60 х 0,50 м во правец И-З - мноштво фрагментирана керамика кои припаѓаат на еден поголем сад-амфора во

самиот СЗ агол со скифос како капак**(T.XLIII, сл.4)**, паднат према исток.Јужно од нив друг керамички сад со нејасна форма **(T.XLIII, сл.7)** и кантарос**(T.XLIII, сл.6)**и меѓу нив балсамара од разнобојно стакло. Меѓукоските и помеѓупросторот од десната рака наскелетот- бронзена монета. И еден сребрен синџир со антропоморфен приврзок. **(T.XLIII, сл.1)**

**Гроб бр. 142 (T. XLIV)**

**Конструкција** -.На 0,45 м подолу од нивото на гробот 38, хоризонт на малтер-основата се откри детски гроб.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е долг 0,85 м, ориентиран И-З,гледа кон И. Лежи на грб со раце покрај телото и паралелно поставени нозе. Околу скелетот - железни клинци најверојатно од дрвениот сандак. Дете на возраст до 6 години.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 143 (T.XLIV)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец ЈИ-СЗ, оивичена со 1-2 реда во хоризонтала и вертикала средни камења. Димензии: надворешни 2,60 x 1,30 м, внатрешни 2,10 x 0,70 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - скелет кој лежи на грб со испружени раце покрај телото,паралелно поставени нозе и свиена глава на левата страна.Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ.Долг е 1,60 м.

**Археолошки наоди** -Од левата и десната страна на главата во висина на ушите - по една златна обетка со лавја глава.Десната е деформирана од два дела и е сплескана и измакната е муцката.Во СЗ агол - керамички сад и скифос како капак**(T.XLIV, сл.1)**,а под нив унгвентариум И-З црнофирнизиран**(T.XLIV, сл.2)**.

**Гроб бр. 144 (T.XLIV)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец СИ-ЈЗ со 1-2 реда средни камења во хоризонтала и вертикала. ЈИ ѕид од гробот е оштетен најверојатно при поставувањето на гробот 143. Димензии: надворешни 2,70 x 1,25 м, внатрешни 2,10 x 0,75 м, длабочина 0.50 м.

**Остеолошки наоди** - На СИ страна - фрагмент од долната вилица - брадата.Во ЈЗ агол групација на коски од долните екстремитети и карлицата.Најверојатно бил ориентиран ЈЗ-СИ,гледа кон ЈЗ, бидејќи и керамичните садови се наоѓаат на ЈЗ страна. Се работи за

двојно погребување. Покојникот е жена на возраст од над 45 години, додека групацијата на човечки коски припаѓа на маж на возраст до 45 години..

**Археолошки наоди** -Во средината на гробот покрај ЈИ ѕид во правец СИ-ЈЗ - групација на оружје и тоа: железен меч, две копја и бодеж на нив**(T.XLIV, сл.8)**.Во ЈЗ агол амфора и фрагменти од чаша пластично декорирана**(T.XLIV, сл.9 и 7)**.Под садот од СИ страна бел унгвентариум со рачки **(T.XLIV, сл.4)** и уште еден унгвентариум**(T.XLIV, сл.3)**.Во СЗ агол керамички сад со една рачка и кантарос како капак**(T.XLIV, сл.5)**. И уште една чаша пластично декорирана **(T.XLIV, сл.6)**.

**Гроб бр.145 (Т. XLV)**

**Конструкција** -. Правоаголна гробна јама ориентирана ЈИ-СЗ која го има оштетено СЗ ѕид од гробот 146.Оивичена е со четири камења вертикално опставени и тоа под нозете, над главата и лево и десно во висина на карлицата.Димензии: надворешни 1,00 x 0,55 м, внатрешни 0,80 x 0,55 м, длабочина 0,20 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е долг 0,55 м, и е фрагментарно сочуван. Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон ЈИ.Лежи на грб со раце покрај телото и раширени нозе.Најверојатно претставува детско-бебешко гробче

**Археолошки наоди** -Во СИ агол под нозете - три стаклени сада: топчест сад со висок врат, чаша и балсамарче.

**Гроб бр. 146 (Т. XLV)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец СИ-ЈЗ оивичена со два реда во хоризонтала и 4-5 реда во вертикала покрупни, средни и поситни камења. Јамата беше исто исполнета со камења и покриена со големи плочести камења. Димензии: надворешни 2,00 x 1,00 м, внатрешни 1,20 x 0,55 м, длабочина 0,90 м.

**Остеолошки наоди** - Во потрага за откривање на остатоци од човечки коски се откри хоризонт на камења што значи дека подолу се протега друг гроб.Спрема димензиите на гробот и гробните прилози може да сепретпостави дека е погребано дете ориентирано СИ-ЈЗ,гледа кон СИ.

**Археолошки наоди** -При расчистувањето на СИ страна се откри фрагментарно сочуван поголем сад, а во СИ агол кантарос**(T.XLIV, сл.2)**.Во ЈЗ агол - црнофирнизиранунгвентариум**(T.XLIV, сл.1)**.

**Гроб бр. 147 (Т. XLV)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СЗ-ЈИ оивичена со еден ред во хоризонтала и четири реда во вертикала средни камења.Димензии: надворешни 1,90 x 1,00 м, внатрешни 1,30 x 0,60 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - Во СЗ агол под садовите - фрагмент од детски череп, покрај фрагментите од черепот во СЗ агол - фрагменти од долните екстремитети под СЗ ѕид остатоци од други коски нема. Спрема распоредот на наодите можно е да се погребани две деца во различни периоди и тоа прво со балсамарите и раскршениот сад со монистата и златната обетка, бронзена монета ориентирано ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ, а второто со наодите во ЈИ агол со садот кантарос,чаша,кантаросчето и малата чаша со бронзениот сад со ориентација СЗ-ЈИ,гледа кон ЈИ.

**Археолошки наоди** -во СИ агол мониста од ѓердан и златна обетка. Над СЗ ѕид фрагменти од амфора.ВоСЗ агол на 0,25 од нивото унгвентариум(**Т.XLIV, сл.4**). Во средината на СЗ страна 0,30 м од нивото унгвентариум(**Т.XLV, сл.5**).Во просторот на унгвентариумите бронзена монета.Во ЈИ агол амфора(**Т.XLV, сл.6**), а под неа кантарос кај вратот(**Т.XLV, сл.3**),а од дното надолу мала чаша кантаросче и чаша една во друга и под нив бронзено садче со рачка.

**Гроб бр. 148 (Т. XLVI)**

**Конструкција** - правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена со еден ред вертикално поставени камења во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала. На ЈЗ страна од гробната конструкција камења се извадени најверојатно при поставувањето на гробот 144 со исклучок на три камења во самиот ЈЗ агол од гробот 148. Димензии: надворешни 1,90 x 1,00 м, внатрешни 1,25 x 0,60 м, длабочина 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - згмечен череп свиен на левата страна,лежи на грб со лева рака испружена покрај телото,а десната косо поставена со паралелно испружени нозе.Ориентирано е СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ.Долг е 0,85 м. Станува збор за детски скелет на девојче на возраст од околу 3 години.

**Археолошки наоди** - На левата и десната рака - по една бронзена белегзија кои се доста кородирани. Покрај СЗ ѕид во висина на главата на 0,20 м и СЗ од белегзијата за 0,12 м - две теракотни фигурини легнати една до друга(**Т.XLVI, сл.1 и 2**).ВоСЗ агол – оинохое(**Т.XLVI, сл.3**). Лево и десно од главата во висина на ушите по едно златно обетчеод тенка жица во вид на алка.

**Гроб бр. 149 (T.XLVI)**

**Конструкција** -Претставува керамички сад со низок врат,широк венец и две рачки,поставен е во исправена положба, употребен е како урна. Висок е 22 x 17 см.

**Остеолошки наоди** - Исполнет е со земја и горетина како и остатоци од коски.

**Археолошки наоди** -урна во која беа сместени спалените коските**(T.XLVI, сл.5)**истаклена басамара покриена со фрагменти керамика**(T.XLVI, сл.4)**.

**Гроб бр. 150 (T.XLVI)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама со димензии: 2,00 x 0,65 м и длабочина од 0,50 м. При откривањето на ивиците на самата јама се открија железни клинци по што се дојде до заклучок дека покојникот бил положен најпрвин во дрвен сандак.

**Остеолошки наоди** - скелет солидно сочуван со ориентација запад – исток со поглед кон исток. Маж на возраст до 40 години.

**Археолошки наоди** - Во северозападниот агол - стаклен сад-лакримариум.

**Гроб бр. 151 (T.XLVII)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во правец север-југ со девијација североисток-југозапад, оивичена со еден ред во хоризонтала и пет реда во вертикала поставени средни камења. Димензиите се: надворешни 1,90 x 1,00 м, внатрешни 1,50 x 0,55 м, длабочина 0,65 м.

**Остеолошки наоди** - Остатоци од човечки коски не се открија. Најверојатно се работи за детско погребување со ориентација север-југ.

**Археолошки наоди** - амфора и скифос како капак во јужната половина од гроботот**(T.XLVII, сл.1 и 2)**.

**Гроб бр. 152 (T. XLVII)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама со пправец југозапад-североисток, оивичена со поситни камења. Димензиите изнесуваат: надворешни 3,20 x 1,50 м, внатрешни 2,40 x 1,20 м, длабочина 1,10 м.

**Остеолошки наоди** - скелет поставен да лежи на грб со раце испружени покрај телото и нозе паралелно поставени. Ориентацијата е југозапад - североисток со поглед кон североисток.Се работи за маж на возраст до 45 години.

**Археолошки наоди** - Покрај десната рака во висина на лактот - железен предмет доста кородиран, во висина на карлицата стаклен алабастрон, керамички сад со една

дршка(**T.XLVII, сл.7**) и топчест унгвентариум(**T.XLVII, сл.5**), во југоисточниот агол - две железни копја(**T.XLVII, сл. 8-11**), додека во североисточниот агол - голема амфора и кантарос како капак(**T.XLVII, сл.4**) а до нив од југозападна страна еден бронзен сад(**T.XLVII, сл.6**). Во висина на десната дланка - една бронзена монета.

**Гроб бр. 153 (T. XLVIII)**

**Конструкција** - правоаголна гробна јама во која е поставен покојникот а потоа од десната и левата страна на главата се поставени по една камена плоча.

**Остеолошки наоди** - Покојникот е поставен да лежи на грб со испружени раце покрајтелото и со испружени и споени нозе. Ориентацијата е североисток-југозапад со поглед кон североисток. Жена на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** - нема.

**Гроб бр. 154 (T.XLVIII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во правец североисток-југозапад, оивичена со еден ред во хоризонтала и четири реда во вертикала поставени покрупни камења. Димензиите се: надворешни 2,80 x 1,80 м, внатрешни 2,30 x 1,20 м, длабочина 0,90 м.

**Остеолошки наоди** - На северозападната половина од гробната јама се откри скелет поставен да лежи на грб со свиена глава на левата страна, испружени нозе и раце ипружени покрај телото и има ориентација североисток-југозапад со поглед кон североисток. Маж на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** - Во југоисточниот дел од гробот поставени се гробните прилози и тоа: во самиот југозападен агол поставен е железен стригилис(**T.XLVIII, сл.8**), на самата средина од гробот има бронзена ситула (**T.XLVIII, сл.4**), североисточно од него амфора(**T.XLVIII, сл.1**) со кантарос како капак, северозападно од него во висина на десната подколеница се откри бронзеначинија (**T.XLVIII, сл.5**), и мал унгвентариум од источната страна(**T.XLVIII, сл.2**). Во самиот југоисточен агол поставени се две копја(**T.XLVIII, сл.12-13**).

**Гроб бр. 155 (T. XLIX)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во правец исток-запад, оивичена со еден ред во хоризонтала и шест реда во вертикала поставени средни

камења. Димензиите се: надворешни 2,70 x 1,40 м, внатрешни 2,10 x 0,90 м, длабочина 1,00 м.

**Остеолошки наоди** - Се открија остатоци од човечки коски фрагментирано сочувани. Покојникот е поставен да лежи на грб со испружени нозе и раце ипружени покрај телото и има ориентација исток-запад со поглед кон запад. Жена на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** - Гробни прилози: во северозападниот агол бронзен лебес**(T.XLIX, сл.2)**, а од јужната страна бронзено оинохое**(T.XLIX, сл.1)**. Покрај левата потколеница амфора со кантарос како капак и унгвентариум од западната страна.Од двете страни на главата златни обетки со негроидни глави. Во висина на левата и десната клучна коска наредени се по една златна мониста во вид на буренце, и под брадата златен привезок-розета со два копјести висулци. Во висина на десната дланка се откри бронзена монета.

**Гроб бр. 156 (T.XLIX)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама со ориентација исток-запад, оивичена со покрупни камења. Гробната архитектура е уништена при правењето на фундаментот за гробот 142 и ѕиданата гробница 38. Димензиите изнесуваат: надворешни 3,00 x 1,70 м, внатрешни 2,20 x 1,00, а длабочината е 0,70 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет поставен да лежи на грб со свиена глава на десна страна, рацете се испружени покрај телото, а нозете се паралелно поставени.ориентацијата е исток-запад со поглед кон исток. Се работи за маж на возраст до 45 години.

**Археолошки наоди** - Гробни прилози: во висина на десната рака се откри бронзена монета, од левата страна во висина на карлицата се наиде на железен меч, во висина на левата потколеница се откри железен предмет со нејасна припадност, под десната нога према југоисток се откри бронзена паница полна**(T.XLIX, сл.3)** со животински коски, керамичка паница**(T.XLIX, сл.5)** и железно копје, под бронзената паница се наиде на уште едно железно копје, во правец на нозете покрај источниот ѕид се откри легната фрагментирано сочувана амфора, а до неа се отрки скифос**(T.XLIX, сл.4)** кој најверојатно бил поставен како капак.

**Гроб бр. 157 (T.L)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна јама во правец СЗ-ЈИ, оивичена со еден ред камења, а покриена со 3-4 реда средни и покрупни камења.Се протега на хоризонт здрава црвена земја, а лежи на природна стена.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е фрагментарно сочуван, недостасува ЈИ дел - од карлицата нагоре,како и ЈЗ ѕид со исклучок на самиот ЈЗ агол од гробот.Покрај ЈЗ ѕид од гробот се открија остатоци од долните екстремитети фрагментарно сочувани кои се споени и свиени. Нивната должина изнесува 0,86 м.Према распоредот на коските може да се констатира дека покојникот е поставен во правец ЈИ-СЗ, а гледа кон СЗ.Према протегањето на природната стена,гробот ги има следните димензии: 2,00 x 0,70 м, а длабочина 0,57 м.

**Археолошки наоди** - Во пределот на нозете,од десната страна, во висина на бутната коска - бронзена монета.Во висина на коленотоод левата страна златна обетка со лавја глава (потисната,сплескана во главата) **(T.L, сл.2)**.Во самиот ЈЗ агол керамички сад - амфора со две рачки и унгвентариум црно фирнизиран**(T.L, сл.4)**,непосредно до садот од источната страна. ВоЈЗ агол, помеѓу нозете сребрени алки**(T.L, сл.1)**.Зад садот,во самиот ЈЗ агол,кантарос**(T.L, сл.3)**.

**Гроб бр. 158 (T.L)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама ископана во хоризонт на црвена земја(здрава) во правец СИ-ЈЗ,оивичена со покрупни,средни и поситни камења поставени на ЈЗ и ЈИ ѕид и два реда во хоризонтала, како и 2-4 реда во вертикала од СИ и СЗ страна.Димензии: надворешни 2,65 x 1,45 м, внатрешни 1,95 x 0,95 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет,релативно добро сочуван,кој лежи на грб со паралелно поставени нозе и раце испружени покрај телото.Ориентиран е ЈЗ –СИ, гледа кон СИ. Сочуваната должина изнесува 1,50 м. Маж на возраст до 35 години.

**Археолошки наоди** - Во самиот СЗ агол поголем керамички сад - амфора со две рачки и кантарос како капак**(T.L, сл.5)**.Во десната рака бронзена монета.Под десната рака железно копје.Покрај левата надлактица железен нож.

**Гроб бр. 159 (T.L)**

**Конструкција** - Се протега за 2,00 м ЈИ од ЈИ агол наг роб 161 мерено од аголот до средината на СЗ ѕид од гробот 159 чиј ЈЗ агол е за 1,20 м северно од третиот столб на фискултурната сала, рачунато од И кон З. Се протега во хоризонт на црвена здрава зенја и природна стена и е вметнат во вдлабнатина од природни стени која е оивичена и покриена со вертикално и хоризонтално поставени 2-3 реда плочести камења. Димензиите на гробот се: надворешни 1,70x 1,10 м,внатрешни 1,30 x 0,65 м, длабочина 0,35 м.Ориентиран е СИ-ЈЗ.

**Остеолошки наоди** - Сорасчистувањето на нафрлените камења се откри детски скелет. Скелетот е фрагментарно сочуван со правилно поставена десна нога,левата свиена во коленото према надворешна страна,черепот доста згмечен.Вкупната должина на сочуваниот дел изнесува 0,85 м.Ориентиран е СИ-ЈЗ, гледа кон СИ. Дете на возраст до 3 години.

**Археолошки наоди** - Во СИ агол се откри керамички сад.

**Гроб бр. 160 (T.LI)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама со димензии: 1,80 x 0,65 x 0,35 м, во која бил поставен дрвен сандак со покојникот.Од сандакот сочувани се железни клинци со плочести глави околу т.е. по страничните ѕидови од правоаголната јама и тоа: во аглите и средината на ѕидовите.Ориентација С-Ј.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет добро сочуван,кој лежи на грб со паралелно испружени нозе, левата рака свиена под градниот кош, а десната поставена на десната карлица.Ориентиран е С-Ј,гледа кон Ј. Сочуваната должина изнесува 1,53 м. Маж на возраст од 25-35 години.

**Археолошки наоди** - На просторот помеѓу нозете непосредно под колената два керамички сада, мала стаклена балсамара и бронзен предмет со нејасна припадност. Едниот од садовите е мала керамичка паница која се наоѓа покрај десното колено, во која е поставена малата стаклена балсамара и бронзениот предмет, а над неа, покрај левото колено керамичка чаша. На просторот од горниот дел на граднот кош и носот и брадата на черепот отриена е стаклена плитка паница, превртена со ногата (дното) нагоре.Во самиот СЗ агол од гробот.кај десното рамо и покрај десната страна од черепот поставени се две стаклени чаши. При расчистувањето т.е. откривањето на скелетот,на просторот од средината на левата бутна коска,на 0,14 м од нивото на

гробот се откри цилиндричен пршлен (мониста) од стаклена паста, со сино-зеленкаста боја која од надворешната страна е орнаментирана со два реда брадавичести додатоци (полукружни испупченија) обоени со жолта и црвена боја.Помеѓу редовите е повлечена една крива бела линија.

**Гроб бр. 161 (T.LI)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена од внатрешната страна со по еден ред хоризонтално и три реда вертикално поставени средни и покрупни камења.Поставен е во хоризонт од црвена здрава земја непосредно до границата со хоризонт од лискун и тоа наеговата ЈЗ страна.Димензии: надворешни 2,70 x 1,30 м, внатрешни 2,30 x 0,80 м, длабочина 0,70 м.

**Остеолошки наоди** - релативно добро сочуван скелет кој лежи на грб со свиена глава на левата страна изразито раширени нозе. Левата нога лачно свиена кај коленото,одвоени бутните коски од карличниот појас и испружени раце- исто раширени спрема положбата на телото.За одбележување е дека при расчистувањето на скелетот ситни фрагменти на коски од череп кои беа како составен дел со земјата, се открија во пределот на стомакот.Спрема положбата на скелетот со јако раширените раце кои се далеку понастрана од централниот дел на,раширените нозе,може да се претпостави дека иститот припаѓал на жена - трудница. Должина на скелетот изнесува 1,50 м..

**Археолошки наоди** - Во пределот на главата во висина на ушите две златни обетки спретстава на ерос. Непосредно во пределот на нозете хидрија**(T.LI, сл.2)**, како и кантарос како капак**(T.LI, сл.1)**. Садот бил поставен непосредно до ЈЗ ѕид од гробот, во неговата средина. Паднат е кон десната нога. Покрај самиот ЈИ ѕид од гробот, во висина од левото колено, се унгвентариум со многу тенки ѕидови**(T.LI, сл.3)**.

**Гроб бр. 162 (T.LI)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во правец И-З, оивичена со два реда во хоризонтала и 4-5 реда во вертикала ситни белузлави камења, со димензии: надворешни 1,80 x 0,80 м, внатрешни 1,55 x 0,55 м, длабочина 0,33 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри детски скелет фрагментарно сочуван и тоа делови од горните и долните екстремитети и черепот. Ориентиран е И-З,гледа кон И. Вкупната должина на сочуваност е 0,85 м.Се работи за дете на возраст од 4-6 години.

**Археолошки наоди** - Во ЈИ агол се открија два керамички сада и тоа: во самиот агол исправено поставен керамички сад со канелури, висок врат и необична рачка - една врста оинохое со сивкаста фактура и под него во средината кантарос со црвена фактура и канелури на стомакот**(Т.LI, сл.4)**.

**Гроб бр. 163 (Т.LI)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во правец С-Ј. Вкопан е во хоризон на лискун. Димензии: 1,75 x 0,65 м, длабочина 0,40 м. При неговото поставување оштетена е ЈЗ страна на друг грокој се протега во правец СИ-ЈЗ од групацијата хеленистички гробови чии правоаголни дупки се обвиени со камења.

**Остеолошки наоди** - Се откри добро сочуван скелет кој лежи на грб,згмечена глава,десната рака поставена на десната карлица, левата рака свиена и лежи на стомакот со споени коленици и припиени нозе. Скелетот е долг 1,35. Дете на возраст од 12-15 години.

**Археолошки наоди** - Бронзена монета во средината на горниот дел од карлицата. Две сребрени обетки во висина на ушите во вид на алки изработени од сребрена жица, свиени на долната страна во вид на осмица.

**Гроб бр. 164 (Т.LII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во праве И-З во хоризонт лискун.оивичена со по еден ред камења вертикално поставени на средината од И, З и Ј ѕид, а од С се извадени најверојатно при подоцнежните интервенции на овој простор.Димензии: надворешни 1,55 x 0,60 м, внатешни 1,20 x 0,45 м, длабочина 0,27 м.Спрема распоредот на дарот,а и големината и конструкцијата на гробот може да се констатира дека претставува детско гробче - детето е поставено во правец И-З,гледа кон З.

**Остеолошки наоди** - Остатоци од коски не се открија.

**Археолошки наоди** -ВоЈЗ агол се откри керамички сад со една рачка.

**Гроб бр. 165 (Т.LII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама ископана во хоризонт на лискун во правец СЗ-ЈИ. ЈИ и ЈЗ страна се обвиени со еден ред во хоризонтала и два реда во вертикала камења,додека СИ страна е празна, аСЗ не се откри бидејќи се протега длабоко под профилот на земјата над која се простира пат. Димензии на

гробот : надворешни 2,45 x 0,70 м, внатрешни 2,00 x 0,50 м, длабочина 0,55 м, висина на камењата 0,15-0,30 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет кој лежи на грб со малку свиена глава на левата страна испружена лева рака под карлицата и свиена десна рака поставена на левата карлица која ја покрива десната шака.Вкупната должина на скелетот изнесува 1,65 м. При расчистувањето - откривањето на скелетот на СЗ дел од 0,15 -0,25 м над нивото на скелетот се открија остатоци на човечки коски и тоа само од долните екстремитети. За одбележување е и тоа дека околу покојникот-гробната дупка се открија железни клинци што значи дека бил поставен во сандак и закопан. Се работи за машки покојник на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** - Покрај тоа,покрај левата подколеница од надворешна страна на просторот од стапалото и помеѓу двете подколеници се открија остатоци од железен предмет кои иницираат на синџир составен од мали железни елипсести плочки долги 1,5 см перфориран на краевите и поврзани меѓу себе со нитни.

**Гроб бр. 166 (Т.LII)**

**Конструкција** - Претставува хоризонтална гробна јама вкопана во хоризонт на лискун со делимично нафрлани камења,од СЗ и ЈЗ страна на најдолниот хоризонт од гробот. Гробот е ориентиран СИ-ЈЗ со димензии: внатрешни 2,20 x 1,00 м, а димензиите на сандакот кој се констатира на основа сочуваните клинци, изнесува 1,75 м,кај нозете кои се на СИ дел 0,35 м, а кој главата 0,43 м, длабок 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри одлично сочуван скелет ориентиран СИ-ЈЗ, лежи на грб наведнат на десната страна поради што е извршена деформација на десното рамо и рбетниот столб и целата десна страна е на пониска кота од левата страна. Нозете се паралелно поставени, левата рака на десниот дел од карлицата, десната рака, подлактицата е свиена према десното рамо. Маж на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** - Помеѓу двете бутни коски во средината се откри длабока керамичка паница(**Т.LII, сл.2**). На просторот помеѓу подколениците и самото десно колено најден е стаклен сад (паница),фрагментарно сочуван. На просторот од стапалата - крајниот дел од подколениците (околу самото десно стапало) се открија две стаклени балсамарии и луцерна(**Т.LII, сл.1**). Покрај левата надлактица над самото лакто бронзен предмет веројатно фибула чија бронза се распаѓа.

**Гроб бр. 167 (Т. LII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама вкопана во хоризонт од здрава црвена земја, оивичена со еден ред во хоризонтала и 2-3 реда во вертикала поставени плочести камења.Ориенитран е ЈИ-СЗ.Димензии: надворешни 1,90 x 0,85 м, внатрешни 1,25 x 0,60 м, длабочина 0,45 м.На основа наодот и гробната конструкција, а и распоредот на наодот може да се констатира дека претставува детски гроб, кој бил поставен во правец ЈИ-СЗ,а гледа кон СЗ.

**Остеолошки наоди** - Остатоци од човечки коски не се најдоа освен некои ситни фрагменти кои беа помешани со земјата,се најдоа на ЈИ дел.

**Археолошки наоди** - на 3 дел се откри керамички сад со една рачка,сива фактура**(Т.LII, сл.3).**

**Гроб бр. 168 (Т.LIII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама ископана во хоризонт на црвена земја во правец ЈИ-СЗ, оивичена со еден ред во хоризонтала и 3-4 реда во вертикала поставени лоситни,средни и покрупни камења. Димензии: надворешни 2,00 x 1,15 м, внатрешни 1,50 x 0,70 м, длабочина 0,55 м.

**Остеолошки наоди** - Се открија ситни фрагменти од човечки коски(остатоци од черепот и фрагменти од десната бутна коска),како и споени сосема ситни фрагменти од останатиот дел на скелетот.Вкупната должина на сочуваните коски изнесува 0,80 м. Скелетот е ориентиран СЗ-ЈИ, гледа кон ЈИ. Се работи за дете на возраст од околу 4 години.

**Археолошки наоди** - При расчистувањето на гробот од 0,08 - 0,20 м од нивото на скелетот на СЗ агол се открија 36 ашици. Во долниот дел на градите се открија остатоци од бронза која е доста кородирана и се распаѓа,но најверојатно претставува листовидна фибула со двојна игла**(Т.LIII, сл.1)**.Во средината покрај СИ ѕид во висина на карлицата и грдниот кош се најде стригилис која е доста кородиран. Во самиот СИ агол се откри амфора,поставена исправено**(Т.LIII, сл.3)**. Од нејзината СЗ страна лизната е керамичка чаша која најверојатно била поставена како капак**(Т.LIII, сл.2)**. Непосредно до самото дно од ЈЗ страна на садот се откри коскен премет обработен од едната страна со елипсест завршеток од другата страна со зашилен крај.

**Гроб бр. 169 (Т.LIII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама вкопана во здрава црвена земја местимично оивичена во СИ дел со поситни и средни камења, а на ЈЗ половина ги нема, чиста е оштетена во крајниот ЈЗ дел. Ориентиран е СИ-ЈЗ.

**Остеолошки наоди** - Се откри релативно добро сочуван скелет кој лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце покрај телото. Ориентиран е СИ-ЈЗ, гледа кон ЈЗ. Вкупната должина изнесува 1,47 м, а ширината кај рамениците 0,45 м. Главата е свртена малку кон левото рамо. Жена на возраст до 40 години.

**Археолошки наоди** - Во пределот на главата лево и десно од ушите две златни обетки со лавји глави. Под десната надлактица плоснат керамички амулет.Под нозете фрагменти од поголем керамички сад, кантарос и унгвентариум**(Т.LIII, сл.4)**.При вадењето на коските во пределот од левото рамо се откри купест оловен амулет со бронзена алка.

**Гроб бр. 170**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама ископана во хоризонт на лискун, оивичена со еден ред камења,делимично поставени. Гробната архитектура не е целосно сочувана. Сочувани се мал број камења, оштетена е при земјените работи на овој простор. Ориентирана е СИ-ЈЗ.Димензии: надворешни 2,15 x 0,85 м, внатрешни 2,50 x 1,20 м, сочувана длабочина 0,28 м.

**Остеолошки наоди** - Покојникот е поставен на грб со паралелно испружени нозе и раце покрај телото.Ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон СИ.Сочуван е фрагментарно и тоа:фрагменти од долните екстремитети и само фрагменти од левата и десната надлактица.Черепот е добро сочуван и свиен е малку на десната страна.Димензии на сочуваниот дел : должина 1,50 м, ширина кај рамениците 0,45 м.

**Археолошки наоди** - ВоСЗ агол покрај самиот ѕид најдено е железно копје. Во самиот агол и под врвот од копјето се откри железен овален предмет со нејасна припадност и сочуваност во фрагменти.

**Гроб бр. 171 (Т.LIII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама ископана во хоризонтот на здрава црвена земја и природа стена во правец И-З. Се протега скоро под самиот профил и не е можно во целост да се открие неговата С страна. Правоаголната јама е обвиена со еден ред вертикално и хоризонтално поситни камења, какви камења се

протегаа долж целата јама над самиот скелет. Димензии на јамата: надворешни 2,40 x 0,90 м, внатрешни 2,20 x 0,75 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди -** Се откри релативно добро сочуван скелет, долните екстремитети и черепот како и фрагменти од горните екстремитети и рбетот.Долг е 1,48 м. Лежи на грб со испружени нозе и свиена десна нога во коленотопрема навнатре.Ориентиран е И-З,гледа кон З. Се работи за жена на возраст од 35-45 години..

**Археолошки наоди -** Во висина на левата надлактица се откри бронзена монета. Во висина на десната клучна коска купест оловен амулет без алка. Под самото десно стапало керамички сад – оинохое**(Т.LIII, сл.5)**.

**Гроб бр. 172 (Т.LIII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама вкопана во хоризонт на лискун во правец СЗ-ЈИ, оивичена со еден ред во хоризонтала и два три реда во вертикала покрупни камења. Димензии: надворешни 2,60 x 1,10 м, внатрешни 2,20 x 0,75 м, длабочина 0,75 м. Гробната архитектура во СИ агол е оштетена до првиот ред камења.

**Остеолошки наоди** - Се открија остатоци од скелет и тоа: фрагменти од черепот, десната рака и долните екстремитети, на основа кои може да се заклучи дека покојникот лежи на грб со споени нозе и испружени раце покрај телтото. Сочуваната должина изнесува 1,55 м. Ориентиран е ЈИ-СЗ,гледа кон СЗ.

**Археолошки наоди** - Околу вратот златен ѓердан со лавји протоми. На просторот од левото и десното рамо по еден оловен амулет со бронзена алка.На просторот од левата рака се открија бронзени фрагменти од фибула. Под самите нозе, во средината на СЗ страна била поставена амфора и скифос како капак, паднати према ЈЗ агол од гробот.

**Гроб бр. 173**

**Конструкција - /**

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди** –керамичка чинија **(Т.LIV, сл.1)**, скифос **(Т.LIV, сл.3)** и унгвентариум **(Т.LIV, сл.2)**.

**Гроб бр. 175 (Т.LIV)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама со правец југоисток-северозапад, оивичена со еден до два реда средни и поситни камења во хоризонтала и

четири реда во вертикала. Димензиите се: надворешни 2,00 x 0,90 м, внатрешни 1,75 x 0,55 м, длабочина 0,60 м.

**Остеолошки наоди** - Се открија остатоци од черепот во северозападната страна од гробот на чија основа може да се констатира дека скелетот е со ориентација северозапад-југоисток.

**Археолошки наоди** -на крајниот југоистечен дел под нозете до самиот ѕид од гробната конструкција се откри оинохое(**Т.LIV, сл.5)**, а во пределот од стомакот на покојникот се наиде на чаша превртена со отворот надолу(**Т.LIV, сл.4)**. При расчистувањето на гробот се открија осум ашици расфрлани по гробот. Во висина на десната дланка се откри бронзена монета. Според димензиите гробот најверојатно припаѓа на детски покојник.

**Гроб бр. 178 (Т.LIV)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во правец исток-запад, оивичена со еден ред т во хоризонтала и три реда во вертикала поставени камења. При расчистување на каналот оштетен е јужниот дел од гробната конструкција. Димензиите се: надворешни 2,50 x 1,20 м, внатрешни 2,00 x 0,80 м, длабочина 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - Се открија остатоци од покојникот недостасува само десната рака. Покојникот е поставен да лежи на грб со испружени нозе споени кај колената и раце ипружени покрај телото и има ориентација исток-запад со поглед кон исток. Маж на возраст од 35-45 години.

**Археолошки наоди** -Во североисточниот агол едно оинохое(**Т.LIV, сл.6)** и скифос поставен како капак.

**Гроб бр. 179 (Т. LV)**

**Конструкција -** /

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди** - амфора **(Т.LV, сл.4)** и два унгвентариуми **(Т.LV, сл.1-2)**

**Гроб бр. 180 (Т.LV)**

**Конструкција -** /

**Остеолошки наоди - /**

**Археолошки наоди -/**

**Гроб бр. 183 (T.LV)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама во правец исток-запад, оивичена со еден ред во хоризонтала и два до три реда во вертикала поставени покрупни камења. Димензиите се: надворешни 2,70 x 1,40 м, внатрешни 2,30 x 0,90 м, длабочина 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - Покојникот е поставен да лежи на грб со испружени нозе и раце ипружени покрај телото и има ориентација исток-запад со поглед кон исток.

**Археолошки наоди** -на источната страна кај нозете се открија две амфори кои се фрагментирано сочувани(**T.LV, сл.5 и 6**), а до нив се открија фрагменти од скифос и чаша. Во североисточниот агол од гробот се откри унгвентариум(**T.LV, сл.3**), додека во југоисточниот агол се наиде остатоци од череп. При расчистувањето и дислоцирањето на амфорите под нив во југоисточниот агол се открија пет бронзени монети.

**Гроб бр. 184 (T.LVI)**

**Конструкција** - Гробот е фрагментирано сочуван.Оштетен е јужниот дел од гробот заедно со потколениците на покојникот.Гробната архитектура е оштетена од градежните работи на овој простор. Од она што е сочувано може да се констатира дека гробот претставува правоаголна јама со правец север-југ. Јамата е оивичена со еден ред средни по големина камења хоризонтално и вертикално поставени. Димензиите на сочуваниот дел изнесуваат: надворешна ширина 1,15 м, внатрешни 1,15 x 0,70 м, и длабочина од 0,20 м.

**Остеолошки наоди** - Покојникот лежи на грб со испружени нозе и раце испружени покрај телото и има ориентација север-југ со поглед кон југ.

**Археолошки наоди** -Од наоди се откри една бронзена монета (Антигон Гонат) во пределот на десната дланка.

**Гроб бр. 185 (T.LVI)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама со правец југоисток-северозапад, оивичена со еден ред во хоризонтала и два реда во вертикала поставени камења. Јужниот ѕид од гробот и источната страна се оштетени. Димензиите се: надворешни 2,50 x 1,20 м, внатрешни 2,10 x 0,75 м, длабочина 0,50 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е релативно добро сочуван оштетени се само горните екстремитети. Покојникот е поставен да лежи на грб со раце и нозе испружени покрај телото. Ориентиран е северозапад -југоисток гледа кон југоисток. Главата е поставена на тула и малку е свиена кон левата рака. Маж на возраст од над 45 години.

**Археолошки наоди** -на просторот од десната града бронзена листеста фибула, во самиот југозападен агол чаша**(T.LVI, сл.1)**, а северно од неа амфора покрај десното стапало**(T.LVI, сл.2)**.

**Гроб бр. 186 (T.LVI )**

**Конструкција** -Претставува правоаголна гробна јама вкопана во хоризонт на лискун во правец ЈИ-СЗ, оивичена со еден ред во хоризонтала и три-четири реда во вертикала поставени камења. Димензии: надворешни 1,45 x 0,90 м, внатрешни 1,10 x 0,50 м, длабочина 0,45 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет со фрагментирано сочуван череп и долни екстремитети. Ориентиран е југоисток-северозапад со поглед кон југоисток. Поставен е да лежи на грб со испружени нозе и раце покрај телото. Се работи за дете на возраст од околу 4 години.

**Археолошки наоди** -При расчистувањето на гробот се открија 13 ашици по расфрлани по целата гробна јама. Во југоисточниот агол се откри амфора**(T.LVI, сл.4)** и фрагментирана чаша како капак**(T.LVI, сл.3)**.

**Гроб бр. 187 (T.LVII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама вкопана во хоризонт на лискун во правец ЈИ-СЗ, оивичена со еден ред во хоризонтала и два до три реда во вертикала поставени покрупни камења. На југоисточниот дел гробната архитектура е оштетена со вкопување на отпадна јама на тој простор. Димензии: надворешни 2,40 x 1,20 м, внатрешни 1,80 x 0,60 м, длабочина 0,55 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет одлично сочуван поставен е да лежи на грб со паралелно испружени нозе и раце покрај телото. Ориентиран е југоисток-северозапад со поглед кон југоисток. Машки покојник на возраст од 25-35 години.

**Археолошки наоди** - во југоисточниот агол се откри амфора**(T.LVII, сл.4)**, а под него кантарос**(T.LVII, сл.1)**. Во самиот југозападен агол косо се поставени два железни предмета доста кородирани**(T.LVII, сл.2 и 3)**.

**Гроб бр. 189 (Т.LVII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама со правец исток-запад оивичена со еден ред покрупни камења. Димензиите изнесуваат: надворешни 2,10 x1,10 м, внатрешни 1,90 x 0,90 м, длабочина 0,80 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет поставен да лежи на грб со раце испружени покрај телото.ориентиран е во правец исток-запад со поглед кон исток. Маж на возраст до 45 години.

**Археолошки наоди** - Амфора во пределот на нозете**(Т.LVII, сл.6)** и паница кај отворот од амфората**(Т.LVII, сл.5)**, два железни предмета во близина на керамичките садови, железно копје покрај левото колено, коскена игла во висина на левата подлактица, бронзена монета во пределот на десната дланка.

**Гроб бр. 190 (Т.LVII)**

**Конструкција** - Претставува правоаголна гробна јама оивичена со делимично поставени камења. Гробот е со правец исток-запад. Гробната конструкција е оштетена со вкопување на јама. Димензиите изнесуваат: надворешни 1,90 x 1,00 м, внатрешни 1,70 x 0,70 м, длабочина 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Се откри скелет кој е оштетен од градите нагоре, сочувана е карлицата и долните екстремитети, ориентацијата е исток-запад со поглед кон исток. Се работи за машки покојник постар од 20 години.

**Археолошки наоди** - Амфора покрај десната нога, мегарска чаша како капак на амфората**(Т.LVII, сл.7)**, железно копје покрај десната потколеница, бронзен предмет-фибула кај пршлените, бронзена монета кај десната дланка.

**Гроб бр. 191 (Т.LVIII)**

**Конструкција** - Од сочуваните остатоци на гробната архитектура може да се костатира дека во правоаголна гробна јама, со правец ЈЗ-СИ оивичена е со наредени камења - два реда во хоризонтала и три реда во вертикала.Внатрешната ширина на гробот изнесува 0,65 м, а висината на ѕидот 0,50 м,(дебелина 0,55 м).

**Остеолошки наоди** - Скелетот лежи на грб со паралелно испружени нозе, ориентиран е СИ-ЈЗ,гледа кон ЈЗ.Сочувана должина на коските 0,57 м.

**Археолошки наоди** - Под самите нозе се откри амфора и мегарска чаша како капак. Во висина на десната бутна коска,до половината на подколеницата се откри бронзен сад со две рачки поставени една наспроти друга**(Т.LVIII, сл.5)**, аво него поставен е друг

бронзен сад - бронзено ојнохое со тордирана рачка која го надвисува венецот и капак на отворот(**Т.LVIII, сл.1**).Од десната страна, во висина на надлактицата, се откри железно копје(**Т.LVIII, сл.3-4**).Од ЈЗ страна на бронзениот сад се открија бронзени фрагменти од фибула (**Т.LVIII, сл.2**).Напоменуваме дека бронзените садови се многу оштетени.

**Гроб бр. 192 (Т.LVIII)**

**Конструкција** - Во хоризонт на лискун ископана е правоаголна гробна јама во правец СИ-ЈЗ, оивичена со еден ред во хоризонтала и два реда во вертикала средни камења.Гробната конструкција е оштетена.Сочуван е само фрагментарно СЗ ѕид.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е исто така оштетен.Сочувани се само фрагменти од черепот и десната нога.Вкупната должина изнесува 1,40 м, бутната коска 41 см, подколеницата 31 см.Ориентиран е СИ-ЈЗ, гледа кон ЈЗ.Лежи на грб. Се работи за возрасен женски покојник.

**Археолошки наоди** - се откри само златната обетка со негроидна глава.

**Гроб бр. 193 (Т. LVIII)**

**Конструкција** -Претставува правоаголна гробна јама вкопана во хоризонт лискун во правец С-Ј со девијација ЈИ-СЗ. Оивичена е со еден ред вертикално поставени камења и тоа делимично.Димензиите на гробот 193 се: надворешни 2,40 x 1,30 м, внатрешни 2,25 x 0,90 м, длабочина 0,40 м.

**Остеолошки наоди** - Се открија остатоци од скелет и тоа фрагменти од долните екстремитети и сосема мали остатоци од черепот. На основа тоа може да се каже дека гробот е ориентиран С-Ј, гледа кон Ј. Вкупната должина изнесува 1,40 м. Покрај левата потколеница се откри групација на човечки коски -остатоци од долните екстремитети. Се работи за двојно погребување.

**Археолошки наоди** - На просторот од главата 2 златни обетки со претстава на ерос - во ист правец од горе на долу со висинска разлика 0,15 см. Ова упатува дека главата била поставена на еден од образите. Од десната страна во висина на коскатa се најде бронзена монета. Под левата нога бронзен сад со две потковичести рачки висок 17 см.Дршката е повисока од венецот за 4 см.Садот е многу оштетен и се распаѓа.На него се изврши детално фотографирање. До самиот јужен ѕид од гробната конструкција и под бронзениот сад - во правец на средината од нозете ојнохоа со кантарос како

капак(**Т.LVIII, сл.6**),а западно до неа унгвентариум со црвена фактура. Под бронзениот сад железно копје или нож.

**Гроб бр. 194**

**Конструкција** - Фрагментарно е сочуван. Постои само ЈИ агол од гробната конструкција,еден ред хоризонтално и два реда вертикално поставени камења.

Овој гроб најверојатно е оштетен при поставувањето на гробот 185 кога се скинат 2/3 од неговиот западен и средишен дел.

**Остеолошки наоди** - На основа наодот - амфора и кантаросот како капак до источниот ѕид од гробната конструкција како и остатоци од јужниот ѕид може да се констатира дека гробот бил ориентиран И-З како и скелетот, кој гледал према исток.

**Археолошки наоди** - амфора и кантаросот како капак до источниот ѕид од гробната конструкција

**Гроб бр. 195 (Т.LVIII)**

**Конструкција** - Гробот е поставен на природна стена .Ориентиран е ЈИ-СЗ, гледа кон ЈИ. Оивичен е со два реда во хоризонтала и 3-4 реда во вертикала средни камења.Гробната архитектура во СИ агол и половина е оштетен при копањето на дупката за садница.Димензии: надворешни 1,80 x 1,10 м, внатрешни 1,20 x 0,45 м, длабочина 0,35 м.

**Остеолошки наоди** - Скелетот е оштетен при копањето на дупката.Должината е 0,75 м.Спрема конструкцијата на коските се работи за детски покојник

**Археолошки наоди** -Под нозете на ЈИ дел керамички сад (фрагментарно сочуван)На просторот од карлицата се открија две бронзени монети.Покрај левата нога - подколеницата, фрагменти од копје.

**Гроб бр. 197**

**Конструкција** - /

**Остеолошки наоди** - /

**Археолошки наоди** –керамичко пехарче **(Т.LVIII, сл.7).**

План 2: Распоред на гробовите во некрополата Дебој од истражувањата 1978-1980 год.



## Начиннапогребување, гробниконструкциииппогребниобичаи

Некрополата „Дебој" заедно со ново откриените гробови од хеленистичкиот период на повеќе пункта во стариот дел на Охрид кои најверојатно и припаѓаат на истата градска некропола, претставува една од најдобро истражените некрополи од хеленистички период во државата.Во минатото во Охридско-преспанскиот регион се истражувани повеќе некрополи од хеленистичкиот период како што се Требенишко кале[62], Црвејнца кај Опејнца, Арапски гробишта кај Шум во Струга, Гимбабица кај Избишта Ресенско[63] и Св. Илија кај Делогожда Струшко[64]. Некои од нив се истражувале систематски и резултатите од тие истражувања се објавени додека некои некрополи се откривани сосема случајно заради некакви градежни активности, истражувани се сондажно и за жал материјалот од овие некрополи сеуште не е објавен. Земајќи ги во предвид  резултатите од овие истражувања заедно со резултатите од некрополата „Дебој" ни се дава исклучитлна можност да го реконструираме односот на Лихниѓаните кон мртвите во антиката и да ја оформиме сликата за начинот на погребување во хеленистичкиот период во овој регион ( Карта 3).




**Карта 3 : Карта на охридскиот регион на која се прикажани: утврдувањата(■), железнодобските некрополи(▲) и некрополите од хеленистичкиот период (●). 1.Охрид, 2. Св.Еразмо, 3. Требенишко кале, 4. Три Чељусти и Вртуљка, 5.Св. Илија-Делогожда, 6.Вајтос - Октиси, 7.Арапски гробишта - Шум, 8. Радолишта, 9. Црвејнца - Опејнца, 10. Гимбабица - Избишта, 11.Љубаништа, 12. Поградец.**

---

[62]В.Лахтов, Археолошко ископување на „Требенишко кале"кај с. Требениште- охридско 1953/54, Лихнид II – III, Охрид 1959.

[63]Материјалот од овие три некрополи не е публикуван

[64]В. Битракова-Грозданова, Ископувања на античката некропола во Делогожда 1979, МАА 6, 1982.

Пред да почнеме со анализирање на археолошките појави на хеленистичката некропола што е и цел на овој труд, потребно е да се споменат неколку факти за самиот локалитет како неговата повеќеслојност и широкиот хронолошки распон. На зарамнетото плато најнапред е откриена три корабна ранохристијанска црква со богати мозаични подови (Сл. 2 и 3).



**Сл.2 Остатоци одранохристијанскатацрква од Дебој**



**Сл.3 Фрагмент од мозаичниот под од ранохристијанската црква на Дебој**

Потоа, откриени се и околу 190 гробови во хронолошки распон од македонско-хелинистичкиот период па се до доцната антика. Најголем дел од погребувањата потекнуваат од македонско-хеленистичкиот период но има и помлади погребувања. Иако овие погребувања не се предмет на истражување, заради добивање на комплетна слика на некрополата ќе бидат претставени во кратки црти.Се работи за погребувања од римскиот и доцноантичкиот период. Во римскиот период нема унифицирање во поглед на погребниот ритуал ниту пак во однос на начинот на погребувањата или гробната архитектура каков што е случајот со гробовите од македонско-хеленистичкиот. Во овој период среќаваме два начина на погребување: скелетно во гробовите: 27; 99; 105; 106; 115; 119; 124; 125; 127; 129; 133; 134; 142; 145; 150; 153; 160; 163; 164; 165 и 166 и гробови со кремирани покојници 67; 68; 110; 111; 131 и 149. Гробната конструкција кај гробовите со скелетно погребување кај сите е иста. Таа претставува правоаголна гробна јама со димензии според возраста на покојникот, слободно вкопана во земјата без било каква конструкција. Кај гробовите со кремирани покојници имаме два типа на гробни форми и тоа: гробови урни ( 67; 68; 110; 111; 149) и гробот број 131 кој претставува хумка од неправилно нафрлани камења под кои се протега горетината.

За доцноантичките погребувања пак карактеристични се гробните конструкции со тегули на две води. Во овој период за разлика од римскиот како погребен ритуал се

среќава само инхумацијата. Она што е воочливо за овие гробови е отсуството на гробни прилози. Нивното присуство во овој дел веројатно е заради рано-христијанската црква, околу која по примерот и на други сакрални објекти се вршело погребувањето. Гробовите кои припаѓаат на овој период се: 50, 86, 87, 88, 90, 91, 107,118,126, 127, 128, 129 и134. Од овој период најверојатно потекнува и гробницата бр. 38. Се работи за гробница со правоаголна основа, засведена со полукружен свод. Иззидана е од тегули поврзани со варов малтер. Во гробницата не се откриени некакви наоди со кои би можеле попрецизно да ја датираме.

Она што е каректеристично кога ќе се погледне планот на некрополата е големиот интензитет на погребување кој се одвивал на еден релативно мал простор низ хеленистичкиот период(Сл.4). Карактеристично пак за гробните целини на оваа некропола е унифицираноста и тоа во гробната архитектура, начинот на погребување и погребните обичаи низ целиот хеленистички период што претставува вистинска реткост.



**Сл.4 Дел од хеленистичката некропола Дебој**

Што се однесува до гробната архитектура може да се каже дека кај сите погребувања од хеленистички период и тоа без исклучок се забележува еден тип на гробни конструкции. Се работи за гробни јами со правоаголна форма, оивичени со 2 до 3 реда необработени камења во хоризонтала и исто толку реда на камења во вертикала кои се иззидани во техника сувоѕид. Димензиите на гробните јами се во зависност од возраста на покојникот. Како дно на гробната конструкција се користи земјата или

карпата во која е вкопана гробната јама. Покривна конструкција не се забележува и најверојатно гробните јами биле затрупувани со истата земја која се насобирала при нивното вкопување. Исти вакви гробни конструкции се среќаваат и на останатите некрополи во регионот како што се Требенишко кале, Црвејнца кај Опејнца, Св. Илија кај Делогожда Струшко.

И во ритуалот на погребување се забележува унифицираност која не е својствена за некрополите од хеленистичкиот период.[65] Кај сите погребувања на оваа некропола без исклучок се употребува ритуалот на скелетното погребување. Покојникот според строго утврдени правила се поставувал на грб во испружена положба, со испружени нозе и раце покрај телото. Остеолошките остатоци откриени при истражувањата, се антрополошки обработени од страна на проф. Ж. Микич со што ни се дава една исклучителна можност да ја одредиме организацијата на некрополата и обичаите кои се практикувале во истата во однос на полот и возраста на покојниците.

Погребен ритуал кој е карактеристичен за некрополите од охридскиот регион е поставувањето на покојниците во гробната јама со различна ориентација која е условена од половата припадност. Во гробовите каде е погребана машка индивидуа покојникот е поставен со глава на запад додека нозете се на исток т.е. гледа кон исток. Кај женските погребувања покојничката е поставена со глава на исток, а нозе на запад т.е. со поглед кон запад, спротивно од машките покојници. Ваква појава каде среќаваме јасно диференцирање според половата припадност, манифестирана преку дијаметрално спротивното полагање на покојниците во зависност на кој пол му припаѓаат е евидентирана и на повеќе некрополи во овој регион. Станува збор за некрополите "Требениште" и "Три Чељусти и Вртуљка" од железното време и "Требенишко кале" и "Црвејнца" кај Прентов Мост, с. Опејнца од хеленистичкиот период. Сите овие некрополи заедно со некрополата "Дебој" каде ја среќаваме оваа појава географски припаѓаат на еден регион. Тоа укажува на фактот дека ваквиот начин на погребување всушност претставува обичај на една хомогена група на луѓе која во еден подолг временски период почнувајќи од железното време па се до крајот на хеленистичкиот период го населувала овој простор. Со овој факт се дава и прецизен одговор на едно од многуте отворени прашања за етничката припадност на населението кое егзистирало во овој регион. Имено досега во науката доста пати е расправано за тоа дали Енхелеите и Дасаретите претставуваат едно исто племе или се

---

[65] I. Mikulčić, Pelagonija, Skopje 1966;В.Соколовска, Исар-Марвинци и повардарието во античко време, Скопје 1986.

работи за две етнички групи кои во различен период го населувале овој простор? Со оглед на тоа дека ритуалот на погребување и гробната архитектура се едни од основните елементи по кои ја одредуваме заедничката етничка припадност на одредено население, тогаш одговорот на претходното прашање е многу јасен. Ако се земе во предвид дека овие два елемента во охридскиот регион се заеднички и се среќаваат на повеќе некрополи и можеме да ги следиме од железното време па се до крајот на хеленистичкиот период, со сигурност можеме да кажеме дека се работи за една етничка група која го населувала овој простор низ еден подолг временски период. Тоа се насетува и во пишаните извори.Во информацијата која ни ја дава Страбон, Енхелеите уште се нарекувале Сасарети.[66]Според Ф.Папазоглу ова тврдење може да се прифати само ако Сасаретите се поистоветат со Дасаретите.[67] Останува само да се разјасни хијатусот од средината на V до средината на IV век п.н.е. кој е забележан на повеќе некрополи во регионот (Делогожда, Требенишко кале, Дебој) што одредени автори ги наведил да помислат дека можеби станува збор за одредена миграција на населението.[68] Со претходно изложените аргументи јасно се отфрла ваквото тврдење. За да дојдеме до решение предлагам уште еднаш да ги разгледаме историските прилики во регионот во наведениот период. Тоа е периодот кога јужно илирските племиња се обединуваат, со што и нивната моќ станала поголема. Така обединети тие му правеле проблем дури и на македонскиот крал. Под нивен притисок кралот Аминта III бил присилен да го напушти престолот и извесно време да се засолни во Тесалија. Потоа откако со тесалска помош се вратил на престолот морал да им плаќа данок на Илирите за да го поштедат неговото кралство од напади.[69]Ако македонското кралство било во ваква незавидна положба можеме само да замислиме во каква положба било населението во пограничните области каква што е Дасаретската. Најверојатно истото било до таа мера осиромашено и угнетувано што не било во можност да си дозволи погребувања со богати дарови како претходно. Но сето тоа се менува откако овој регион се враќа под македонска власт по битката меѓу Филип II и Бардилис, во 359 година. По оваа битка Илирите се разбиени и се воспоставува повторно македонската власт врз регионот која ќе се задржи се до доаѓањето на Римјаните. Сето ова се

[66] Strab.VII,7.8.
[67]Ф.Папазоглу, op.cit.72.
[68]В.Битракова-Грозданова,Материјалните докази и миграциите во охридско-преспанскиот регион во антиката, Жива Антика 45, Скопје 1995.
[69]Diod. XIV,92, 3-4.

чуствува на горе наведените некрополи од регионот каде повторно се забележуваат богатите погребувања но како што видовме вршени по старите традиции.

Околу организацијата на гробовите, од она што се гледа од планот на некрополата, може да се заклучи дека се работи за еден интензивно користен простор за погребување во хеленистичкиот период. Врз основа на податоците од антрополошката анализа можеме да кажеме дека нема некое посебно правило на групирање на покојниците според половата припадност или нивната возраст. Додека нивното групирање според фамилијарна припадност тешко може да се заклучи. На некрополата се забележува вертикална но и хоризонтална стратиграфија. Ако се земат во предвид само погребувањата од хеленистичкиот период можеме да одвоиме два хоризонти на погребувања. Што се однесува до хоризонталната стратиграфија можеме да констатираме дека хронолошки постарите погребувања се наоѓаат во западниот дел од истражуваниот простор. Овој дел се наоѓа на стотина метри од пунктот кај Горна Порта, местото на кое се откриени архајските гробови и кое како што веќе спомнавме најверојатно преставувало централниот дел на некрополата. Со ова доаѓаме до заклучок дека некрополата се ширела од запад кон исток.

На некрополата евидентно е и двојното погребување во иста гробна јама. Тоа се забележува и според карактерот на наодите но се потврдува и со веќе спомենатата антрополошка анализа. Постапката на полагање на повеќе покојници во еден гроб се одвивал на начин близок на денешните обичаи. Најнапред се подигаат остатоците од постариот покојник, кои се собираат надвор од гробот, а потоа во испразнетиот гроб се полага новиот покојник. На крај повторно се враќаат остатоците од стариот покојник кои овојпат се групираат во пределот на нозете на помладиот покојникот, кој се наоѓа во испружена положба. На некрополата вакви двојни погребувања се констатирани во17 случаи. Се работи за гробовите со број: 32, 33, 41, 44, 47, 58, 61, 78, 87, 98, 105, 135, 141, 144, 147, 161 и 193. Најчесто се работи за погребување на возрасна жена и дете.Таков е случајот со двојните погребувања во гробовите бр. 32, 41, 58, 105, 135 и 161. Додека во гробовите бр 87, 98 и 147 се погребани по две деца. Во останатите двојни погребувања се среќаваат по две возрасни индивидуи и тоа: маж и жена во гробовите 78, 141 и 144, и два машки покојника во гробовите 33, 44 и 61. За двојните погребувања во гробовите 47 и 193 не можеме да ја одредиме староста и полот на покојниците. За тоа какви биле родбинските врски на овие покојници можеме само да претпоставуваме.

Распоредот на даровите во гробовите кои се во изворна положба овозможува да добиеме комплетна слика за покојниците во моментот на погребувањето, да ја одредиме намената на некои предмети и да го одредиме статусот кој го имал покојникот во општеството. И поставувањето на даровите во гробот се одвивало исто така според строго утврдени правила. Така на пример во гробовите со машки покојници евидентно е присуството на оружје кое се поставува повторно според одредено правило.Во најголемиот број гробови копјата се ставаат во пределот на нозете од десната страна на покојникот, додека ако има меч или бодеж тој се поставува од левата страна и тоа во висина на бутната коска т.е на местото на кое веројатно бил носен и за време на животот. Кај гробовите со женски покојници забележливо е присуството на накит. Најзастапени се обетките со зооморфни протоми, потоа следат ѓерданите додека најретки се прстените. За одбележување е и присуството на оловните привезоци (амулети) со пирамидална форма. Детските гробови се најсиромашни и за нив најкарактеристични дарови се теракотните фигурини, малите керамични садчиња и ашиците.

Керамичките прилози се најзастапени во некрополата и ги има во сите гробови и карактеристични се за трите категории на покојници. На оваа некропола и тие се ставаат според утврдени правила. Керамичките садови секогаш се ставале во долната половина на гробот т.е. во пределот на нозете. Како обичај кој се среќава на ова некропола е и затварањето на поголемите складишни предмети како амфори и оинохоа, со садови со помали димензии како кантароси, скифоси, мегарски чаши или унгвентариуми. Ваква пракса е евидентирана и на соседните некрополи “Требенишко кале”и “Црвејнца”. Овие садови најчесто биле користени за складирање, чување и консумација на виното па отаму нивното поставување во гробовите како сетови треба да го поврзиме со ритулот на либација кој очигледно бил практикуван во регионот.

Она што е за одбележување за керамичките садови е и фактот дека во зависност на полот и возраста на покојникот се одбирал и садот. Така на пример атичките црнофирнизирани скифоси се среќаваат исклучиво во гробовите со женски покојници. За гробовите со детски покојници пак најкарактеристични се малите садчиња со една дршка.

Покрај керамичките садови во гробовите се среќаваат и бронзени садови. Присуството на овој тип садови е секако поскромно за разлика од керамичките што претставува нормална појава ако се знае фактот дека во антиката бронзата била исклучиво скапа и не била достапна за секого. Така присуството на овој тип садови во

одредени гробови ни даваат информации за економскиот и социјалниот статус на нивниот сопственик. Во гробните целини бронзените садови се откриваат како сетови најчесто составени од три сада и тоа: лебес, бронзена чинија и олпе или оинохое. Таков е случајот во гробовите бр. 20, 21, 95 и 100. Тие сетови може да бидат составени и од два сада како во гробовите бр.101 и 155. И кај бронзените садови исто како и кај керамичките, поставувањето на сетови составени од различни типови на садови најверојатно било мотивирано од одреден ритуал на дарување на храна и вино. Најчести прилози се бронзените лебеси со карактеристични рачки кои се во форма на буквата “Т” и бронзените чинии кои ги среќаваме на повеќе некрополи од Македонско-хеленистичкиот период во околината но и пошироко. Од бронзените садови најкарактеристични за овој регион се малите бронзени садчиња со една дршка т.н. Келхајм тип олпеа. За одбележување е и бронзената ситула откриена во гробот бр. 154, која има изливник во форма на глава од лав. Подетална анализа на бронзените садови ќе направиме во посебен дел подолу во овој труд каде ќе ги согледаме нивините карактеристики и потеклото.

Освен керамичките садови и дарувањето на монети во гробовите е заедничко за трите категории покојниоци. Во гробовите во кои е откриена монета таа во сите случаи е поставена во десната дланка на покојникот. Овој обичај би можеле да го објасниме со тоа што покојниците на овој начин биле спремни да му го платат на Харон своето патување кон подземниот свет.

**Гробни прилози**
**(типологија, аналогии, хронологија)**

Од откриените гробови од македонско-хеленистички период чија бројка достигна 160 гроба, не е откриен ниту еден гроб во кој нема гробни прилози. Тоа најверојатно укажува на благосостојбата во која живеело населението во овој период. Како што видовме гробните прилози биле поставувани во гробните јами според строго утврдени правила диригирани според половата или возрастната припадност на покојникот.

Врз основа на материјалот од кои се изработени прилозите како и функцијата која ја имале можеме да ги поделиме во шест основни групи:

-Керамика
-Бронзени садови
-Накит
-Оружје и орудија
-Монети
-Теракота

## Керамика

Керамиката претставува најзастапениот материјал на археолошките локалитети без разлика дали станува збор за населби или некрополи. Таков е случајот и во оваа некропола во која скоро и да нема гроб во кој не се откриени керамички садови како гробни прилози.

Керамичките садови откриени на овој локалитет можеме да ги следиме преку разните облици кои ги имаат, техниките со кои се изработени и декорирани. Со помош на овие анализи ќе укажеме на потеклото, карактерот и функцијата која ја имале садовите, со што ќе се обидеме да ги доловиме и трговските врски преку кои продирале различните културни влијанија од Егејот, Епир и Илирскиот брег.

*Амфорите* се една од најзастапените форми на садови на археолошките локалитети во Р.Македонија. Таква е ситуацијата и со некрополата “Дебој” каде среќаваме голем број на различни типови амфори. Ќе започнеме со анализа на двете амфори кои не се карактеристични за ова поднебје и кои претставуваат транспортни амфори кои се користат за прекуморски транспорт на добра. Се работи за амфорите од гробовите 95(Т.XXVIII, 1) и 134 (Т. XXXIX ,1 ). Првата има издолжена форма во вид на превртен конус со дно во форма на чеп, висок цилиндричен врат, и две лентести вертикално поставени рачки. Оваа форма амфори припаѓа на родоскиот тип амфори од хеленистичкиот период. [70] Амфората од гроб бр. 134 е со издолжено тело со поголеми димензии, дното е во форма на чеп, вратот е цилиндричен и преминува во профилиран венец, рачките се со елипсовиден пресек и се вертикално поставени. Слична ваква амфора е откриена и во наодите од некрополата во Пелагонија. [71] Овој тип амфори некои истражувачи ги сврстуваат во родоскиот круг на амфори.[72]Сепак нивната форма потекнува од коринтските работилници, но се изработувале и во коринтската колонија Коркира, од каде најверојатно продрела на овие простори.[73]

Амфората од гроб бр. 3 (Т. I ,5 ) се карактеризира со издолжено тело, стои на тесно и рамно дно, вратот е цилиндричен, венецот е профилиран. Според наодите во гробот амфората може хронолошки да се постави во првата четвртина на IIIв.п.н.е.

Друг тип на амфори кои се карактеристични за Охридскиот регион, и кои ги среќаваме во хеленистичките некрополи како Требенишко кале[74] и Дебој се амфорите со топчесто или биконично тело кое преминува во тесен и низок врат, венецот е изразито извлечен кон надвор и имаат широка рамна нога. Откриени се повеќе амфори од овој тип во некрополата Дебој и тоа во гробовите: 6 (Т.III,1 - 4), 13(Т.V, 1), 20(Т.VI, 5),61(Т.XX, 4) и 147(Т.XLV, 6). Како аналогија се предлага Ахерон кој се наоѓа на јужно-епирска територија, каде е констатирана и грнчарска работилница.[75]

---

[70] LATARRA 6, Dictionnaire des Céramiques Antiques( VII s.av.n.è- VII s.de n.è.) en Méditerranée nord occidentale, Lattes 1993,43, A-Gre Rho3 ; V.Grace, Amphoras and the Ancient wine Trade, Princeton 1961, sl. 62.

[71] I. Mikulčić, Pelagonija, 51, T.XV, 23c.

[72] Ibid. ; В. Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 49, Т. VI, 1.

[73] LATARRA 6, Dictionnaire des Céramiques Antiques( VII s.av.n.è- VII s.de n.è.) en Méditerranée nord occidentale, Lattes 1993,39, A-Gre CorB5.

[74]В. Лахтов, Археолошко ископување на “Требенишко Кале” кај с. Требениште - охридско 1953/54, Лихнид II - III, Охрид 1959, Т. X,3, TXIV, 1 .

[75]В. Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 49, Т. VI, 2-4.

Амфорите пак со топчесто тело, широк цилиндричен врат и рамно дно од гробовите бр. 22 (Т. VIII ,7), и 186 (Т. LVI ,4 ), ги среќаваме и на некрополата Требенишко кале.[76] И на овие амфори им препишуваме епирско влијание според релјефниот прстен под отворот кој преминува во рачки кој претставува карактеристичен елемент за садовите од епирска Амантија. [77]

Еден од најзастапените типови амфори кои се среќаваат во некрополата е т.н.македонски тип амфори кој се карактеризира со издолжено цилиндрично тело, широко прстенесто дно, краток врат и профилиран венец. Ги среќаваме во гробовите бр. 33 (Т. XI ,5-6), 55 (Т. XVII ,2 ), 58(Т. XVIII ,5 ), 179(Т. LV ,4 ) и 189(Т. LVII,6). Тие се појавуваат во Класичниот период но најкарактеристични се за III и II в.п.н.е.[78] Ваков тип амфора во регионот е констатирана на хеленистичката некропола кај Делогожда[79], а најзастапени се во II век п.н.е. на лок. Исар-Марвинци.[80]Оваа форма била омилена во просторот на Верија, а се среќава и на останатите некрополи од хеленистички период на подрачјето на античка Македонија.[81]На некрополата Дебој евидентно е присуството на локална варијанта од македонскиот тип амфори. Тие се карактеризираат со погруба форма и изработка, а освен тоа се забележуваат и одредени деформитети како нагмечувања или напукнувања настанати при самата изработка.Нив ги среќаваме во гробовите бр. 70 (Т. XXII ,2), 83(Т. XXV ,5 ), 93(Т. XXVII ,2), 123(Т. XXXVII ,2 ), 138(Т. XLI ,5), 140(Т. XLII ,5) и 183(Т. LV ,6).

Амфорите од гробовите 43 (Т. XIV ,2) и 154 (Т. XLVIII ,1), од македонскиот тип амфори се разликуваат само по формата на телото овие наместо издолжена цилиндрична имаат издолжена јајцевидна форма додека останатите делови се идентични. Според останатите прилози во гробовите каде што се откриени може хронолошки да се поставаат во III век.п.н.е.

Друг тип амфори кои се среќаваат на некрополата се оние од гробовите 11(Т. IV ,3 ), 51 (Т. XVI ,4) и 187(Т. LVII ,4). Тие се карактеризираат со изразито топчесто тело, стојат на широка прстенеста нога, имаат краток врат и профилиран венец. Според останатите наоди во гробните целини овие амфори ги датираме во III-II в.п.н.е.

---

[76]В. Лахтов, op.cit.,TXVI, 5.
[77] S. Anamali, Amantie, Iliria II, 1976; . Битракова-Грозданова, op.cit. 50, Т. VI,3.
[78] Susan I.Rotroff,The Athenian Agora vol. XXXIII, Hellenistic pottery -The plain wares, Prinecton 2006, 85-86.
[79]В. Битракова-Грозданова, Ископувања на античката некропола во Делогожда 1979, MAA 6, 1982.
[80]В.Соколовска, Исар-Марвинци и повардарието во античко време, Скопје 1986.
[81]В. Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 50.

Од останатите типови на амфори би ја спомнале онаа од гроб бр. 80 (Т. XXV,1). Таа се карактеризира со изразито биконично тело, стои на прстенеста нога, има широк цилиндричен врат кој завршува со венец кој е означен со еден раб. На амфората се забележуваат траги од црвен премаз од надворешната страна. Според формата и изработката веројатно станува збор за импорт. Ваков тип амфори се откриени на некрополата од Аполонија на Јадранскиот брег.[82]

Уште еден тип амфора откриена на некрополата Дебој во гробот 122(Т. XXXVI, 5), има аналогна на себе во аполонските амфори.[83] Таа се карактеризира со крушковидно тело кое преминува во широк цилиндричен врат, стои на рамна нога, додека горниот дел од рачките завршува на самиот венец.

Амфората од гроб бр. 25 (Т. IX, 3) има топчесто тело, широк цилиндричен врат кој преминува во профилиран и назначен венец, има рамно и широко дно, а најкарактеристично за неа се кружните додатоци кои ги има на врвот од рачките. Амфората е премачкана со црвенкаст премаз со слаб квалитет. Ваков тип амфора е откриена во Хераклеја.[84]Според останатите наоди од гробот можеме да ја датираме во првата половина на II век п.н.е.

Друг тип амфори кои најверојатно се локални се оние од гробовите бр. 59 (Т.XIX, 3) и 76(Т.XXIV ,2). Тие имаат благо биконично тело, широк цилиндричен врат, венецот е благо извиен нанадвор и стојат на широка рамна нога.

За издвојување е и амфората од гроб бр. 97 (Т.XXIX, 7)заради својата специфична форма која наликува на пелике. Амфората има топчесто тело кое преминува во краток врат, венецот е извиен нанадвор, стои на рамно дно, има две лентести рачки вертикално поставени.

Амфората од гроб бр. 120(Т.XXXVI, 2) се карактеризира со топчесто тело, тенок цилиндричен врат, венецот е благо извиен нанадвор, стои на рамна нога. Според останатите прилози во гробот треба да се датира воIII в.п.н.е.

Во истиот гроб е откриен уште еден тип на амфора која има форма на пелике(Т.XXXVI, 1). Ваква амфора со поамли димензии е откриена и во гробот бр 56(Т.XVII, 6). Овој тип амфори имаат топчесто тело кое преминува во низок но широк врат, стојат на рамна нога и имаат две ушести рачки кои на горниот дел завршуваат

---

[82]A.Mano, Apolonia e Ilirisë, Tiranë 2006, tab. LX, v114.
[83]Ibid. tab. LV, v 93.
[84]Е.Манева, Неколку типови и форми на елинистичка и римска керамика во Хераклеја, Битола 1979,стр.40, Т XXIV, 94.

веднаш под венецот. Како декорација во пределот на стомакот се забележуваат хоризонтални линии изведени со мат кафеавкаста боја. Ваков тип амфори се откриени на атинската Агора каде се датираат во втората половина на IV век п.н.е.[85]Поблиска аналогија наоѓаме на некрополата во Аполонија јадранска во гроб 12 каде е откриена идентична амфора.[86] Таа се датира во првата половина на III век п.н.е. што одговара како датирање и за примероците од Дебој.

Амфорите од гробовите со бр. 151(T.XLVII, 2), 168(T.LIII, 3) и 183(T.LV, 5) бидејќи не одговараат ниту на еден од претходно опишаните типови ќе ги претставиме засебно. Се работи за амфори со топчеста или издолжена форма, цилиндричен врат, венецот е профилиран и стојат на рамна нога. Според останатите прилози од гробовите овие амфори можеме широко да ги датираме во III и првата половина на II век п.н.е.

На крај ќе ги споменеме и амфорите од гробовите бр. 47(T.XV, 3) и 112 (T.XXXIII, 4). Тие имаат издолжена форма на телото, тесен цилиндричен врат,венецот е профилиран и стојат на тесно и рамно дно.

*Кантаросите* како и амфорите исто така се доста застапени гробни прилози на оваа некропола. И од овој вид на садови имаме повеќе типови. Најпрвин ќе започнеме со најкарактеристичниот тип на кантарос за ова некропола. Се работи за атичкиот тип на кантарос кој се карактеризира со издолжена форма, полуобло тело со висок цилиндриченврат, стои на прстенеста профилирана нога, рачките се вертикално поставени со испусти, подигнати од хоризонтална положба нагоре. Оваа форма кантароси на атинската агора е регистрирана и карактеристична за првата четвртина на III в.п.н.е.[87] За разлика од нив кај кои се забележува квалитетен црн фирнајс, примероците од Дебој се изработени од фино прочистена глина, црвеникаво печење, и премачкани се со кафеавкасто-сив премаз. Се забележува West Slope декорација во пределот на цилиндричниот врат, и тоа некој вид на флорални и архитектонски елементи. Овој тип на кантарос на некрополата го среќаваме во гробовите бр. 3 (T.I, 4), 10 (T.IV, 2), 39 (T.XIII, 2), 95 (T.XXVIII, 8), 157 (T.L, 3). Во охридскиот регион освен во Дебој ваков тип на кантарос не е откриен на останатите локалитети, но од соседните региони за одбележување е кантаросот откриен во еден гроб од некрополата во Хераклеја кај Битола.[88]Аналогија може да се повлече со идентичниот кантарос откриен

---

[85] Susan I.Rotroff, op.cit., pl.19-125.
[86]A.Mano, op.cit., tab. XII, v12.
[87] Susan I.Rotroff, The Athenian Agora vol.XXIX, Hellenistic pottery –Athenianand imported wheelmade table ware and related material, Prinecton 1997, pl.3-32.
[88] I. Mikulčić, Pelagonija, 51, T.XV, 23b.

во Пела, каде е датиран во 3/3 на III в.п.н.е.[89]За разлика од него кантаросите од Дебој можеме да ги сместиме во втората четвртина на III в.п.н.е. со помош на монетата на Антигон Гонат откриена во гробот 3 како најпрецизна хронолошка одредница, но и според другите прилози во гробовите каде е откриен овој тип на кантарос. Идентичен според формата но различен според декорацијата изведена во West slope, е кантаросот од гроб бр. 72 (T.XXIII, 1). Тука наместо архитектонски елементи, како декорација е претставен венец од лисје со окер-црвеникава боја. Ист ваков примерок е откриен на некрополата "Маркови кули" во Прилеп.[90]Од двата вида на овој кантарос аналогни примероци се откриени во Верија.[91]Најверојатно овој тип кантароси се изработувал во некој поголем керамички центар, а низ III в.п.н.е. бил во мода на едно пошироко подрачје на територијата на Античка Македонија. На некрополата Дебој се забележува и еден примерок откриен во гроб бр. 55(T.XVII, 3), кој има иста форма но се разаликува по тоа што нема премаз и West Slope декорација е со многу слаб квалитет. Веројатно претставува локална варијанта на овој тип кантароси.

Друг тип кантарос карактеристичен за некрополите во охридскиот регион е кантаросот со топчесто тело. Тој се карактеризира со топчесто тело кое може но и не мора да биде декорирано со врежани вертикални канелури. Стои на прстенеста нога и има две прстенести рачки вертикално поставени под пределот на венецот. Како аналогија може да ги земеме кантаросите од типот Cyma од Коринт кои се датирани 330-225 г.п.н.е.[92] Од овој тип кантароси на некрополата Дебој се откриени повеќе варијанти. За кантаросот од гроб бр.146 (T.XLV, 2), заради квалитетниот црн фирнајс и квалитетната изработка, може да се каже дека станува збор за импорт. Кантаросите од гробовите 11(T.IV, 4),14(T.V, 3), 34(T.XII, 2), 51(T.XVI, 2), 61(T.XX, 2), 97(T.XXIX, 6) и 144(T.XLIV, 5) кои припаѓаат на овој тип се со врежани вертикални канелури и имаат сивкасто-црн фирнајс со послаб квалитет. Сличен на овие само без канелури е кантаросот од гробот бр.147 (T.XLV, 3). Аналогни на овој тип кантароси се откриени во Дирахион и на повеќе некрополи долж Јадранскиот брег.[93] По примерот на овој тип кантароси се изработувале и локални варијанти. Тие се одликуваат со погруба фактура на глината, најчесто сиво печени со сив премаз со слаб квалитет. Такви се кантаросите

[89]Каталог од изложба ΑΡΧΑΙΑ ΜΑΚΕDΟΝΙΑ, ΑΘΗΝΑ 1988.
[90]К.Кепески, Хеленистичката некропола под Маркови кули во Варош, МАА I,
[91] Σ. Δρουγου, Γ.Τουρατσογλου, Ελληνιστικοί λαξευτοί ταφοι Βεροίας, Αθηναι 1980,152.
[92] G.R.Edwards, Corinthian Hellenistic pottery, Princeton 1975,76-79, pl.52.
[93] H.Hidri, Nekropoli antik i Dyrrahut, Iliria 2, Tirane 1986, 125, TXII, 1; О.Жижич Велимирович, Налази у Момшичима, Старинар XIV-XV, 1966, 195 сл. 11; Dj. Basler, Nekropola na Velim Ledinama u Gostilju, GZM, XXIV, Sarajevo 1966, T II, 10-2, T V 22-4, T XVI 74-4.

од гробовите 7(T.III, 6) и 141(T.XLIII, 6). Но може да бидат и црвено печени со црвен премаз како примерокот од гроб бр. 162(T.LI, 4).

На Дебој е откриен уште еден тип кантароси кои се карактеризираат со врежани вертикални канелури, костенлив фирнајс и West slope декорација. Формата на телото е полусверична и стојат на висока профилирана нога. Во поределот на фризот под самиот венец декорирани се со флорални елементи во West slope техника. Овој тип на кантароси се откриени во гробовите бр. 80(T.XXV, 2), 117(T.XXXV, 1), 123(T.XXXVII, 1), 138(T.XLI, 2), 152(T.XLVII, 4) и 158(T.L, 5). Според останатите прилози во гробовите можеме хронолошки да ги поставиме во крајот на IV и првата половина на III в.п.н.е. Од овој тип кантароси се откриени и во Тарент и припаѓаат на т.н. Гнатија група.[94] Аналогни примероци откриени се на некрополите кај Момшиќи и во Гостиљ.[95]

Има уште два кантароса кои се карактеризираат по тоа што имаат вертикални врежани канелури, флорални елементи изведени во West slope декорација, прстенести рачки вертикално поставени, и имаат црн фирнајс со слаб квалитет. Овие кантароси се од гробовите бр. 95(T.XXVIII, 9) и 96 (T.XXIX, 5) и ги датираме во крајот на IV и првата половина на III в.п.н.е. Иако ги имаат елементите од претходно опишаните типови кантароси, според формата на телото и іспоред квалитетот на изработката не припаѓаат ни на еден од нив и затоа ги претставуваме засебно.

Биконичниот тип кантароси е исто така застапен на некрополите во охридскиот регион. Во Дебој откриени се три примероци. Во гробовите 4 (T.II, 1) и 96(T.XXIX, 2) и еден од неидентификуван гроб. Како што укажува самото име овој тип кантароси имаат тело со биконична форма кое преминува во тесен и краток врат, стојат на прстенесто дно, и има прстенести рачки вертикално поставени. Потеклото на ова форма треба да се бара на Коринт каде се појавуваат во крајот на IV и почетокот на III в.п.н.е.[96] Но коринтските примероци се карактеризираат со јазичест испуст над рачките, елемент кој изостанува во примероците од Дебој. Во регионот ваков тип кантароси се откриени на некрополите во Црвејнца[97] и Требенишко кале.[98] А аналогии среќаваме на некрополите во Дирахион и Аполонија каде е откриен голем број кантароси од овој тип и каде се датираат во II односно III в.п.н.е. Застапени се и на

---

[94] L.Forti, La ceramic di Gnathia, Napoli 1965.
[95] О.Жижич Велимирович, Налази у Момшичима, Старинар XIV-XV, 1966, 195 сл. 11; Dj. Basler, Nekropola na Velim Ledinama u Gostilju, GZM, XXIV, Sarajevo 1966, T II, 10-2, T V 22-4, T XVI 74-4.
[96] G.R.Edwards, op.cit., 84-85, pl. 53, 463 , 466.
[97] В. Битракова-Грозданова, op.cit.,41, T II, 4.
[98] В. Лахтов, op.cit. TXIII,2.

некрополите на источниот Јадрански брег. Како центар на производство се предлагаат Дирахијската и Аполонската керамичка работилница.[99]

На некрополата Дебој се среќаваат уште два типа кантароси на кои може да им се препише локално потекло. Првиот тип се кантаросите од гробовите бр. 16(T.VI, 1), 33 (T.XI, 2), 37 (T.XII, 3) и 76(T.XXIV, 1). Тие имаат полуобло тело со висок цилиндричен врат кој завршува со венец кој е благо извиен на надвор, стојат на висока профилирана нога, и имаат две ушести рачки. Може да бидат црвено печени со црвенкаст премаз со слаб квалитет или сиво печени со сив премаз со слаб квалитет. Другиот тип од претходниот се разликува само по формата на телото, има полусверично тело кое завршува со широк реципиент додека останатите елементи им се исти. На некои примероци се забележува и сивкасто-црн премаз. Овој тип кантароси го среќаваме во гробовите бр. 14 (T.V, 4), 57(T.XVIII, 2), 70(T.XXII, 1), 108 (T.XXXII, 2) и 161(T.LI, 1). И двата типа можеме да ги датираме во III-II век п.н.е.

Локално потекло му се припишува и на кантаросот откриен во гроб бр.21(T.VIII, 1). Тој има полусверично тело, стои на прстенеста нога и карактеристични вертикални лентести рачки со продолжени рамења. Изработен е од океराста глина со црн премаз со слаб квалитет. Сличен примерок е откриен на некрополата Црвејнца[100], а аналогна форма е откриена и на некрополата од Аполонија јадранска.[101]

Кантаросите од гробовите бр. 83 (T.XXV, 4) и 112 (T.XXXIII, 3) имаат крушковидно тело, широк цилиндричен врат, венецот е благо извиен нанадвор, стојат на прстенесто дно, а најкарактеристичен елемент им се додатоците кои ги имаат во форма на јазиче или задебелување на горниот дел од рачките. Како што рековме овој елемент е карактеристичен за коринтската работилница но поблиски аналогии не ми се познати.

Кантарос со јазичест додаток на рачките е откриен и во гробот бр. 193(T.LVIII, 6). Тој има издолжена форма на телото, венецот е благо извиен нанадвори стои на висока профилирана нога. Освен во пределот на ногата на останатиот дел од садот се забележува црн фирнајс. Сличен тип кантарос е откриен и на атинската Агора каде се датира околу 275 година п.н.е.[102] датација што одговара и за примерокот од Дебој ако се земат во предвид и останатите прилози во гробот.

---

[99] L.Šešelj, Utjecaj dirahijskih keramičkih radionica na području srednje Dalmacije, Vjesnik za arheologiju i povijest dalmatinsku 98, Split 2005.
[100]В. Битракова-Грозданова, op.cit, 41, T. I,5.
[101]A.Mano, op.cit., tab. XII, v3.
[102] Susan I.Rotroff, op.cit.,266, pl.21,231.

На крај ќе го претставиме кантаросот од гроб бр. 187 (Т.LVII, 1). Овој сад има биконично тело, стои на прстенеста нога и има две ушести рачки кои го надвишуваат венецот. Кантаросот е премачкан со црн премаз со слаб квалитет, а во пределот под венецот се забележува декорација со флорални мотиви изведени во West slope техника. Целосниот изглед на кантаросот потсетува на железнодобската традиција на изработка на овој тип садови. Него би требало да го сватиме како едно навраќање на оваа традиција.

*Скифосот* од т.н. атички тип кој на атинската Агора и Коринт се датира околу 325-300 година п.н.е.[103], е присутен во охридскиот регион во крајот на IV и првата половина на III век п.н.е. на некрополите во Делогожда и Требенишко кале.[104]Особено е застапен на некрополата Дебој каде е откриен во гробовите бр. 21(Т.VII, 6), 33(Т.XI, 3), 66 (Т.XXI, 2), 78 (Т.XXIV, 3), 93 (Т.XXVII, 1), 96 (Т.XXIX, 3), 121 (Т.XXXVI, 4), 141(Т. XLIII, 4), 143(Т.XLIV, 1), 151(Т. XLVII, 1) и 156 (Т.XLIX, 4). Се јавува само една форма која има полутопчесто тело со благо извиен венец на надвор, ногата е прстенесто означена и цилиндрично издигната, има две рачки хоризонтално поставени. Скифосите се со окер печење и освен пределот на ногата останатиот дел е премачкан со квалитетен црн премаз. Иако изворно подрачје за овој тип скифоси е Атина, истиот е прифатен и застапен во голем број како гробен прилог во некрополите на источниот Јадрански брег (Дирахион, Момшиќи и Гостиљ), каде очигледно бил омилен и се задржал долго се до II век.п.н.е.[105]

На Дебој е откриен и еден тип на кантаровидни скифоси кои се карактеризираат со врежани вертикални канелури, костенлив фирнајс и West slope декорација. Формата на телото е полусверично и стојат на профилирана нога. Во поределот на фризот под самиот венец декорирани се со флорални елементи во West slope техника. Овој тип на кантаровидни скифоси се откриени во гробовите бр. 59 (Т.XIX, 1) и 140 (Т.XLII, 2). На околните некрополи од овој период познати се примероците од некрополите кај Делогожда и Црвејнца,[106] а аналогни примероци откриени се и на некрополите кај Момшиќи и Гостиљ.[107]

---

[103] Susan I.Rotroff, op.cit.,266, pl.107,1393; G.R.Edwards, op.cit., 70, pl. 50, 331.

[104]В. Битракова-Грозданова, За карактеристиките на хеленистичката керамика во регионот на Охрид и преспа, Зборник Археологија бр. 1, Скопје 1995, 133, Т III; В. Лахтов, op.cit. TIX, 1, T XIII, 1,T XX 1.

[105] H.Hidri, Nekropoli antik i Dyrrahut, Iliria 2, Tirane 1986, 125, TXII, 3-4; О.Жижич Велимирович, Налази у Момшичима, Старинар XIV-XV, 1966, 195 сл. 10; Dj. Basler, Nekropola na Velim Ledinama u Gostilju, GZM, XXIV, Sarajevo 1966.

[106]В. Битракова-Грозданова, op.cit., 133, T III; V. Bitrakova Grozdanova, La céramique de la nécropole de Crvejnca-Ohrid, AΘHENA 2004.

[107]О.Жижич Велимирович, op.cit., 194-195 сл. 6-9; Dj. Basler, op.cit., T IV, 15-5, T VII 28-5, TXXVI 131-1.

*Оинохоите* како форма на садови се исто така застапени на некрополата Дебој. Во гробот бр. 6 (Т.III, 2) е откриен еден тип на оинохое кое има елипсовидна форма на телото кое преминува во краток врат, венецот е во форма на клун засечен на задната страна, стои на прстенесто дно. Се забележува декорација изведена со кафеавкаста боја која се состои од четири хоризонтални линии во пределот на стомакот на садот, а над овие линии во подножјето на вратот изведени се флорални мотиви. Уште еден примерок откриен во гробот бр. 171 (T.LIII, 5) се карактеризира со лиенеарна декорација изведена овој пат со сивкасто-црна боја. Ова оинохое има топчесто тело кое преминува во краток цилиндричен врат, отворот има форма на клун, дното е прстенесто и тесно. Сличен наод во Охридскиот регион е откриен на некрополата Три Чељусти кај Требениште во гроб бр. 17 кој воедно претставува и најдоцното погребување на некрополатадатирано во крајот на IV и почетокот на III век п.н.е.[108]

Карактеристичен тип на оинохое за охридскиот регион е она со топчесто тело, подолг врат што започнува нагло, стои на прстенеста широка нога, отворот е во форма на тролист и има вертикално поставена рачка. Вакви оинохоа се откриени во гробовите од некрополите Црвејнца, Делогожда и Требенишко кале.[109] На некрополата Дебој ги среќаваме во гробовите бр. 16(T.VI, 2), 57 (T.XVIII, 1), 108 (T.XXXII, 3) и 178 (T.LIV, 6). Хронолошки можеме да ги поставиме во текот на III век п.н.е.

Слични на ова група се и оинохоата од гробовите бр. 19 (T.VI, 4) и 96 (T.XXIX, 4). Тие се разликуваат само по формата на телото која кај нив е издолжена и по тоа што вратот не се издвојува нагло од телото на садот.

Друг тип оинохое кое се среќава на Дебој е она со тордирана рачка. За издвојување е примерокот откриен во гроб бр.136 (T.XXXIX, 2). Овој сад има крушковидно тело, тенок цилиндричен врат, венецот е извиен нанадвор, стои на широка рамна нога и има тордирана рачка. Оинохое со тордирана рачка е откриено и во гробот бр. 14(T.V, 6). Но за разлика од претходното ова има тролистен отвор и врежани вертикални канелури во пределот на телото од садот. Изработено е од сива глина и има сив премаз со слаб квалитет. Овој тип садови со тордирана рачка се карактеристични за хеленистичкото раздобје и се среќаваат во наодите од атинската

---

108 П.Кузман, Три Чељусти и Вртуљка, Охрид 1985, 20-21, Т.В -7.

109 V. Bitrakova Grozdanova, op.cit., T 81-a;В. Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 45, T VII- 3; В.Лахтов, op.cit., T XX-3.

Агора.[110] Ваков тип оинохоа со тордирани рачки се откриени во поголем број на некрополата кај Гостиљ.[111]

Оинохоето откриено во гроб бр. 46 (Т.XV, 1-2) исто така има врежани вертикални канелури во пределот на телото од садот и изработено е од сива глина и има сив премаз со слаб квалитет. Но од она од гроб 14 се разликува по тоа што нема тролисен отвор и тордирана рачка, но затоа има рог во продолжението на рачката што се издига над венецот. Овој додаток го среќаваме и на други оинохоа откриени на некроплоата Дебој и тоа во гробовите бр. 7 (Т.III, 5) и 60 . Тие се одликуваат со топчесто тело кое преминува во цилиндричен врат, отворот може да е во форма на тролист но и не мора, и секако најкарактеристичниот елемент, рогот кој во продолжение на рачката се издига над отворот. Овој детал е карактеристичен за овој регион и влечи корени од железното време и треба да го сватиме како еден ресидиф.Од другите локалитети познати се наодите од Требенишко кале и Црвејнца.[112]

Оинохое со ваков додаток во форма на рог е откриено и во горбот бр. 175 (Т.LIV, 5). Но за разлика од претходниот тип ова оинохое се разликува по формата на телото. Овој примерок има биконично тело со изразито рамо, вратот е конусовиден и долг, отворот е во форма на тролист, стои на прстенесто дно. Формата многу потсетува на оинохоата изработени од бронза од хеленистичкото раздобје.[113]

Истото може да се каже и за примерокот од гробот бр 162 . Тој има канелури на телото, профилот на садот е аглест, обложен е со кафеав фирнајс, а најзначаен детаљ секако е рачката која завршува над тролисниот отвор со протома на некое нереално суштество(ламја). Оваа пракса на претставување животински протом на рачките од садовите можеби е инспирирана од бронзените садови изработувани во истиот период.

На крај ќе го претставиме и оинохоето од гроб бр.148 (Т.XLVI, 3) кое е со помали димензии со топчесто тело, широк но краток врат, отвор во форма на тролист и прстенеста нога.

*Чиниите* се исто така присутни како прилози на некрополата Дебој, но за разлика од претходно опишаните форми на садови тие се застапени во помал број. Од таму доаѓа и помалиот број на типови на оваа форма на садови. Најзастапени и

[110] Susan I.Rotroff, op.cit. 292, pl.46-460.
[111] Dj. Basler, Nekropola na Velim Ledinama u Gostilju, GZM, XXIV, Sarajevo 1966.
[112] В.Лахтов, op.cit., T XX-; V. Bitrakova Grozdanova, La céramique de la nécropole de Crvejnca-Ohrid, AΘHENA 2004.
[113] М.Јованов, Бронзените садови од Вардарски рид, Вардарски рид Том. I, Скопје 2005, 281-289.

хронолошки најдолго се задржуваат т.н.ехинус чинии. Се среќаваат и во населбите и на некрополите. Тие се карактеризираат со полусферичен реципиент чиј раб свртува накај внатрешноста на садот и имаат прстенесто дно. Може да се изработени од црвена или сивопечена глина, може да бидат премачкани со црн или кафеав фирнајс или со мат лак. На Дебој ги среќаваме во гробовите бр. 22 (T.VIII, 5), 95 (T.XXVIII, 6) и 156(T.XLIX, 6). Овој тип садови е застапен и во наодите од околните некрополи(Требенишко кале, Делогожда, Црвејнца), а го има и на многу други некрополи од хеленистичкото раздобје на едно пошироко подрачје од крајот на IV до I век п.н.е.[114]

Друг тип на чинии кој се среќава на ова некропола се оние од гробовите бр. 173 (T.LIV, 1) и 189 (T.LVII, 5). Тие имаат полусферичен широк реципиент и рамно дно. Чинијата од гроб 173 е премачкана со црн фирнајс додека таа од гроб 189 со кафеавкаст фирнајс со слаб квалитет. Како форма се јавува и на атинската Агора каде се датира околу 225-175 година п.н.е.[115]

Од чиниите кои се откриени на Дебој останува уште да ги споменеме примероците откриени во гробовите бр. 39 (T.XIII, 1) и 95 (T.XXVIII, 7). Тие имаат широк реципиент со аглест профил, венецот е благо извиен нанадвор и стојат на прстенеста нога. На овие примероци се забележува и премаз со кафеавкаста и црвена боја. Сличен примерок е откриен на атинската Агора каде се датира околу 325-275 година п.н.е.[116]Примероците од Дебој според другите гробни прилози можеме пошироко да ги датираме во првата половина на III век п.н.е.

Во гробовите како прилози се откриени и неколку типови на чаши. Во гроб бр.152 (T.XLVII, 3) е откриена чаша со длабок реципиент и рамна нога, премачкана со црн фирнајс . Ваков тип чаша среќаваме на атинската Агора каде се датира во 325-275 г.п.н.е.[117] што одговара на датирањето на нашиот примерок.

Уште еден тип на чаши откриени во Дебој во гробовите бр. 41 (T.XIII, 5), 168 (T.LIII, 2), 185 (T.LVI, 1) аналогни на себе имаат во оние откриени на атинската Агора.[118] Се работи за полусверични чаши со рамно дно. Под самиот венец имаат две хоризонтално врежани линии и може да бидат премачкани со црвен или црн премаз. Хронолошки припаѓаат на средината на II век п.н.е. Од охридскиот регион познат ни се

---

[114]Скоро и да нема некропола од хеленистичкиот период во која не е откриен ваков тип на садови.
[115] Susan I.Rotroff, Agora vol. XXXIII. 278, pl.42-317.
[116] Susan I.Rotroff, op.cit., 277, pl. 42-306.
[117] Ibid., 278, pl. 42- 312.
[118] Susan I.Rotroff, The Athenian Agora vol. XXIX., 276, pl. 32- 327.

и примероците од Требенишко кале,[119]а од поширокото опкружување примерокот од некрополата кај Марвинци.[120]

Друг тип чаши кои ги среќаваме во гробовите од некрополата Дебој се оние со параболичен профил или т.н. мастос чаши. Откриени се во гробовите бр. 25 (Т.IX, 1) и 175 (Т.LIV, 4), а еден примерок е од неидентификуван гроб. Од овој тип чаши аналогни примери повторно наоѓаме во наодите од атинската Агора, каде хронолошки ги одредуваат меѓу 200-175 година п.н.е,[121] а од поблиското опкружување ваков тип чаша среќаваме на некрополата кај Марвинци. [122]Во гробот бр. 2 (Т.I, 2) е откриена уште една чаша со параболичен профил но за разлика од т.н. мастос чаши таа има рамно дно. И од овој тип среќаваме на атинската Агора каде се датира во 150-110 година п.н.е.[123] Според наодите во гробовите каде се откриени примероците од Дебој, можеме во потполност да ги прифатиме датирањата кои важат за наодите од атинската Агора.

Чашите кои се отркиени во гробовите бр. 5 (Т.II, 2), 43(Т.XIV, 3), 47(Т.XV, 4) и 61(Т.XX, 1) претставуваат тип на чаши карактеристични за охридскиот регион. Се одликуваат со полусверично тело кое преминува во венец кој е извиен нанадвор, имаат прстенеста нога, а во пределот на стомакот се декорирани со врежани коси линии. Овие чаши се изработени од сиво печена глина и се премачкани со сивкаст премаз. Како наоди ги среќаваме во слоевите од хеленистичкиот период и на населбите и во некрополите од охридскиот регион.

На крај ќе ги анализираме релјефните чаши кои во литературата се познати и како мегарски тип чаши. Во гробовите на Дебој се откриени релјефни чаши со вегетабилна декорација од кои две се надополнети со зооморфни и антропоморфни претстави и еден примерок со геометриска декорација. Најзастапени или најомилени се чашите со вегетабилни орнаменти. Ваков тип чаши се откриени во гробовите бр. 60 (Т.XIX, 9), 144 (Т.XLIV, 6-7) и 190 (Т.LVII, 7). Чашата од гроб бр. 60 им а полусверично тело со венец благо извиен нанадвор, дното е рамно и е издвоено со релјефен прстенест раб. На самото дно е претставена розета со шест листови, на

[119]В.Лахтов, op.cit., Т XXV-3.
[120]В.Соколовска,op.cit., Табла 29- 6 и 7.
[121] Susan I.Rotroff, op.cit., 276, pl. 32- 328-329.
[122]В.Соколовска, op.cit., Табла 29-2.
[123] Susan I.Rotroff, op.cit., 400, pl. 124- 1582.

поширокота долна зона изведен е мотив на лотос, а на фризот под самиот венец изведен е мотив на лоза. Примерокот од гроб бр.144 (Т.XLIV, 7) е украсен со мотивот имбрицес. На дното има осмолисна розета, а во потесната горна зона е изведен фриз кој наликува на ловоров венец. Чашата е изработена од сивопечена глина со црн фирнајс со послаб квалитет. Идентичен примерок е откриен и на соседната некропола кај Црвејнца,[124] а мотивот имбрицес е преставен и на примерокот од Требенишко кале.[125]Сето ова наведува на можноста да овој тип чаши се изработувале во работилница која се наоѓала во Охридскиот регион.

Третата чаша украсена со вегетабилни мотиви е откриена во гробот бр. 190 (Т.LVII, 7). Таа има полусверична форма со венец благо извиен нанадвор, а дното е издвоено со релјефен прстенест раб. На самото дно се изведени флорални мотиви кои се оштетени заради што не сме во можност поточно да ги определиме, во поширокота долна зона преставени се акантусови листови, а над ова зона претставен е тесен фриз од мали цветови кој наликува на венец. Чашата е изработена од црвено печена глина и е премачкана со црвенкаст разводнет премаз.

И чашите откриени во гробовите бр. 25 (Т.IX, 2) и 186 (Т.LVI, 3) се декорирани со флорални мотиве, но за разлика од претходните тие се надополнети со зооморфни и фигурални претстави. Чашата од гроб бр. 25 има полусверична форма со нагласено извиен венец нанадвор, и дно издвоено со релјефен прстенест раб. На дното е претставена двојна осмолисна розета, а на поширокота долна зона е изведена флорална декорација со винова лоза која е надополнета со три шематизирано изведени фонтани на кои стојат по две птици исто така шематизирано изведени. Таа е изработена од црвеникаво печена глина и е премачкана со црн фирнајс. Чашата пак откриена во гроб бр. 186 има полусверична форма на телото, венецот е благо вовлечен накај внатрешноста од садот, има рамно дно одвоено со прстенест релјефно изведен раб. Како декорација во поширокота долна зона во нејзиниот долен дел е изведен мотивот имбрицес, а веднаш над него релјефно се изведени фигуралните претстави. Во горната зона како фриз претставени се цветови со седум литови. Чашата е изработена од сиво печена глина и е премачкана со сивкасто-црвеникав премаз со слаб квалитет.

Во гробот бр. 144 (Т.XLIV, 6) покрај чашата украсена со мотивот имбрицес откриена е уште една чаша која е релјефно украсена но овој пат со геометриски

---

[124]В. Битракова-Грозданова, За карактеристиките на хеленистичката керамика во регионот на Охрид и преспа, Зборник Археологија бр. 1, Скопје 1995, 127, Т V.
[125]В.Лахтов, op.cit., Т XXIII-3.

мотиви. Таа има полусферичен длабок реципиент, венецот е благо извиен нанадвор, а дното е издвоено со релјефен прстенест раб. За разлика од досега опишаните на овој примерок на дното не е изведена некаква декорација. Само на поширокота долна зона се забележува декорација со релјефно изведени паралелни коси линии кои завршуваат со релјефно изведени кругови. Меѓу линиите се забележуваат релјефно изведени точки. Целата декорација изгледа како шематизирана претстава на отворена опашка од паун. Чашата е изработена од црвеникаво печена глина и е премачкана со разводнет црвеникав премаз. Датацијата на овие чаши треба да ја направиме според воспоставената хронологија од С.Ротроф која ги обработува наодите од атинската Агора.[126] Според тоа нашите примероци можеме широко да ги датираме меѓу 225 и 150 година п.н.е.

*Унгвентариумот* е еден од најзастапените форми на садови кој ги среќаваме во гробовите на некрополата Дебој. Според откриените примероци можеме да го следиме неговиот развој од крајот на IV век па се до II век п.н.е. Еден од најраните наоди е унгвентариумот од гробот бр. 152 (T.XLVII, 5). Тој има крушковидна форма, ногата е ниска и прстенеста, вратот е цефчест и краток, а венецот е извиен нанадвор во форма на диск. Изработене од квалитетна окер печена глина, а во пределот на рамото и на самиот венец со темно сивкаста боја е изведена геометриска декорација. Сличен примерок е отркиен во гробот бр. 1 од некрополата во Аполонија. Според формата и останатите наоди од гробот овој унгвентариум можеме да го датираме во крајот на IV век п.н.е.[127]

Истата датација важи и за примерокот од гроб бр. 141(T.XLIII, 5). Тој има слична форма на телото со претходниот примерок. Разликата е во тоа што нема нагласено рамо, наместо прстенеста има ниска профилирана нога, а во пределот на рамото има две прилепени рачки. Овој унгвентариум е премачкан со црн фирнајс со слаб квалитет, а како декорација се забележуваат врежани линии во пределот под вратот на садот.

За ова рано хеленистичко раздобје карактеристичен е уште еден тип на унгвентариуми кои имаат крушковидно тело. Такви се откриени во гробот бр. 161 и два примерока во гроб бр. 179. Покрај крушковидниот облик на телото тие се одликуваат со

[126] Susan I.Rotroff, The Athenian Agora vol. XXII, Hellenistic pottery –Athenian and imported moldmade bowls, Prinecton 1982.
[127] A.Mano, Apolonia e Ilirisë, Tiranë 2006, tab. XII , v1.

прстенеста нога која постепено се издолжува, вратот е тенок и цефчест, а венецот извлечен нанадвор во форма на диск. Може да се премачкани со црн фирнајс по целата површина како примерокот од гробот бр.161 (T.LI, 3) или до ногата како примероците откриени во гробовите бр. 21(T.VIII, 2), 73 (T.XXIII, 3), 157(T.L, 4). Истото важи и за унгвентариумите кои се премачкани со црвенкаст премаз од гробовите 143 (T.XLIV, 2), 179 (T.LV, 2) и 183 (T.LV, 3). На дебој се откриени унгвентариуми од овој тип декорирани и со неколку хоризонтални црвеникави линии како примероците од гробовите 140 (T.XLII, 7), и 173 (T.LIV, 2) или без било каква декорација како унгвентариумите од гробовите 146 (T.XLV, 1), 154 (T.XLVIII, 2) и 179(T.LV, 1). Аналогни примероци во оклината среќаваме на Требенишко кале, Струга, Градиште,[128] а на поширок простор во Коринт,[129] Олбија[130] и на атинската Агора.[131] Овој тип унгвентариуми на Дебој можеме хронолошки да ги сместиме во првата половина на III век п.н.е. што одговара на предложената датација на веќе споменатите примери откриени на едно пошироко подрачје. Најзастапен тип унгвентариуми на некрополата во Дебој се оние кои се карактеризираат со издолжена нога и исто толку издолжен врат и малку намалено тело. Ваков тип унгвентариуми се откриени во гробовите бр. 5 (T.II, 5), 6(T.III, 3), 22 (T.VIII, 4 и 6), 34 (T.XII, 1), 41 (T.XIII, 6), 51 (T.XVI, 3), 60, 101 (T.XXXI, 2), 138 (T.XLI, 4), 144 (T.XLIV, 3), 147 (T.XLV, 5). Во охридскиот регион вакви примероци се откриени на некрополите Требенишко кале, Делогожда и Црвејнца.[132] Аналогни унгвентариуми среќаваме на некрополата кај Марвинци,[133] потоа во Стоби, Стибера и Хераклеја.[134] Но овој тип е распространет и на едно пошироко подрачје. Го среќаваме на атинската Агора,[135] во Олбија,[136] на некрополите во Дирахион и Аполонија,[137] во наодите од Момшиќи и Гостиљ.[138] Според

[128]В.Лахтов, op.cit., T XXXIII-3; В. Битракова-Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 42, T. IV 2-4; I.Mikulčić, Pelagonija, T XVI d.
[129] Cotinth XIII, 291, pl. 76.
[130]М. Парович Пешикан, Некрополь Ольвии эллинистического времени, Киев 1974, 109, Тип II.
[131] Susan I.Rotroff, The Athenian Agora vol. XXXIII, Prinecton 2006, pl. 52,53.
[132]В.Лахтов, op.cit., TXXIII, 2 и 4, T XXVI,6 и 7. T XXVII-4; В. Битракова Грозданова,За карактеристиките на хеленистичката керамика во регионот на Охрид и преспа, Зборник Археологија бр. 1, Скопје 1995, 127, T II и T III; V. Bitrakova Grozdanova, La céramique de la nécropole de Crvejnca-Ohrid, ΑΘΗΕΝΑ 2004..
[133]В.Соколовска, op.cit., Табла 17-3, Табла 18 6-9.
[134]V. Anderson Stojanović, Stobi- Hellenistic and roman pottery, Princeton 1992, pl.177- 561, pl.178 -563,566; I.Mikulčić, Pelagonija, 51; Е. Манева, op.cit., 39,T VIII 86-87.
[135] Susan I.Rotroff, op cit, pl. 55.
[136]М. Парович Пешикан, op.cit., 110, Тип III и IV.
[137] H.Hidri, Nekropoli antik i Dyrrahut, Iliria 2, Tirane 1986, 125, TXIII, 5-9;A.Mano, Apolonia e Ilirisë, Tiranë 2006
[138]О.Жижич Велимирович, Налази у Момшичима, Старинар XIV-XV, 1966, 197 сл. 15 и 16; Dj. Basler, Nekropola na Velim Ledinama u Gostilju, GZM, XXIV, Sarajevo 1966.

контекстите во кои е откриен на сите овие наведени локалитети можеме да заклучиме дека овој тип унгвентариуми е карактеристичен за III век и првата половина на II век п.н.е.

За издвојување е унгвентариумот откриен во гроб бр.144 (Т.XLIV, 4). Тој има иста форма на телото како претходниот тип но се разликува по тоа што има две полукружни вертикално поставени рачки во пределот на рамото на садот. Оваа форма ни е позната и од други локалитети од охридскиот регион (Струга, Охрид и Селце кај Поградец).[139]

На некрополата Дебој среќаваме и локална варијанта. Иработката и глината се со послаб квалитет истото важи и за фирнајсот, а се забележителни се и одредени деформитети во формата на садовите. Вакви примероци се откриени во гробовите бр. 21 (Т.VIII, 3), 26 (Т.IX, 5-6), 55 (Т.XVII, 4), 66 (Т.XXI, 1), 140 (Т.XLII, 3), и 169 (Т.LIII, 4). Овие примероци според останатите наоди во гробовите хронолошки можеме да ги поставиме во втората половина од III и почетокот на II век п.н.е.

На крај преостанува уште да го претставиме унгвентариумот од гроб бр.26 (Т.IX, 4). Тој се карактеризира со крушковидно издолжено тело, има ниска профилирана нога, вратот е цефчест, а венецот е во форма на диск. Изработен е од квалитетна окер печена глина, а како декорација се забележуваат концентрични линии изведени со црвенкаста и сива боја и вертикални врежувања и двете во горната половина од садот. Сличен примерок засега не ми е познат.

*Каните* се исто така застапени на некрополата Дебој и тоа во гробовите бр. 3 (Т.I, 3), 8 (Т.IV, 1), 13 (Т.V, 2), 28 (Т.X, 1), 40 (Т.XIII, 3), 42 (Т.XIV, 1), 56 (Т.XVII, 5), 74 (Т.XXIII, 4) и 84 (Т.XXVI, 1). Ги среќаваме и во останатите некрополи од охридскиот регион како Требенишко кале и Делогожда.[140] За ова подрачје карактеристична е локалната варијанта на овој тип садови која се одликува со топчеста форма на телото, вратот е цилиндричен и со жлеб јасно издвоен од телото, венецот е благо извиен нанадвор, стои на прстенеста нога и има една рачка вертикално поставена. На некои од садовите се забележува и црвенкаст премаз со слаб квалитет. Слични примероци ни се познати и од атинската Агора каде се датираат во првата половина од III век. п.н.е.[141]

---

[139] В.Битракова - Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 43, Т. IV,6-7.
[140] В.Лахтов, op.cit., TXXXI-2; В.Битракова - Грозданова, op.cit., 47, T. VIII,1.
[141] Susan I.Rotroff, The Athenian Agora vol. XXIX, 298, pl. 50-524.

На лихнидската некропола во големиот фонд на керамички садови среќаваме и други типови кои за разлика од претходно опишаните се застапени во помал број. Но тоа не го намалува нивното значење, напротив со нивната обработка доаѓаме до одредени значајни информации за самата некропола.

Таков е примерот со садот откриен во гроб бр.114 (T.XXXIV, 5). Тој има биконична форма на телото низок цилиндричен врат, прстенеста нога и има две рачки на едната страна. Според терминологијата на Едвардс овој сад е познат како декантер,[142] додека на атинската Агора овој тип на садови ги среќаваме како печуркасти бокали.[143]Од охридскиот регион познат ни е примерокот од Требенишко кале.[144]

Во гробот бр. 45 (T.XIV, 4) е откриен еден тип на бокал кој има биконична форма на телото, венецот е благо извиен нанадвор, стои на широка прстенеста нога и има една вертикално поставена рачка. На горната половина од садот се забележува црвен премаз со слаб квалитет. Засега не ми се познати аналогни примероци.

Друг тип на бокал е откриен во гробовите бр. 138 (T.XLI, 3) и 152(T.XLVII, 7). Се карактеризира со изразито топчесто тело, широка прстенеста нога, вратот е краток и цилиндричен со венец извиен нанадвор и има една вертикално поставена рачка која го надвисува венецот. Според останатите наоди од гробовите во кои е откриен можеме да го датираме во почетокот на III век п.н.е. Сличен примерок е откриен во гробот 13 од некрополата на Аполонија.[145]

Од другите типови садови за издвојување е хитрата која е искористена како урна во гробот бр. 110 (T.XXXIII, 1). Таа има топчесто тело, полусверично дно, широк цилиндричен врат и една вертикална рачка. Од овој тип садови аналогни примери среќаваме на атинската Агора, и на античката некропола во Дирахион.[146]

За регионот се карактеристични и керамичките олпеа кои се работени по урнек на бронзените садови кои ги среќаваме на некрополите во регионот. Таков е примерот со олпето од гроб бр. 80 (T.XV, 3). Тоа има крушковидна форма на телото кое благо се стеснува во пределот на вратот, стои на троделна нога и има една вертикално поставена рачка. Слллични примероци среќаваме во гробовите од некрополата кај Црвејнца.[147]

---

[142] G.R.Edwards, Cotinth VII/3, 60 , pl. 49-301,302.
[143] Susan I.Rotroff, The Athenian Agora vol. XXXIII, 72, pl. 2.
[144]В.Лахтов, op.cit., TX-2.
[145]A.Mano, Apolonia e Ilirisë, Tiranë 2006, tab. XVI , v13.
[146] Susan I.Rotroff, op.cit.,167, pl. 62-573 ; H.Hidri, op.cit. , 125, TXIII, 10.
[147]V. Bitrakova Grozdanova, La céramique de la nécropole de Crvejnca-Ohrid, ΑΘΗΝΑ 2004.

Како тип на сад кој се среќава на Дебој е и хидријата од гроб бр.161 (Т.LI, 2). Таа ги има сите обележја на овој тип садови но според квалитетот на глината и изработката веројатно се работи за локална варијанта.

На крај останува уште да го спомeнеме бокалчето од гроб бр.141 (Т.XLIII, 2) кое според димензиите најверојатно се користело во козметиката. Тоа има мешлесто тело, прстенеста нога и една подврзана рачка вертикално поставена. Обоен е со црн фирнајс со послаб квалитет, а во пределот на рамото и вратот на садот се забележува декорација од бршлен изведена со црвенкаста боја. Слично садче е откриено и во Струга. Како датација се предлага крајот на IV и почетокот на III век п.н.е. [148]што одговара и според останатите наоди од гробот.

[148]В.Битракова - Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 47, Т. III-6, Т V-7.

## Бронзени садови

Освен керамичките садови во гробовите се среќаваат и бронзени садови. За разлика од керамичките присуството на овој тип садови е секако поскромно што претставува нормална појава ако се знае фактот дека во антиката бронзата била исклучиво скапа, а со тоа и не била достапна за секого.

На некрополата Дебој бронзените садови се наоѓаат во многу лоша состојба. Но и покрај тоа според одредени карактеристични елементи можеме да издвоиме неколку типа на бронзени садови и тоа: лебеси, бронзени чинии, оинохои, олпеа и ситули(Сл.5).




**Сл. 5 Типови на бронзени садови од некрополата Дебој**

*Бронзените лебеси* се карактеризираат со цилиндрично тело со благо конкавни ѕидови, венец кој е свиен кон внатрешноста на садот и полусверично дно. Најкарактеристичен елемент на овој тип садови се рачките кои се во форма на буквата "Т"на кој е прикачен подвижен прстенест дел од рачката кој има квадратен пресек(Сл.5-1).На некрополата ги среќаваме во гробовите бр. 21 (Т.VII, 2), 95(Т.XXVIII, 5), 152 (Т.XLVII, 6) и 191 (Т. LVIII, 5). А има и два примерока од неидентификувани гробови. Аналогни примери во некрополите од охридскиот регион

среќаваме во Требенишко кале.[149] Од поширокото подрачје познати се лебесите од Вотоноси,[150] од богатата некропола кај Дервени[151], а се среќаваат и во Антигонеа епирска.[152]Овие садови според останатите наоди од гробните целини во кои се откриени можеме да ги датираме во крајот на IV век п.н.е. и почетокот на III век п.н.е. што одговара на општо прифатеното датирање за овој тип.

*Бронзените чинии* имаат полусверична форма, со венец благо свиен кон внатрешноста на садот(Сл.5-2). Дијаметарот на венецот изнесува околу 20 см. На Дебој ги среќаваме во гробовите бр. 21 (Т. VII, 5), 94 , 95 (Т.XXVIII, 4), 100 (Т.XXX, 3), 101(Т.XXXI, 1), 152, 154 (Т.XLVIII, 5). Овој тип на чинии е застапен и на останатите некрополи во охридскиот регион и тоа во Требенишко кале[153] и Арапски гробишта кај Шум Струшко.[154]

*Бронзените оинохоа* се во многу лоша состојба. Но според одредени сочувани карактеристики можеме да издвоиме два типа. Од првиот тип е сочуван само клунастиот дел од отворот на садот и рачката која е со кружен пресек. Заради малиот број сочувани елементи не може да се направи подетална анализа на формата на садот. Овој фрагмент од сад е откриен во гроб бр. 21(Т.VII, 3).

Вториот тип на оинохое е откриено во гроб бр. 152 (Т.XLIX, 1). Од овој сад сочувани се повеќе елементи со чија помош можна беше реконструкција на садот во цртеж (Сл.5-4). Оинохоето е изработено од бронзен лим додека рачката е засебно направена во техника на полно лиење. Садот се карактеризира со издолжена крушковидна форма на телото, отворот е во форма на тролист на кој се забележуа декорација во форма на кима, стои на рамно дно. Рачката во горниот дел продолжува во глава на голобрадо момче, а во нејзиниот долен дел завршува со претстава на силен. Од овој тип оинохоа во регионот познати се само рачките од масивна бронза кои имаат иста иконографија откриени во Пелагонискиот дел и тоа во Крушевица[155] и

[149]В.Лахтов, op.cit., 68, Т.XVIII 1-2, Т. XXXII 2.
[150] J. Vocotopoulou, Le trésor de vases bronzes deVotonosi. BCHXCIX,1975, 781-782, 42-45.
[151] П. Г. ΘΕΜΕΛΗΣ-Ι.Π.ΤΟΥΡΑΤΣΟΓΛΟΥ, ΟΙ ΤΑΦΟΙ ΤΟΥ ΔΕΡΒΕΝΙΟΥ, ΑΘΗΕΝΑ 1997, 32, Α52.
[152] D. Budina, Antigoneé d' Épire, Iliria IV,344, 8-9.
[153]В.Лахтов, op.cit., 40, Т. XVI-1; 49, Т. XXII-7.
[154]В.Лахтов, op.cit., 37.
[155]Микулчиќ И., Pelagonia ,Beograd 1966, str. 56, Т.XXI- 30b.

Живојно[156]. Од поширокиот регион идентичен примерок има во наодите од богатата некропола кај Дервени.[157]

*Бронзените олпеа* кои се откриени во гробовите бр. 21 (T.VII, 4) и 100 (T.XXX, 4) претставуваат едни од најкарактеристичните бронзени садови во охридскиот регион. Тие се изработени од бронзен лим и имаат широко крушковидно тело, венецот е извлечен нанадвор и стојат на рамна нога. Рачката е засебно изработена од масивна бронза. Карактеристични се претставите изведени на рачката. На горниот дел на местото каде истата се прицврстува на венецот од садот стилизирано се прикажани глави на лебеди, додека на долниот дел од рачката каде таа се прицврстува на стомакот од садот претставена е реалистично изведена глава на младиот Дионис (Сл.5-3). Примероците се со различни димензии. Олпето од гроб 21 е помало во однос на примерокот од гробот 100. На Требенишко кале во гробот бр.1 е откриено олпе со идентична форма на телото но за жал му недостига рачката.[158] На истата некропола среќаваме бронзено олпе со крушковидно тело но со слична иконографија на рачката со таа разлика што на овој примерок наместо глава на Дионис во долниот дел на рачката стилизирано е претсавена човечка маска.[159] На некрополата Црвејнца во гробот бр. 131 откриено е олпе со крушковидна форма на садот иста со онаа од примерокот од Требенишко кале, додека претставата на рачката е слична со примерокот од Дебој. Овие садови на некрополите од овој регион ги среќаваме како прилог и во гробовите со машки покојници и во оние со женски покојник, нешто што се потврдува и на некрополата Дебој. Воочливо е дека сите олпеа откриени во охридскиот регион имаат одредени сличности но и разлики.

Овие садови во науката се познати како Kelheim тип, термин воведен од J. Werner.[160]Заради големата концентрација на досега откриените садови во Централна Европа, каде се откриени 11 примероци, се наметнуваше мислењето дека се производ или на северно италските или на кампањските работилници.

Но наспроти тоа забележливо е големото присуството на Kelheim тип олпеата и во Охридскиот регион. Познати се два примерока од Требенишко кале,[161] еден

[156]Микулчиќ И., op.cit., str. 56, T.XX- 30a.
[157] П. Г. ΘΕΜΕΛΗΣ-Ι.Π.ΤΟΥΡΑΤΣΟΓΛΟΥ, op.cit., 47, A7.
[158]В.Лахтов, op.cit., 39, TXVI-2.
[159]В.Лахтов, op.cit., 49, TXXIII-1.
[160] J.Werner, DieBronzekanne von Kelheim, Bayerische Vorgeschichtsblatter, Heft 20 (1954), 68-107.
[161]В.Лахтов, op.cit., 39, TXVI-2;49, TXXIII-1.

примерок од Црвејнца[162] и двата примерока од Дебој. Кога на тоа ќе се додадат и примероците откриени со обемните истражувања кои се вршеа на пунктовите кај Горна порта и кај Самуиловата тврдина за кои претходно потврдивме дека претставуваат составен дел од античката некропола на Лихнид, се доаѓа до бројка од десетина примероци само во охридскиот регион. Дека овој тип садови бил доста популарен во овој регион потврдуваат и керамичките олпеа со истата форма и декорација кои се откриени во Црвејнца.[163]

Според останатите наоди од гробните целини во кои се откриени овие садови во охридскиот регион може да се заклучи дека истите биле во мода во крајот на III и првата половина на II век п.н.е. што е доста порана датација од онаа предложената за примероците од Средна Европа кои се употребувале во текот на I век п.н.е.

Сето ова не наведува да помислиме дека можеби идејата за овој тип садови настанала во регионот. Како место на производство може да се предложат македонските тореутски работилници кои во овој период ја достигнале својата кулминација. Најверојатно овој модел на садови бил прифатлив и за населението од Средна Европа каде очигледно подоцна бил доста омилен.

*Бронзената ситула* од гробот бр.154 (T.XLVIII, 4) исто така претставува исклучителен наод. Според сочуваните делови можеме да заклучиме дека се работи за крушковиден тип на ситула. Сочувани се двете рачки на садот на кој е прикачен изливникот во форма на лавја глава, и дел од венецот. Овој тип ситули се широко распространети и се среќаваат на едно поширoко подрачје на Трако-македонскиот брег, источно Јадранскиот брег, Јужна Италија и Украина. Подетално картирање на сите локалитети каде е откриен ваков тип на ситула има изработено М. Блечич-Кавур во својот труд каде прави и исцрпна анализа на овој тип на садови. [164]Според истата анализа како место на производство на овој тип на садови се предлагаат македонските тореутски работилници во што потполно се согласувам. Хронолошки овие ситули според останатите наоди од богатите гробови во кои се откриваат се сместуваат во втората половина на IV век п.н.е. Примерокот од Дебој можеме прецизно да го датираме со помош на монетата која е откриена во истата гробна целина. Се работи за монета на мкедонскиот крал Антигон Гонат (276-239). Но ова датирање треба да го

[162]В.Битракова-Грозданова, Религија и уметност во антиката во Македонија, Скопје 1999,256-286.
[163]V.Bitrakova-Grozdanova,La céramique de la nécropole de Crvejnca-Ohrid, AΘHENA 2004.
[164] M. Blečić-Kavur, Novovinodolski ‹‹Lav››: Specifičan subjekt stamnoidne situle makedonske toreutičke umjetnostil, VAMZ,3.s., XLV (2012)

сфатиме како момент кога оваа ситула била приложена во гробот, а не како хронолошка рамка за нејзиното настанување. Вредноста на овој тип садови во антиката била голема и истите се користеле подолго време. На овој начин се објаснува откривањето на оваа ситула во иста гробна целина заедно со монета на Антигон Гонат.

На крај ќе ја спомнеме тордираната рачка од гроб бр. 191(T.LVIII, 1). Идентичен примерок е откриен во Црвејнца во гроб бр. 23 но таму е сочуван и садот.[165] Заради идентичноста на рачката може да се заклучи дека најверојатно таа припаѓала на ист тип на сад т.е. кана со мешлесто тело како примерокот од Црвејнца.

## Накит

На некрополата Дебој како и на останатите некрополи од хеленистичкиот период накитот е составен дел од прилозите кои се откриваат во гробовите. Најчесто се работи за златни парчиња накит, но се среќаваат и предмети изработени од сребро, па и од некој друг метал како бронза и олово. Накитот освен што ни укажува за благосостојбата во која се наоѓало населението и за нивниот вкус, ни дава значајни информации за центрите на производството на истиот, а со тоа и за трговските врски. На некрополата Дебој најзастапени типови накит се териоморфниот и антропоморфниот. Ваков накит се среќава и на останатите некрополи во охридскиот регион (Требенишко кале, Делогожда, Црвејнца, и на други пунктови во самиот Охрид). Но тој е застапен и на еден поширок простор во источно медитеранскиот културен круг каде скоро и да нема некропола од хеленистичкиот период во кој не е откриен овој тип на накит. Тоа треба да го сфатиме како мода која како и останатите појави од овој период се распостранила и била прифатена на едно поширoко подрачје. Накитот од Дебој особено златните предмети делумно се и претходно обработувани и објавени.[166] Но бидејќи целта на овој труд е целосно презентирање на некрополата, накитот повторно ќе го претставиме и анализираме но овој пат во составот на гробните целини на кои припаѓа. Освен златниот на некрополата е откриен и накит

---

[165] В.Битракова - Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 145, Т. II-4.

[166] В. Битракова Грозданова, В. Маленко, Антички накит во Македонија, Скопје 1998; В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 63-80.

изработен од сребро, бронза и олово кој исто така ќе биде претставен во овој труд. Според видот на накитот кој е откриен на некрополата Дебој можеме да направиме поделба на ѓердани, обетки, прстени и приврзоци.

Најпрвин ќе ги претставиме ѓерданите од кои на ова некропола се откриени четири исклучителни примероци. Тие се од типот ѓердани во форма на златен синџир од превиткана осумка со завршетоци на кои се претставени животински протоми (бикови,лавови или некои нереални суштества како лав-грифон). Еден од најлуксузните примероци воопшто откриени во нашата држава е ѓерданот откриен во гробот бр. 141(T.XLIII, 3). Ѓерданот е во форма на синџир од превиткани осумки изработени од златна жица и од полудраг камен карнеол со кафеавкасто-црвена боја, наизменично редени. Краевите завршуваат со протоми на крава изработени од златен лим во техника на исчукување, а конусниот дел кој ја поврзува протомата со синџирот е изработен од истиот камен т.е. карнеол. Идентични аналогни примероци не се познати но има ѓердани кај кои се среќава идентична изведба на синџирот.

Вториот ѓердан откриен во гробот бр.73 е направен од синџир со превиткани осумки изработени само од златна жица, а краевите како и на претходниот примерок му завршуваат со протоми на говедо(крава, вол) изработени од златен лим во техника на исчукување. На овој примерок му недостасуваат конусните делови кои ги поврзуваат протомата со синџирот, кои најверојатно биле изработени од некој полудраг камен или стаклена паста каква што била праксата за вакviот тип ѓердани. Аналоген примерок се чува во Британскиот музеј каде се датира во IV-III век п.н.е.[167] Слични примероци среќаваме во ѓерданите од Будва, каде изработката на синџирот е идентична додека како завршетоци на овие примероци се среќава лав, лав-грифон и крава како и на нашиот примерок.[168]

Третиот ѓердан е откриен во гроб бр. 172 и концепсиски е сличен со претходниот. И овој примерок е направен од синџир со превиткани осумки изработени од златна жица, но за разлика од претходниот примерок на овој краевите му завршуваат со протоми на лав изработени од златен лим во техника на исчукување кои добиле тенки извиени рогови од златна жица како декорација. Овој тип на лав со рогови се поврзува со персиските влијанија на изработката на лав-грифон и се среќава

[167] F. Marshall, Catalogue of the Jewellery Greek, Etruscan and Roman in the Departments of Antiquities, British Museum, London 1911, br.1973.
[168] D. Rendić Miočević, Zlatni nakit iz helenističko-ilirske nekropole u Budvi, OA IV, Zagreb 1959.

на едно пошироко источно-медитеранско подрачје, имплементиран на различен тип на накит. Во охридскиот регион го среќаваме на делот од Лихнидската некропола кај Горна Порта каде е откриен ѓердан со завршетоци со лав-грифон,[169] на обетките од Црвејнца.[170] Но ваква претстава на лав-грифон среќаваме и на накитот откриен на некрополата во Будва,[171] во гробовите од Кипар,[172] во Олбија,[173] Несебар[174] и Томис[175] на Црното Море, во Неаполис близу Солун.[176]

Ѓерданот откриен во гроб бр.140 кој е изработен од злато и стаклени монисти претставува мошне луксузен и редок тип на накит. Направен е од синџир на продолжени осмици од златна жица во чиј средишен дел се нанижани по две монисти изработени од изразито сина стаклена паста. Краевите завршуваат со протоми на лав изработени од златен лим во техника на исчукување. Овој тип на ѓердани изработени од злато и надополнети со разнобојна мониста е доста редок. Во големата колекција на Британскиот музеј се среќаваат некои примероци но поинаку замислени.[177] Се смета дека ова појава на ваков тип на ѓердани е врзана за III век п.н.е.[178]

*Обетките* претставуваат најчестиот тип на накит во некрополите од охридскиот регион: Требенишко кале, Црвејнца, Делогожда и Дебој. Најзастапениот и воедно најоргиналниот тип обетки кој го среќаваме во хеленистичкото раздобје се прстенестите обетки со протома на лав. Според техниката на изработка се среќаваат повеќе типови. Тоа може да се должи и на различните златарски центри каде биле изработувани обетките. Во гробот бр. 157 (T.L, 2) е откриена обетка чиј прстен е изработен од поединечно тордирани златни жици кои спирално се замотуваат. Конусниот дел е изработен од златен лим декориран со вегетабилни орнаменти изработени со филигранска техника. Главата на лавот е изработена од златен лим во техника на исчукување. На крајот обетката завршува со цилиндрично поставен златен лим и со пирамидално поставени крупни златни топчиња. Заради изработката на

169 П. Кузман-Е. Димитрова, OhridSub specie aeternitatis, Ohrid- Skopje 2011, 64.
170 В. Битракова Грозданова, op.cit., 69, TIII -3.
171 D. Rendić Miočević, op.cit.,
172 R. A. Higgins, Greek and Roman Jewellery, London 1961, 162.
173 Ibid., 162.
174 NESSEBRE III, Burgas 2005, 100, fig.13-1.
175 M. Bucovala, Necropole elenistice la Tomis, Constanta 1967, 44, 32-j.
176 I.Touratsoglou, Macedonia. History-Monuments-Museums, Athens 2000,67, fig.84.
177 F. Marshall, op.cit., br. 1966, 1974.
178 В. Битракова Грозданова, op.cit., 66.

прстенот на обетката и претставата на импресивните израстоци на челото на лавот се помислува дека можеби се работи за директен увоз од Тарент.[179]

Во гроб бр. 73 (Т.XXIII, 2) откриен е друг тип обетки со протома на лав. Прстенот на овие обетки е изработен од златна фолија која спирално се замотува. Конусниот дел е изработен од златен лим декориран со вегетабилни орнаменти изработени со филигранска техника. Главата на лавот е изразена и пластично изработана од златен лим во техника на исчукување. На крајот обетката завршува со цилиндрично поставен златен лим и со пирамидално поставени крупни златни топчиња. Типолошки блиски примери на овој тип обетки се откриени и во гробот бр.123, како и во гробовите од Лихнидската некропола откриени на потегот кај Горната порта,[180] потоа во Црвејнца[181] и Делогожда.[182] Овие обетки заедно со еден пар од непознат локалитет од охридско укажуваат на постоење на златарска работилница во овој регион или можеби во самиот Лихнид кој воедно и претставува центар на истиот во антиката.

Од прстенестите обетки со протома на животно на Дебој во гробот бр. 140 (Т.XLII, 1) е откриен и еден пар на обетки со протома на куче (волк). Прстенот на обетката е изработен од златни жици кои спирално се замотуваат и преминуваат во конус изработен од златен лим украсен со ливчиња изработени во техника филигран. Од конусот излегува глава на куче (волк) изработена од карнеол. Ваков тип обетки во нашата држава се откриени и на некрополата кај Марвинци.[183] Од поширокото подрачје познати се примероците од хеленистичката некропола кај Будва[184]и од гробовите во Верија.[185] Слична изработка имаат обетките од колекцијата на Х. Стататос од депото на Карпенси.[186]

Друг тип обетки карактеристичен за охридскиот регион се прстенестите обетки со негреоидни глави. Прецизна обработка и типологија на овие обетки има направено В.Битракова Грозданова која според начинот на изработка има одвоено три стилски групи.[187] Обетките откриени во гробовите бр.155 и 192 припаѓаат на втората стилска група според ова типологија. Тие се карактеризираат со прстен изработен од полна

[179]В. Битракова Грозданова- В. Маленко, Антички накит во Македонија, Скопје 1998, 14.
[180]Примероците беа презентирани во рамките на годишната изложба Археологија Македонија 2009.
[181]V. Bitrakova, Zlatni nakit iz helenističke nekropole kod Crvejnce, ARR IV-V, Zagreb 1967, 2a i 2b.
[182] V. Bitrakova Grozdanova, La nécropole antique de Delogožda et sa chronologie, Ancient Macedonia, Thessaloniki 1993, 175, T -III, Tombe n°60.
[183]З.Видевски, Археолошки локалитет Исар Марвинци- златен накит, МАВ број 1, Скопје 2009.
[184] L. Đurašković,Budva grad kralja Kadma, Beograd 2009, 25.
[185] I.Touratsoglou, op.cit., 165, fig. 206.
[186]P. Amandry, Collection Hélène Stathatos- Les bijoux antiques, Strasbourg 1953, br. 242, 243.
[187]В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 71-73.

златна жица спирално измотана која завршува во конусен дел изработен од златен лим декориран со растителни орнаменти изведени во техника филигран. Негроидната глава е изработена од полудраг камен (јантар или карнеол), косата е изведена во форма на калота од златен лим на кој густо се апплицирани поединечни кадрици од златна жица спирално намотана со што се добива ефект на коса на црнец. Ваков тип обетки се откриени на Лихнидската некропола на пунктот кај Горна Порта,[188] еден пар од Требенишко кале,[189] кај гробницата кај Селце,[190] а од поширокото опкружување ист третман на косата добиле примероците од Будва.[191]На некрополата Дебој е откриен уште еден пар на обетки со негроидни глави во гробот бр.94.

Кога на овие примероци ќе ги додадеме и обетките со негроидна глава од другите два типа откриени на охридските некрополи(Делогожда, Црвејнца, Требенишко кале, како и на повеќе пункта во самиот Охрид) ќе увидиме дека овој тип на обетки бил особено омилен во охридскиот регион. Обетки со негроидни глави на територијата на Р.Македонија се откриени уште на некрополата кај Марвинци.[192]

На некрополата Дебој е застапен и типот на обетки со претстава на Ероси тоа во гробовите бр. 120, 141,161 и 193. Прстенот од обетките е изработен од тордирана златна дебела жица, додека според изработката на претставата на фигурате на Ерос можеме да издвоиме два типа. Првиот тип се карактеризира со тоа што Еросот е полн како округла пластика изработен со лиење каков што е примерокот од гроб бр.141. Кај другиот тип обетки Еросот е изработен од златен лим со техника на исчукување на прстенестиот дел од обетката како примероците од гроб бр. 193. Овој тип на обетки исто како обетките со протома на лав е распространет на едно широко подрачје на источно медитеранскиот културен круг. Појавата на овој тип обетки се врзува за IV век и хронолошки се присутни се до I век п.н.е. Овој тип на обетки се среќава и на другите локалитети како Демир Капија,[193] Дреново[194] и некрополата кај Марвинци.[195]
Од обетките останува уште да се спомене фрагментарно сочуваната обетка откриена во гроб бр. 60 (Т.XIX, 6). Се работи за обетка со прстен изработен од подебела бронзена

[188]Примероците беа презентирани во рамките на годишната изложба Археологија Македонија 2009.
[189]В.Лахтов, Археолошко ископување на „Требенишко кале"кај с. Требениште- охридско 1953/54, Лихнид II – III, Охрид 1959, Т XV, 2 и 3.
[190]N. Ceka, La ville illirienne de la Basse-Selce, Iliria II, Tirana 1982, 183, fig. 11.
[191] D. Rendić Miočević, op.cit., 15, T IV-1.
[192]Обетките беа изложени во рамките на археолошката изложба Археологија Македонија 2009.
[193]В. Соколовска, Новија археолошка истраживања у Демир Капији, Старинар XXIV-XXV,189.
[194]И. Микулчиќ, Топографија на Еу (да)рист, МАА I, Прилеп 1975, 174.
[195]В.Соколовска, Исар-Марвинци и повардарието во античко време, Скопје 1986, Табла 17, 6 и 7.

жица кој е фрагментарно сочуван и неколку монисти од разнобојна стаклена паста. Аналогни примери од некрополата и регионот засега не се познати.

*Прстените* за разлика од обетките се помалку застапени како гробни прилози на оваа некропола. Вкупно се откриени четири примероци од кои еден е златен откриен во гроб бр.141, еден е сребрен од гроб бр. 93, додека останатите два се бронзени и се откриени во гробовите бр. 58 и 60.

Златниот прстен од гроб бр.141 е масивен со вметнат гранат во овалниот простор на главата од прстенот која што преминува во рамни раменици. Слични прстени се откриени и на делот од Лихнидската некропола на пунктовите кај Горна Порта[196] и Чинар[197] во Охрид и на некрополата кај Црвејнца.[198]Според останатите наоди од гробот овој прстен можеме да го датираме на крајот од IV и почетокот на III век п.н.е.

Сребрениот прстен од гробот бр. 93 (Т.XXVII, 4) се карактеризира со плосната елипсовидна глава без било каква декорација додека алката на прстенот недостасува. Од охридскиот регион познат ни е сличен примерок од некрополата кај Делогожда.[199] Разликата е во тоа што на прстенот од Делогожда на плочестиот дел во плиток релјеф е изведена машка претстава и има натпис.

Бронзените прстени од гробовите бр. 58 (Т.XVIII, 3) и 60 (Т.XIX, 8) исто така имаат елипсовидна глава но овојпат таа не излегува од рамките на алката на прстенот која пак има лентеста форма.

*Приврзоците* се исто така присутни во гробните целини на некрополата Дебој. Застапени се три типа на приврзоци. Првиот тип претставуваат оловните приврзоци со пирамидална форма и бронзена алка за прикачување кои се најзастапени и се среќаваат во гробовите бр. 93,(Т.XXVII, 3), 112 (Т.XXXIII, 2) ,140 и169. Аналогни примери засега не се познати.

Другиот тип привезок кој е откриен во гробот бр.155 претставува златен приврзок - розета со два копјести висулци. Идентични приврзоци се откриени на истата некропола но на пунктовите кај Горна Порта и Самоиловата тврдина. [200]

---

[196]Прстените беа презентирани во рамките на годишната изложба Археологија Македонија 2009.
[197]В. Битракова Грозданова,op.cit., 78.
[198]V. Bitrakova, Zlatni nakit iz helenističke nekropole kod Crvejnce, ARR IV-V, Zagreb 1967, T II-12.
[199]В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 79, T IV-4.
[200]Примероците беа презентирани во рамките на годишната изложба Археологија Македонија 2009.

И последниот тип на приврзок е од гроб бр. 141 (T.XLIII, 1) и претставува глава на жена изработена од сребрен лим во техника на исчукување која за жал е оштетена веројатно од притисокот на земјата. На горниот дел има алка со која е прицврстена за сребрен синџир направен од алки во форма на превиткани осумки исто како кај претходно опишаните златни ѓердани од истава некропола. Аналогни примери се изложени во археолошкиот музеј во Солун кои потекнуваат од некрополата од античкиот град Лете. Се работи за два примерока и тоа едниот од злато додека другиот исто како нашиот примерок е изработен од сребро. Двата примерока се датираат во раниот III век п.н.е. што одговара со датирањето на гробната целина во кој е откриен приврзокот од Дебој.

*Фибулите* се застапени во мал број на некрополата Дебој . Откриени се само три примерока и тоа во гробовите бр.114, 137 и 191. Сите три примерока се изработени од бронза и се во лоша состојба. Двете фибули откриени во гробовите бр. 114 (T.XXXIV, 2) и 137 (T.XLI, 1) припаѓаат на т.н. плочесто-копјести или листовидни фибули.Тие имаат плочест дел кој има облик на копје со две ребра изведени по средина што се спојуваат на врвот. Овој тип на фибули се застапени и на останатите локалитети од регионот како Требенишко кале,[201] Црвејнца[202] и Голем Град,[203] но застапени се и во хеленистичките некрополи во едно пошироко подрачје на источно Јадранското крајбрежје и тоа во Дирахион, Аполонија,[204] Момшиќи[205] и Гостиљ[206] каде се датираат во III - II век п.н.е. Од овој тип фибули имаме примерок и од накрополата кај Марвинци.[207]

Фибулата пак откриена во гробот 191 (T.LVIII, 2) припаѓа на типот фибули со шарнир. Телото е изработено од тордирана подебела бронзена жица со аглест лак. Главата има неколку навои и преминува во бронзена игла која се спојува со нога изработена од бронзен лим. Од овој едноставен тип на фибули во охридскиот регион познат е примерокот од Требенишко кале. [208]

---

[201]В. Лахтов, op.cit., T XII-4.
[202]В. Битракова Грозданова, op.cit., 77, T V-4.
[203] Ibid., T V-5.
[204]M.Korkuti, La nécropole de Gajtan, Iliria II, Tirana 1972.
[205]О.Жижич Велимирович, Налази у Момшичима, Старинар XIV-XV, 1966, 201, сл.28.
[206]Dj. Basler, Nekropola na Velim Ledinama u Gostilju, GZM, XXIV, Sarajevo 1966,T X, XI, XV, XVII, XX, XXI.
[207]Г.Микулчиќ,Фибули со две игли од Марвинци, MAA 16, Скопје 2005, 119-125.
[208]В. Лахтов, op.cit., T XII-5.

На крај останува уште да ја спомeнеме бронзената двојната омега игла откриена во гроб бр. 60 (Т.XIX, 4 и 7) .Овој тип на игли во Охридските некрополи се среќава уште во железното време,[209] а ги има и во гробовите од архајскиот период.[210]Тие се задржуваат и во хеленистичкиот период како што е случајот со овојпримерок.Од останатите хеленистички некрополи во регионот познат е примерокот од некрополата св.Илија кај Делогожда.[211]Овие игли освен во охридскиот регион се среќаваат и на едно пошироко подрачје.

[209]Попович, Љ.,Радолишта (Прилог проучавању илирско-грчке културе у Македонији), ЗНМ 1, Београд 1958, str. 92, TVIII.

[210]P.Kuzman, Ohrid sub specie aeternitatis, Ohrid-Skopje 2011, str.39.

[211]В. Битракова-Грозданова, За карактеристиките на хеленистичката керамика во регионот на Охрид и преспа, Зборник Археологија бр. 1, Скопје 1995, 132, Т II.

# Оружје

На некрополата Дебој оружјето исто така е доста застапено како прилог во гробовите. Но оружјето откриено на ова некропола е во многу лоша состојба и од таму сме оневозможени да направиме подетална стилска анализа со што би се извела и типолошка обработка. Тука би ги обработиле оружјата во рамките на гробните целини и хронолошки би ги одредиле. Од откриените примероци најзастапени се копјата потоа следат кривите ножеви, а се среќаваат и долгите мечеви карактеристични за латенската култура.

*Врвовите од Копјата* се најзастапениот тип на оружје на некрополата. Застапеноста на копјата е во поголем број но заради лошата сочуваност на повеќето од нив, овде ќе бидат разгледани само целите примероци до кои дојдовме при документирањето на материјалот од некрополата. Во гробните целини каде се откриваат тие, во најголем број од случаите се среќаваат и задните делови од копјето т.е. петата на копјето. Поставеноста на копјата во гробната целина најчесто е од десната страна на покојникот во пределот на нозете.

Во гробот бр. 33 се откриени четири врвови од копја и два задни дела од копја. Сите примероци се во доста лоша состојба. Три од овие копја се од ист тип(Т. XI, 1, 7-8). Имаат цилиндричен тулец, листовиден лист и слабо нагласено ребро. Должината на копјата се движи од 30 до 39 см.[212] Кон овој тип припаѓа и фрагментираното копје од гроб бр. 100 (Т.XXX, 6) и примероците од гробовите бр. 154 (Т.XLVIII, 12) и 187(Т.LVII, 3) . Овој тип копја се среќаваат и на соседните некрополи Требенишко кале кај Требеништа[213] и Три Чељусти и Вртуљка близу Горенци,[214] а во соседните региони познат е само примерокот од некрополата *Црквиште кај Беранци*.[215]

Четвртиот примерок од гробот бр.33 (Т.X, 2) е од типот копја со конусен тулец, листовиден лист и слабо нагласено ребро по средината. Овој примерок, за разлика од претходните е со помала должина и таа изнесува 22 см. И примерокот од гроб 100 (Т.XXX, 8) припаѓа на овој тип. И од овој тип копја се откриени примероци

[212]В.Иванов,Оружјето во Р.Македонија од микенско до македонско време, Скопје 2013, магистерски труд во подготовка.
[213]В.Лахтов, op.cit., стр. 59, T XXXIV-1.
[214]П. Кузман, Три Чељусти и Вртуљка,Охрид 1985, стр. 22, Т Б-1; В. Маленко, МАА 1, стр. 142, сл 15-16.
[215]И. Микулчиќ, Старинар XV-XVI;стр. 234, сл. 30.

во соседните некрополи Требенишко кале кај Требеништа и Три Чељусти и Вртуљка близу Горенци.[216]

Копјето од гроб бр. 95 (Т.XXVIII, 2) има цилиндричен краток тулец, широк листовиден лист и нагласено ребро по средината. Должината на копјето изнесува 24 см, додека листот е широк 5 см. Од овој тип откриен е примерок и на некрополата Требенишко кале кај Требеништа.[217]

Во гробот бр. 120 (Т.XXXVI, 3) е откриен уште еден тип на врв од копје. Тоа се карактеризира со цилиндричен тулец и листовиден лист кои имаат скоро подеднаква должина. Целата должина на копјето изнесува 32 см.

Интерсен примерок претставува врвот од копје кој има исклучителна должина од 81,5 см. Копјето е во лоша состојба, но сеуште може да се одреди неговиот изглед. Тулецот е конусоиден и е долг 20 см, листот е тенок и слабо зачуван. Неговата должина изнесува 61,5см, а ширината 0,8 см. Меѓу тулецот и листот се забележува едно прстенесто задебелување со ширина од 2 см, кое најверојатно служело како појачување на копјето заради неговата должина. За жал не можеме да идентивикуваме на која гробна целина припаѓа, а со тоа не сме во можност и попрецизно да го датираме.

Сите задни делови од копјата откриени на некрополата Дебој се од ист тип. Тие имаат конусна форма и се изработени од подбел железен лим кој е извиен во вид на конус. Ваков тип на задни делови од копје т.е. железна пета на копје има во гробот бр. 33 два примерока(Т.X,3, Т. XI, 4), по три примерока во гробовите бр. 100(Т.XXX, 9-11) и 154 (Т.XLVIII, 6-7 и 9), и по еден примерок во гробовите бр.187(Т.LVII, 2) и 191(Т.LVIII, 4) . Должината на овие задни делови од копје се движи помеѓу 8 и 12 см.

На крај само ќе ги спомeнеме фрагментарано сочуваните примероци од копја т.е. тулците откриени во гробовите бр. 114 (Т.XXXIV, 4), 152(Т.XLVII, 8 и 10) и 154(Т.XLVIII, 10) кои имаат цилиндрична форма и се со сочувана должина од 10-тина см.

*Кривите ножеви* за разлика од копјата се застапени во помал број. На некрополата Дебој во гробните описи е забележано дека се откриени вкупно 6 примероци. Успеавме да идентификуваме два примерока и тоа во гробовите со бр. 100 (Т.XXX, 7) и 144 (Т.XLIV, 8). Овие примероци припаѓаат на една локална варијанта на

---

[216]В.Лахтов, op.cit., стр.24, Т VII-1,2 и 3;П. Кузман, op.cit.,стр. 29, Т Б-5; В. Маленко, op.cit., стр. 142, сл 15-16.
[217]В.Лахтов, op.cit., стр. 24-25, Т. VII, 1 и 3; стр. 35, Т XIV,5; стр. 53, Т XXIV-3.

криви ножеви која се појавува на територијата на античка Дарданија и соседните илирско-македонски области. Овие ножеви се карактеризираат со печуркаст завршеток на дршката и скоро триаголен облик на сечилото. И во рамките на оваа локална варијанта има два типа, кои се издвојуваат по специфичниот облик на сечилото и тоа:

1. сечило со лачно извиена долна ивица (која е и ударна)[218]

2. сечило со лачно извиена горна и рамна ударна ивица како што се примероците од гробовите бр. 100 и 144[219].

Димензиите на овие мечеви варираат. Најдолг е мечот од Дебој со 40 см должина, а нешто пократок е оној од Требенишко Кале со 34 см должина на сечилото. Аналогни примероци во охридскиот регион се откриени во некрополите Требенишко кале и Црвејнца.

Според останатите наоди во гробовите во кои се откриени овие ножеви можеме пошироко да ги датираме од III до почетокот на II век.

Големата концентрација на мечевите од групата 2 во охридскиот базен, го прави овој регион потенцијален центар за изработка на оваа група, од каде подоцна е прифатен во блиските илирски територии.

*Долгите мечеви* од т.н. келтски тип исто така се составен дел од гробниот инвентар на некрополата. Обично нивната појава се поврзува со келтските наезди на Балканскиот полуостров. Но контекстот во кои се откриени на оваа некропола ни дава една поинаква можност за интерпретација на нивното присуство на некрополата. Имено тие се приложени како гробен прилог во гробови на воини кои се погребани според погребните обичаи на локалното население. Тоа не треба да не изненадува, ако се знае дека во редовите на македонската војска, особено во времето на Антигон Гонат, имало значителен број келтски платеници.[220]

Според теренските описи на некрополата се откриени пет вакви мечеви. Но ние успеавме да идентификуваме три од нив. Тие припаѓаат на гробовите со бр. 114 (Сл.6-1), 144 (Сл.6-2) и 156 (Сл.6-3). Станува збор за долги мечеви со две сечила изработени од железо. Димензиите на мечот од гроб бр. 114 изнесуваат: должина 80,5 см, ширина 4,95 см. На мечот по неговата средина се забележува раб кој ги раздвојува двете сечила, а врвот завршува шилесто. Рачката на мечот е изработена од истото парче

[218] Parović-Pešikan M. 1982, стр. 39-40
[219] Parović-Pešikan M. 1982, стр. 30-41
[220] F.W. Walbank, Macedonia and Greece,CAH,vol.VII part. 1

метал како и сечилото и има плосната конусна форма. Нејзината должина изнесува 7,5 см, а ширината е 1,7 см. На сечилото се забележуваат прилепени остатоци од корицата која е фосилизирана. Мечот е во доста лоша состојба и не може да се види дали има некоја дополнителна декорација, а со тоа и да се направи подетална анализа. Според останатите наоди во гробот овој меч можеме да го датираме во крајот на IV и почетокот на III век п.н.е.

Мечот од гроб бр. 144 е во уште полоша состојба. Неговите димензии изнесуваат: должина 72,5 см, ширина 2, 5 см. Мечот е изработен од железо, има две сечила, а врвот завршува шилесто. Како и кај претходно опишаниот меч и овде рачката е изработена од истото парче метал како и сечилото и има плосната конусна форма. Димензиите на рачката се: должина 7,5 и ширина 0,8 см. И на овој меч во прделот на сечилото се забележуваат прилепени остатоци од корицата која е фосилизирана. Според останатите наоди од гробот, мечот можеме хронолошки да го поставиме во средината на III век п.н.е.




Сл. 6 Долги мечеви од т.н. Келтски тип

Третиот меч кој е откриен во гробот бр.156 исто како и претходните два меча е изработен од железо, има две сечила, а врвот исто така завршува шилесто. Неговите

димензии изнесуваат: должина 71,5 см, ширина 4,95 см. Како и кај претходно опишаните мечеви и овде рачката е изработена од истото парче метал како и сечилото но сега нејзината форма е плосната и правоаголна. Димензиите на рачката се: должина 7,5 и ширина 1,5 см. И на овој меч во прделот на сечилото се забележуваат прилепени остатоци од корицата која е фосилизирана. Овој меч може точно да го датираме со монетата на Антигон Гонат (277/6-239) која е откриена во истата гробна целина.

Ваков тип на меч е откриен и на пунктот кај Горна Порта на истата некропола во гробот бр. 58, заедно со останатата опрема на келтски воин како железен шлем, копје и умбо од овален штит.[221] Овој меч како и примероците од некрополата Дебој се датира во првата половина на III век п.н.е., поточно во Laten C1 според средно-европската хронологија.

На останатите некрополи од хеленистички период во Охридскиот регион и пошироко во Р.Македонија не се познати аналогни наоди на овој тип мечеви.

## Монети

Во антиката, монетите претставуваат еден вид на уметничко дело. Но, покрај несомнената уметничка вредност, монетите од денешен аспект, претставуваат значаен извор на информации за културно-историскиот, политичкиот и секако за економскиот живот во антиката.

Иконографијата на монетите, била грижливо избирана и таа во најголем дел соодветствува со областа во која тие се употребуваат. Такакако претстави на монетите, се среќаваат фигури или глави на богови или херои, животни и растенија типични за некоја област, локални митолошки теми, преку кои добиваме значајни информации за верувањата на луѓето. Монетите имале и пропагандна функција и затоа на голем дел од претставите на монетите се прикажани грбовите на градовите - држави, преку кои се искажувал статусот на полисот, обележјата на некоја област, преку кои се искажувала нејзината афтономија или портрети на владетелите, со кои се изразувала нивната легитимност.

Од археолошка гледна точка, монетите се непроценлив извор за прецизно хронолошко датирање на одредени археолошки појави. Тие се неизоставен дел од

[221] M.Guštin,P.Kuzman,V.Malenko, Ein keltischer Krieger in Lychnidos Ohrid, Mazedonien, Folia archaeologica Balcanica II,Skopje 2011, str.181-196.

археолошкиот инвентар на локалитетите. Монетите се застапени како гробен прилог и на некрополата Дебој. Оваа појава на ставање монети како гробен прилог започнува во гробовите од хеленистичкиот период на некрополата, кога најверојано се прифаќа како одреден ритуал. Ги има кај сите категории на покојници. Карактеристично за монетите е тоа што во сите случаи каде се среќаваат како гробен прилог тие се наоѓаат во десната дланка на покојникот. Ова унифицирано правило, монетата да се наоѓа во десната дланка можеби е установено со цел покојникот да биде спремен да му плати на Харон за своето патување кон подземниот свет.

Сите монети откриени на некрополата Дебој се бронзени. Вкупно се откриени 37 монети. Во каталогот ќе бидат претставени само монетите кои по конзервација можат да се идентификуваат.

Хронолошки најстара монета е онаа кована за време на владеењето на Филип II (359-336).Се работи за бронзена монета од типот Аполон со тенија кон лево/коњаник во трчање кон десно. Во пределот над коњаникот се забележува натпис ΦΙΛΙΠΠΟΙ(К.Б.1). Иако е вонгробен наод ова монета е доста занчајна затоа што претставува хронолошки најран примерок откриен на некрополата Дебој. Воедно монетата ни укажува дека веднаш по присоединувањето на овој регион кон македонското кралство од страна на Филип II, во истиот започнала и циркулацијата на монетите ковани за време на неговото владеење.

Најзастапени се монетите ковани во времето на Антигон Гонат (277/6-239). Од вкупно 22 монети колку што ќе бидат обработени во овој труд, 16 примероци припаѓаат на овој владетел. Големото присуство на монетите на овој крал во регионот е забележано и претходно.[222]На некрополата Дебој можат да се издвојат два главни типа на монетите од Антигон Гонат. Едниот тип е Глава на Атина со коринтски шлем кон десно/ пан надесно подига трофеј (К.Б. 3, 5, 6, 7, 8, 10, 13, 17, 19, 20, 21, 22). На другиот тип е претставен Херакле со лавовска кожа кон десно/ коњаник во трчање надесно под кој се забележува монограм (К.Б. 2, 11, 15, 18). Монетите воглавно се откриени во гробни целини и претставуваат значаен податок за точно датирање на истите, но и за попрецизно хронолошко определување на останатите наоди кои се откриени во гробните целини заедно со овие монети. Големото присуство на монетите на овој македонски крал во регионот веројатно се должи на тоа што тој успеал да ја зацврсти својата власт на овие простори за време на неговото долго владеење. Оваа зголемена

[222]В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987,91.

циркулација на монетите на Антигон Гонат за разлика од незначајниот број на монети на Илирските кралеви откриени во охридскиот регион, претставува уште еден факт со кој се отфрла мислењето наодредени истражувачи дека овој крај бил под управа на овие Илирските кралеви.[223]

Освен монетите на македонските кралеви на некрополата Дебој се откриени и три монети на коркирските колонии на илирскиот брег, Аполонија и Дирахион. Од овие монети два примерока претставуваат бронзени емисии на Аполонија. Едната монета е од типот - Глава на Аполон кон лево/ Обелиск во венец (К.Б. 4), додека втората монета е од типот – Глава на Артемида надесно/ Триножник (К.Б.14). Третата монета припаѓа на градот Дирахион. Таа е од типот- Глава на Зевс надесно/ триножник (К.Б.12) и претставува најчестиот тип на бронзени монети од овој град во охридскиот регион.[224]Нивното присуство во регионот е и порано забележано и не треба да не зачудува.[225] Тоа најверојатно е мотивирано од зголемените економски врски меѓу овие градови и охридскиот регион кои се чуствуваат во текот на III век п.н.е. и покасно. Истотого забележавме и при обработката на останатите наоди од некрополата, особено керамиката.

За разлика од зголеменото присуство на монети на овие два града, евидентно е отсуството на монетите на македонските градови. Тие на некрополата се застапени со еден примерок. Се работи за бронзена монета на градот Амфиполис од типот- Глава на Атина со коринтски шлем надесно/Орел со затворени крила (К.Б.16). Ваквата појава веројатно е резултат на положбата на регионот кој природно гравитира кон Јадранскиот брег.

На крај останува да ја претставиме уникатната монета, која покрај големата нумизматичка вредност има и исклучителна историскаважност. Се работи за бронзената монета кована од страна на Дасаретите (К.Б. 9). Монетата била откриена со заштитните ископувањата на некрополата во далечната 1978 година. Но бидејќи не била навремено конзервирана, нејзина идентификација не беше можна. При конзервирањето на материјалот заради негова обработка што е една од целите на овој труд, беа конзервирани и монетите.[226] Тогаш увидовме дека се работи за уникатен примерок. Во меѓувреме во рамките на големите систематски истражувања на

[223]Ф.Папазоглу, Монографија Охрид,83;П. Кабан, За Илирите од Бардилис до Гентиј, Скопје,1996.
[224]В. Битракова Грозданова, op.cit.,стр.92.
[225]Ibid.
[226]Тука сакам да ја искажам мојата благодарност до конзерваторите Климент и Билјана Балеви заради својата професионалност и посветеност во конзервирањето на материјалот од некрополата Дебој, што за мене претставуваше огромна помош.

локалитетот Плаошник се открија уште три бронзени монети ковани од Дасаретите. Два од овие примероци се од истиот тип, додека третиот е од друг тип.[227]Заедно со монетата од некрополата Дебој сега ни се познати четири примероци ковани од ова племе.

За жал оваа монета не е откриена во затворена гробна целина со што се отежнува нејзината хронолошка определба. Бидејќи се работи за уникатен примерок приморани сме да се користиме со анализа на претставите на монетата и со нивна компарација со досега познати слични монети, како и со повторно анализирање на геополитичките услови кои довеле до нејзино појавување. На аверсот на монетата е претставена глава на Зевс-Амон, со својата препознатлива иконографија. Косата и брадата се претставени со изразени кадрици. На главата носи ловоров венец, додека во пределот околу ушите се претставени неизбежните свиени овнови рогови. На реверсот е претставен дабов венец во чиј централен дел се наоѓа крилата молња и натпис со името на племето ΔΑΣΣΑ-ΡΗΤΙΩΝ. Барајќи аналогни примероци на оваа монета не требаше да одам далеку. Имено, монета со неверојатно слична иконографија кова Епиротската лига (234-168 г.п.н.е.).[228] Како претстава на оваа монета се јавува глава на Зевс надесно / крилата молња во дабов венец и секако натпис ΑΡΕΙ-ΡΩΤΑΝ. Како што може да се забележи разликата меѓу двете монети е минимална. Сега се поставува прашањето: Дали можеме да ја користиме оваа хронолошката рамка и за Дасаретските монети? Јас мислам дека постојат елементи за такво нешто. Најпрвин предлагам да ги разгледаме историските услови во кои се наоѓа регионот во ова раздобје. Како што претходно кажавме охридскиот регион е лоциран меѓу трите соседни кралства Македонското, Епирското и Илирското. Заради својата исклучителна стратешка позиција регионот бил под управа на едно од овие кралства, се разбира во зависност од нивната моќ. Во еден доста кус период во две од овие кралства, Епирското и Македонското, доаѓа до смена на власта, иницирана со смрт на кралевите. Најпрвин во 242 г.п.н.е. умира Александар II од Епир, по што доаѓа до формирање на Епиротската лига која започнува да кова своја монета која претходно ја опишавме. Потоа, во 239 г.п.н.е умира Антигон Гонат, и по неговото долгогодишно владеење го наследува неговиот син Деметриј II. Во овој период станале актуелни дејствијата на лигата на Ајтолците и лигата на Ахајците. Од друга страна Деметриј дошол во судир со

---

[227]Монетите од лок. Плаошник не се публикувани, но информациите за нив ги добивав како член на екипата којаги вршеше истражувањата.
[228] SNG Cop.128; BMC 46-47.

